ЕВРОПСКА КОМИСИЈА

Брисел, 6.10.2020 година
СВД(2020) 351 конечна верзија

**РАБОТЕН ДОКУМЕНТ НА СЛУЖБИТЕ НА КОМИСИЈАТА**

# Извештај за Северна Македонија за 2020 година

***во прилог на***

**Комуникацијата на Комисијата до Европскиот парламент, Советот, Европскиот економско-социјален комитет и Комитетот на регионите**

**Комуникација за Политиката за проширување на ЕУ за 2020 година**

{КОМ(2020) 660 конечна верзија} – {СВД(2020) 350 конечна верзија} – {СВД(2020) 352 конечна верзија} – {СВД(2020) 353 конечна верзија} – {СВД(2020) 354 конечна верзија} – {СВД(2020) 355 конечна верзија} – {СВД(2020) 356 конечна верзија}

# Содржина


1. Вовед ..... 4
1.2. Контекст ..... 4
1.2. Резиме на извештајот ..... 5
2. „ОСНОВИТЕ“: Поглавјата политички критериуми и владеење на правото ..... 9
2.1. Функционирање на демократските институции и реформата на јавната администрација 9
2.1.1. Демократија ..... 9
2.1.2 Реформа на јавната администрација ..... 15
2.2 Владеење на правото и фундаментални права ..... 19
2.2.1 Поглавје 23: Правосудство и фундаментални права ..... 19
2.2.2 Поглавје 24: Правда, слобода и безбедност ..... 42
3. „ОСНОВИТЕ“: економски развој и конкурентност ..... 56
3.1. Постоење на функционална пазарна економија ..... 57
3.2. Капацитет за справување со конкурентскиот притисок и пазарните сили во Унијата ..... 65
4. Ддобрососедски односи и регионална соработка ..... 68
5. Способност за преземање на обврските од членството ..... 70
5.1 Поглавје 1: Слободно движење на стоки ..... 70
5.2 Поглавје 2: Слободно движење на работниците ..... 72
5.3 Поглавје 3: Право на основање и слобода на давање услуги ..... 73
5.4 Поглавје 4: Слободно движење на капитал ..... 74
5.5 Поглавје 5: Јавни набавки ..... 76
5.6 Поглавје 6: Право на трговски друштва ..... 78
5.7 Поглавје 7: Право на интелектуална сопственост ..... 79
5.8 Поглавје 8: Политика на конкуренција ..... 80
5.9 Поглавје 9: Финансиски услуги ..... 82
5.10 Поглавје 10: Информатичко општество и медиуми ..... 83
5.11 Поглавје 11: Земјоделство и рурален развој ..... 85
5.12 Поглавје 12: Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика ..... 87
5.13 Поглавје 13: Рибарство ..... 89
5.14 Поглавје 14: Транспортна политика ..... 90
5.15 Поглавје 15: Енергетика ..... 91
5.16 Поглавје 16: Оданочување ..... 94
5.17 Поглавје 17: Економска и монетарна политика ..... 95
5.18 Поглавје 18: Статистика ..... 96
5.19 Поглавје 19: Социјална политика и вработување ..... 98
5.20 Поглавје 20: Претпријатија и индустриска политика ..... 101
5.21 Поглавје 21: Трансевропски мрежи ..... 102
5.22 Поглавје 22: Регионална политика и координација на структурни инструменти ..... 104
5.25 Поглавје 25: Наука и истражување ..... 105
5.26 Поглавје 26: Образование и култура ..... 107
5.27 Поглавје 27: Животна средина и климатски промени ..... 109
5.28 Поглавје 28: Заштита на потрошувачи и здравствена заштита ..... 112

5.29 Поглавје 29: Царинска унија ... 114
5.30 Поглавје 30: Надворешни односи ... 115
5.31 Поглавје 31: Надворешна безбедносна и одбранбена политика ... 116
5.32 Поглавје 32: Финансиска контрола ... 118
5.33 Поглавје 33: Финансиски и буџетски одредби ... 121
АНЕКС I – ОДНОСИ ПОМЕЃУ ЕУ И СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ... 123

# 1. Вовед

## 1.2. Контекст

Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) помеѓу Република Северна Македонија и ЕУ влезе восила во април 2004 година. Од 2009 година, Комисијата постојано му препорачува на Советот да ги отвори преговорите за пристапување со Северна Македонија, земја кандидатка од 2005 година. Во своите заклучоци од јуни 2018 година, Советот го потврди постигнатиот напредок и го утврди патот кон отворање на преговорите за пристапување во јуни 2019 година. Во согласност со заклучоците на Советот, Комисијата започна со подготвителната работа, вклучително и преку техничко објаснување на поглавјата од правотона ЕУ. Земајќи го предвид постигнатиот напредок и условите едногласно утврдени од Советот во јуни 2018 година, Комисијата препорача да се отворат преговорите за пристапување во мај 2019. Во јуни 2019 година, Советот ја одложи својата одлука до не подоцна од октомври 2019 година. Европскиот совет одлучи во октомври 2019 година да „се врати на прашањето за проширување пред самитот ЕУ-Западен Балкан во Загреб во мај 2020 година".

Комисијата продолжи внимателно да го следи развојот на настаните во Северна Македонија и објави во март 2020 година дека Северна Македонија ги зголемила своите напори и испорачаладополнителниконкретни и одржливи резултати во клучните области идентификувани во заклучоците на Советот од јуни 2018 година, како што се правосудството, борбата против корупцијата и организираниот криминал, реформата на разузнавачките служби и реформата на јавната администрација. Во своето ажурирање за Северна Македонија објавено во март 2020 година, Комисијата потврди дека основите на препораката на Комисијата за отворање напреговорите за пристапување со Северна Македонија во 2019 година остануваат важечки. На 26 март 2020 година, Европскиот совет ја одобри одлуката на Советот за отворање на преговорите за пристапување со Северна Македонија[1]. Органите продолжија јавно да ја покажуваат нивната посветеност за напредок на нивниот пат кон ЕУ.

Пандемијата на КОВИД-19 е глобален шок што не го поштеди ниту Западен Балкан. Конечната штета во смисла на загуба на човечки животи и на економијата е сè уште тешко да се процени, но раните процени предвидуваат пад од 4 до 6% од бруто домашниот производ (БДП) во регионот. Илјадници граѓани се изложени на ризик да останат без работа, а привремените владини мерки за поддршка (придобивки за невработеност, одложувања/откажувања од даночни придонеси и придонеси за социјално обезбедувањеитн.) имаат важно фискално влијание.

И покрај тоа што самата ЕУ е силно погодена од пандемијата, таа не штедеше ниту време ниту напор да обезбеди суштинска и огромна поддршка на Западен Балкан. Ова вклучува финансиска поддршка од над 3,3 милијарди ЕУР за земјите во регионот за справување со непосредната здравствена криза и произлезените хуманитарни потреби, како и подолгорочно и структурно влијание врз нивните општества и економија. Со оглед на европската перспектива на Западен Балкан, ЕУ, исто така, го третира регионот како привилегирани партнери, поврзувајќи ги нив со механизмите и со инструментите на Унијата. Тука спаѓаат Комитетот за здравствена заштита, Заедничките договори за јавни набавки, Механизмот за цивилна заштита на Унијата, Фондот за солидарност, конзуларната помош при репатријација или ослободување од привремените

[1]https://www.consilium.europa.eu/media/43076/26-vc-euco-statement-en.pdf

ограничувања на извозот на медицинска опрема во ЕУ. Овие и другите мерки обезбедија непосредно олеснување и се јасна порака за политичката посветеност на ЕУ кон регионот.

Поради епидемијата на КОВИД-19, претседателот на Републиката прогласи вонредна состојба од март до јуни 2020 година. Беа воведени рестриктивни мерки за заштита на граѓаните и спречување на пандемијата (на пр. полициски час, ограничување на несуштинско движење или собири, замрзнување на воздушниот сообраќај и затворање на границите, суспендирање на процедуралните рокови во судските постапки и премин кон онлајн образование). Овие мерки беа постепено отстранети од почетокот на мај, со трифазен план. Органите, исто така, презедоа мерки за ублажување на социо-економското влијание на кризата. Во летото, земјата се бореше со вториот бран на инфекции, што сериозно ги оптоваруваше капацитетите на здравствениот систем.

Европската комисија препорача итните мерки преземени во контекст на пандемијата на КОВИД-19 да се пропорционални, ограничени на она што е неопходно и ограничени вовреме за да се почитуваат владеењето на правото и стандардите на демократските и човековите права.

## 1.2. Резиме на извештајот

Во однос на **политичките критериуми**, Северна Македонија продолжи да ги спроведува реформите поврзани со ЕУ во текот на целиот извештаен период. Продолжија напорите за зајакнување на демократијата и владеење на правото, вклучително и со активирање на постојните механизми на контроли и рамнотежи и преку дискусии и дебати за клучните политички и законодавни прашања. Опозициските партии останаа ангажирани во Собранието и ги поддржаа клучните прашања од заеднички национален интерес, како што се реформите поврзани со ЕУ и процесот на интеграција во НАТО алијансата, кон која Северна Македонија се приклучи во март 2020 година. По исходот од Европскиот совет во октомври 2019 година, политичките партии со заеднички договор одлучија парламентарните избори да се одржат на 12 април 2020 година. Во согласност со националното законодавство, во јануари 2020 беше назначена техничка влада, со министри и заменици министри од главната опозициска партија. По избувнувањето на пандемијата на КОВИД-19, во периодот меѓу март и јуни 2020 година е прогласена состојба на вонредна состојба, со што се овозможи техничката влада да владее со декрет. Предвремените парламентарни избори беа одложени за јули 2020 година. Канцеларијата за демократски институции и човекови права при Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ / ОДИХР) оцени дека овие избори биле генерално добро водени и кампањата била вистински конкурентна, но легалната стабилност била поткопана со значителни ревизии на законската рамка и последователните декрети на Владата. За време на извештајниот период, Собранието ја подобри својата улога како примарен форум за конструктивен политички дијалог и ги исполни своите законодавни функции, вклучително и со усвојување на клучни закони поврзани со ЕУ. Сепак, значителното зголемување на употребата на брзи постапки предизвикува загриженост и треба да биде ограничено. Собранието работеше со поголема транспарентност и ги користеше своите надзорни функции, враќајќи го механизмот на контроли и рамнотежи над извршната власт. Собранието се самораспушти во февруари 2020 година, во пресрет на предвремените избори и ставот на претседателот на Собранието беше дека не може да се свика повторно. По изборите во јули 2020 година, новоконституираното Собрание ја избра владата во август 2020 година. Меѓуетничката ситуација остана мирна во целина. Беа направени напори да се зајакнат меѓуетничките односи и да се спроведе

Охридскиот рамковен договор, со кој се стави крај на конфликтот во 2001 година и се обезбедува рамка за зачувување на мултиетничкиот карактер на општеството.

Граѓанското општество останува активно и игра клучна улога во политиките и процесите на донесување одлуки. Преземени се мерки за спроведување на Стратегијата и Акцискиот план 2018-2020 за соработка помеѓу Владата и граѓанското општество. Сепак, потребни се напори за да се обезбеди позначаен и навремен процес на консултации.

Тековната реформа на разузнавачките служби резултираше со формирање на Националната агенција за безбедност во септември 2019 година, замислено како независно државно тело без полициски овластувања, за разлика од неговиот претходник Бирото за безбедност и контраразузнавање (УБК). Ова е во согласност со препораките на Групата високи експерти за системски прашања за владеење на правото. Оперативната техничка агенција продолжи да функционира. Потребни се дополнителни напори за да се осигури дека истата има пристап до сите потребни алатки за исполнување на својот мандат. Треба да се зајакне капацитетот за собраниски надзор над разузнавачките служби.

Северна Македонија е умерено подготвена во однос на реформата на својата **јавна администрација**. Постигнат е одреден напредок во подобрувањето на транспарентноста, со усвојување на Стратегијата за транспарентност 2019-2021, операционализација на отворениот портал за податоци на Владата и објавување на податоци за државните трошоци. Извештаите за мониторинг за спроведување на Стратегијата за реформа на јавната администрација и Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии беа изготвени и придружени со соодветни активности за видливост. Обезбедувањето почитување на принципите на транспарентност, заслуги и правична застапеност останува суштинско. Државната комисија за спречување на корупција продолжи да ги решава наводите за непотизам, блискост и политичко влијание во процесот на вработување во јавниот сектор. Треба да се осигури соодветно следење на извештаите и препораките од Државната комисија.

**Судскиот систем** на Северна Македонија има одредено ниво на подготовка / е умерено подготвен. Имаше добар напредок во спроведувањето на стратегијата за реформа на судството, притоа решавајќи ги „Итните реформски приоритети" и препораките од Венецијанската комисија и Групата високи експерти за системски прашања за владеење на правото. Сè уште се потребни напори за да се обезбеди систематско спроведување на ажурираниот акциски план на стратегијата за судски реформи. Судските институции спроведуваат нови правила за назначување, унапредување, дисциплина и разрешување на судии, а Судскиот совет поактивно ја извршува својата улога. Како резултат на нејзините реформски напори во последниве години, Северна Македонија ги воспостави механизмите за обезбедување независност и одговорност на судството, како што се правила за назначувања засновани врз заслуги, проверка на имотот и судир на интереси и дисциплински постапки. Треба да се обезбеди нивна решителна и доследна употреба пред да се создадат дополнителни промени во оваа област. Законот за јавно обвинителство стапи на сила во јуни 2020 година. Целта на законот, меѓу другото,е да обезбеди одржливо решение за случаите на Специјалното обвинителство и да утврди одговорност за злосторствата што произлегуваат од и околу незаконските прислушувања. Донесен е и ревидираниот Закон за Советот на јавни обвинители. Ефективното спроведување на законската рамка, како и зголемените напори на сите засегнати страни да покажат дека служат за пример, ќе придонесат за зголемување на довербата на јавноста во судството.

Во поглед на **борбата против корупцијата,** Северна Македонија има одредено ниво на подготовка / е умерено подготвена. Постигнат е добар напредок преку консолидирање на учинокот за истражување, гонење и судење случаи на корупција на високо ниво. Државната комисија за спречување на корупцијата е особено проактивна во спречувањето на корупцијата и отвори голем број случаи, вклучително и оние во кои се вклучени високи функционери од целиот политички спектар, во согласност со минатогодишната препорака. И понатаму продолжуваат напорите со случаите на Специјалното обвинителство и утврдување одговорност за нелегалните прислушувања. Поранешната главна специјална обвинителка беше осудена во јуни 2020 година во првостепената пресуда за таканаречениот случај „Рекет“ во врска со наводно изнудување и злоупотреба на службената положба поврзана со случајот на Специјалното обвинителство. Корупцијата е распространета во многу области и треба да се обезбеди поактивен пристап од сите чинители кои се занимаваат со спречување и борба против корупцијата.

Земјата има одредено ниво на подготовка во **борбата против организираниот криминал.** Законодавната рамка е во голема мера во согласност со европските стандарди и мора да продолжат напорите за спроведување стратегии против организираниот криминал. Постигнат е одреден напредок во исполнувањето на минатогодишната препорака за формирање Канцеларија за поврат на имот во согласност со правото на ЕУ. Канцеларијата сега ќе мора да го покаже својот капацитет за поддршка на проактивна политика за конфискација на средства. Земјата е вклучена во проценка на закана на регионално ниво и ќе мора да го прошири својот опсег во согласност со практиките на ЕУ. Има одреден напредок на оперативно ниво, но треба да се стори повеќе за да се подобри ефикасноста на спроведувањето на законот во борбата против специфични форми на криминал, како што се перење пари и финансиски криминал. Соработката со Европол се зголемува низ различни кривични области. Координацијата останува клучна за сите засегнати страни вклучени во борбата против организираниот криминал.

Постигнат е одреден напредок во борбата против тероризмот и спречување / борбата против насилниот екстремизам во согласност со целите утврдени во Заедничкиот акциски план за борба против тероризмот за Западен Балкан и билатералниот аранжман за спроведување.

Правната рамка за заштита на **фундаменталните права** во голема мера е во согласност со европските стандарди. Процесот на деинституционализација е во тек и се спроведува преселување на деца во системот на грижа на ниво на заедницата. Министерството за труд и социјална политика инвестира во услуги на заедницата, вклучително и за поддршка на жртвите на родово насилство. Од суштинско значење е овие услуги да продолжат да бидат достапни. Потребни се дополнителни напори за решавање на препораките на европските и меѓународните тела за човекови права, особено во врска со третманот на притворени и осудени лица. Одлуката на Уставниот суд за укинување на Законот за спречување и заштита од дискриминација на процедурална основа значи дека на земјата во моментов ѝ недостига една сеопфатна законска рамка за недискриминација и тело за еднаквост. Овој сериозен јаз треба да го реши новиот законодавен дом. Исто така е важно за земјата да го зајакне спроведувањето на законодавството за говорот на омраза и националниот акционен план за спроведување на Истанбулската конвенција. Додека поставувањето надворешен механизам за надзор на полицијата е завршено, отсуството на вистински независни истражители може да ја попречи работата на единицата за ефикасно решавање на неказнивоста на полицијата. Земјата треба да

преземе итни мерки за понатамошно подобрување на состојбата во затворите и да ги поддржи алтернативите на притвори.

Земјата има одредено ниво на подготовка / е умерено подготвена во областа на **слободата на изразување** и оствари ограничен напредок во текот на извештајниот период. Целокупната состојба и климата во која дејствуваат медиуми остануваат генерално погодни за слободата на медиумите и овозможуваат критичко медиумско известување, иако имаше некои зголемени тензии за време на кризата со КОВИД-19 и во контекст на изборите. Потребно е да се интензивираат напорите за саморегулација за да се поддржи напредувањето во професионалните стандарди и квалитетот на новинарството. Важно е да се обезбеди поголема транспарентност на рекламирањето во медиумите од страна на државните институции, политичките партии и јавните претпријатија. Потребни се одржливи решенија за да се обезбеди независност на јавниот радиодифузен сервис, професионалните стандарди и финансиската одржливост. Од суштинско значење е да се продолжи со поддршка на плурализмот во медиумите, промовирањето професионализам, непристрасно известување и истражувачко новинарство и градење

отпорност за ефикасна борба против дезинформациите. Финансиската одржливост на независните медиуми и условите за работа на новинарите остануваат предизвик.

Во однос на **регионалната соработка,** земјата ги задржа своите добри односи со другите земји од проширувањето и учествуваше активно во регионални иницијативи. Важно е да се продолжи со спроведувањето на билатерални договори, вклучително и Договорот од Преспа и Договорот за добрососедски односи со Бугарија.

Северна Македонија продолжува да игра активна и конструктивна улога во управување со **мешаните миграциски текови.** Останува на една од главните транзитни рути за мешано движење. Ефикасно соработува со соседните земји и земјите членки на ЕУ, вклучително и со распоредените офицери (гости офицери) од земјите членки на ЕУ на теренот. Продолжуваат значителните напори за да се обезбедат основни услови за живот и услуги за сите мигранти кои престојуваат во земјата. Подобрено е пријавувањето на мигрантите и соодветна заштита на профилирање чувствителни податоци, но треба да се спроведе на посистематски начин. Сè уште не е потпишан Договорот за статус со Европската агенција за гранична и крајбрежна стража. Треба дополнително да се реши проблемот со честите шверцерски активности на северната граница.

Во поглед на **економските критериуми,** Северна Македонија е на добро ниво на подготовка за развој на функционална пазарна економија, но постигна ограничен напредок за време на извештајниот период. Економскиот раст се забрза во 2019 година со зголемувањето на инвестициите, но, од април 2020 година, кризата со КОВИД-19 остави свој белег врз економијата и јавните финансии. Властите презедоа низа мерки за поддршка на компаниите и домаќинствата, за да го ублажат економското и социјалното влијание на кризата. Во извештајниот период, фискалната транспарентност беше дополнително подобрена. Сепак, фискално значајните реформи во оданочувањето на приходот и пензискиот систем, спроведени на почетокот на 2019 година, забележуваат назадување. Покрај тоа, спроведувањето на јавните капитални трошоци остана значително мало, а стабилизацијата на јавниот долг сè уште не е обезбедена. Пред кризата со КОВИД-19, стапките на невработеност дополнително се намалија, исто така и кај младите работници, а неформалното вработување опадна малку. Сепак, влијанието на кризата со КОВИД-19 веројатно ќе ги сврти тие позитивни трендови. Стапките на учество остануваат ниски, иако учеството на жените се зголеми на пазарот на трудот. Финансискиот сектор оствари силна финансиска помош, а кредитирањето на приватниот

сектор беше зајакнато. Деловното опкружување продолжува да биде попречено од високиот удел на неформалната економија.

Северна Македонија постигна одреден напредок и е умерено подготвена да се справи со конкурентските притисоци и пазарните сили во рамките на ЕУ. Интеграцијата во ЕУ во однос на трговијата и инвестициите дополнително се продлабочи. Извозот и индустриското производство дополнително се прошириja кон производи со повисока вредност. Сепак, недостигот на вештини, што е одраз на недостатоците во образовниот систем и одливот на квалификувани работници, како и јазот во инвестиции во инфраструктурата, ја нарушуваат продуктивноста на трудот и конкурентноста на економијата. Додека мерките за ублажување на непосредното негативно влијание на кризата со КОВИД-19 врз растот и вработеноста се многу раширени, навремено решавање на овие структурни потреби би го поддржало брзото посткризно економско закрепнување.

Во поглед на способноста да ги преземе **обврските за членство,** земјата продолжува да биде умерено подготвена во повеќето области, вклучително и во областите на конкурентност, јавни набавки, статистика, финансиска контрола, транспорт, енергија. Земјата покажува добро ниво на подготовка во области како што се право на трговски друштва, царинска унија, трансевропски мрежи и наука и истражување. Земјата е во рана фаза на подготовки во областите како што се слободно движење на работници, како и финансиски и буџетски одредби. Во текот на наредниот период, потребен е поголем фокус и на административниот капацитет и ефективното спроведување. Земјата продолжи да ја подобрува својата усогласеност со заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ.

## 2. „Основи“: поглавјата политички критериуми и владеење на правото

### 2.1. Функционирање на демократските институции и реформата на јавната администрација

#### 2.1.1. Демократија

Извештајниот период беше обележан со историската одлука за отворање на преговорите за пристапување со ЕУ и со пристапувањето во НАТО. Северна Македонија ги зголеми своите напори и продолжи да дава конкретни резултати во спроведувањето на клучните реформи на ЕУ, особено во областите идентификувани во заклучоците на Советот од јуни 2018 година[2]. Продолжија напорите за зајакнување на демократијата и владеењето на правото, вклучително и со активирањето на постојните контроли и рамнотежи и покрај широкото јавно опфаќање, дискусии и дебати за клучните политички и законодавни прашања. Опозициските партии останаа ангажирани во Собранието, а најголемата опозициска партија ѝ се приклучи на техничката влада од јануари до јули 2020 година. Поради епидемијата на КОВИД-19, претседателот на Републиката прогласи вонредна состојба од март до јуни 2020 година. Беа преземени мерки за заштита граѓаните и спречување на пандемијата.

**Избори**

[2]https://www.consilium.europa.eu/media/35863/st10555-en18.pdf

Генерално, правната рамка е погодна за организирањето демократски избори. Постигнат е **одреден напредок** во спроведувањето на препораките на ОБСЕ/ОДИХР. Поради појавата на КОВИД-19, предвремените избори првично предвидени за 12 април беа одложени за 15 јули 2020 година. Треба навремено и инклузивно да се финализира сеопфатниот преглед на изборното законодавство за да се спроведат претходните и претстојните препораки на ОБСЕ/ОДИХР и на Венецијанската комисија. Државните институции и тела, особено Министерството за внатрешни работи и Државната изборна комисија, треба да направат понатамошни напори за систематско ажурирање на избирачкиот список.

По исходотна Европскиот совет во октомври 2019 година, сите политички партии одлучија да одржат предвремени парламентарни избори на 12 април 2020 година. Поради неизвесностите од појавата на КОВИД-19 и објавувањето на вонредната состојба во март 2020 година, Владата, поддржана од лидерите на политичките партии, вклучително и опозицијата, донесе одлука со уредба за суспендирање на изборните активности. По долготрајните преговори, беше постигнат договор меѓу политичките партии и предвремените избори беа презакажани за 15 јули 2020 година. Со оглед на рестрикциитепоради пандемијата наКОВИД-19, ОБСЕ/ОДИХР распоредиСпецијална мисија за проценка на изборите. Тимот оцени дека денот на изборите се одвивал без проблеми и покрај техничките предизвици при објавувањето на резултатите и долготрајните проблеми поврзани со регистрација на гласачите. Сепак, постојаните промени во законодавството доведоа до несигурности. Кампањата, иако со негативен тон, беше навистина конкурентна и учесниците можеа да ги изнесат своите пораки и покрај ограничувањата поради состојбата со КОВИД-19. Излезноста беше 51,34%. Коалицијата на СДСМ[3]и Движењето БЕСА доби 46 места во Собранието од 120, ВМРО-ДПМНЕ[4]44 места, ДУИ[5]15 места, Алијансата за Албанците и Алтернатива 12 места, Левица 2 места и ДПА[6]1 место. Бројот на жени пратеници падна на 45 (37,5%), две помалку отколку во претходното Собрание.

Изборите беа добро спроведени, вклучително и од **Државната изборна комисија** (ДИК), која ги извршуваше своите должности во законските рокови и покрај компликациите предизвикани од прекин на изборниот процес за време на вонредната состојба. За да се обезбеди стабилност и професионалност на ДИК, треба да се најде одржливо решение на транспарентен и на инклузивен начин во врска со нејзиниот состав и времетраење на нејзиниот мандат. И покрај подобрувањата на избирачкиот список, релевантните органи треба да вложат понатамошни напори за ажурирање и за усогласување на сите релевантни бази на податоци за да се обезбеди постојаната точност на списокот.

**Правната рамка** го поддржува спроведувањето на демократски избори. Во февруари 2020 година, беа направени значителни измени во Изборниот законик. Овие измени делумно се осврнаа на претходните препораки од ОБСЕ/ОДИХР, особено во врска со регистрацијата на гласачи чии лични карти истекле по објавувањето на изборите и проширувањето на можностите за жалба против повредите за време на кампањата. Ден пред распуштањето на Собранието и повикот за предвремени избори, измените во врска со клучните елементи на изборниот процес, вклучително и границите на

[3]*Социјалдемократскисојузна Македонија*
[4]*Внатрешнамакедонскареволуционернаорганизација–Демократскапартијазамакедонсконационалноединство*
[5]*Демократскаунијазаинтеграција*
[6]*ДемократскапартијанаАлбанците*

изборните единици и прераспределбата на одредени одговорности меѓу изборната администрација и државните агенции, беа донесени набрзина и со ограничени консултации. ОБСЕ/ОДИХР оцени дека правната стабилност била нарушена со суштински ревизии на Изборниот законик и следните *ад хок*прописи донесени за време на вонредната состојба. Реформата на изборното законодавство треба да се финализира пред следниот изборен циклус за спроведување на неизвршенитепрепораки од ОБСЕ/ОДИХР. Овие го вклучуваат,меѓу другото, усогласувањето на Изборниот законик внатрешно како и со други релевантни закони преку сеопфатен и инклузивен преглед.

**Собрание**

Собранието ја подобри својата улога како примарен форум за конструктивен политички дијалог и ги исполни своите **законодавни функции**, вклучително и со донесување клучни закони поврзани со ЕУ. Сепак, употребата на скратената постапка треба да биде ограничена. Собранието продолжи да ги обновува контролите и рамнотежите над извршната власт, користејќи ги неговите **надзорни функции** и со работасо поголема транспарентност. Сите страни придонесоа во два успешни круга на „Дијалогот ЖанМоне" со Европскиот парламент. Продолжи да се утврдува одговорноста за оние кои организираа и извршија насилство на 27 април 2017 година. Собранието ја промовираше заштитата на човековите права и ја продлабочи соработката со надворешните надзорни чинители. Се очекува новатазаконодавнавласт да работи на инклузивен начин за да се надоврзе на претходните постигнувања, истовремено подобрувајќи го нејзиното функционирање. Политичките партии треба да ги зајакнат своите внатрешни демократски процеси и да ја подобрат транспарентноста на нивното финансирање.

Собранието беше распуштено во февруари 2020 година, пред предвремените избори првично планирани за април 2020 година. По појавата на КОВИД-19, ставот на спикерот беше дека Собранието не би можело повторно да се свика и го проследи предлогот на техничката влада за да се прогласи вонредна состојба до претседателот на Републиката. Уставниот суд не го прифати барањето за испитување на законитоста и на уставноста на одлуката за распуштање на Собранието. Недостатокот на седници наСобранието го одложи донесувањето, во многу сектори, на закони и на стратегии што беа подготвени. По изборите во јули 2020 година, конститутивната седница на новото Собрание се одржа во август 2020 година.

За време на извештајниот период, улогата на Собранието како главна институција за **политички дијалог се** подобри, со активно учество на сите парламентарни партии во неговата работа и во политичките дебати за клучните политички и законодавни прашања, вклучително и во областа на владеењето на правото. Продолжи да донесува закони поврзани со ЕУ, со поддршка на опозицијата во некои случаи зашто беа потребни 2/3 мнозинство гласови. Именувањето членови на Програмскиот совет на јавните радиодифузери и Агенцијата за медиуми заостанува бидејќи не може да се постигне меѓупартиски компромис. Позитивно е што е тоа што беше избран државен ревизор во декември 2019 година.

Собранието се соочи со предизвици во подобро планирање и координирање на својата работа за да се обезбеди попредвидлив **процес на донесување закони**. Во текот на извештајниот период, Собранието на своите седници донесе вкупно 86 закони, вклучителнои 22 во редовна законодавна постапка и 11 ратификации, вклучително и ратификувањето на Северноатлантскиот договор. Бројот закони донесени по скратена

постапка, претежно на предлог на пратениците, значително се зголеми за време на извештајниот период, што претставува прашање на загриженост– види *2.1.2. Реформа на јавната администрација.* Треба да има ограничена употреба на брзи постапки бидејќи тие спречуваат правилно учество на релевантните засегнати страни во законодавните процеси и во демократските дебати.

Постигнат е напредок во спроведувањето на Стратешкиот план 2018-2022 на Собранието. Неговиот **надзор** надизвршната власт се подобри, вклучително и преку пратенички прашања и интерпелација. Собранието, исто така, ги зајакна своите односи со надворешните надзорни чинители. Во февруари 2020 година, беше отворенаПарламентарната буџетскаканцеларијаза унапредување на парламентарниот финансиски надзор.

Сите политички партии учествуваа во два круга на **„Дијалогот ЖанМоне“** одржан во јуни 2019 и февруари 2020 година. Во јануари 2020 година, измените на Законот за собрание ја зајакнаа независноста на човечките ресурси на Собранието. Политичките партии постигнаа договор за клучните измени на **Деловникот за работа**, што треба да ги донесе новоформиранотоСобрание. Овие измени вклучуваат правила за конститутивната седница, зајакнат владин надзор, јавни расправи, буџетскиот календар и постапките за законите сознамето на ЕУ.

Собранието помогна да се следи **заштитата на човековите права** и основните слободи. Клубот на жени пратеници поддржа неколку иницијативи за човекови права низ нивната политичка припадност. Собранието донесе и меѓупартиска декларација за правото на лицата со попреченост да учествуваат во политичките процеси.

Продолжи да се утврдува одговорноста за насилните напади во Собранието во **април 2017 година**. Судењето на обвинетите за организирање на нападите започна во февруари 2020 година.

Треба да се продолжи со работата за подобрување на ефикасноста на демократскиот систем, вклучително и транспарентност за **финансирањето на политичките партии,** заедно со препораките на Групата на држави против корупција (ГРЕКО) *–види Поглавје 23 –Правосудство и фундаментални права.* Политичките партии, исто така, треба да ги подобрат своите внатрешни демократски процеси.

**Владеење**

Демократското владеење продолжи да се консолидира, со фокус на агендата за реформи на ЕУ и членството во НАТО. И покрај повремените тензии, техничката влада го исполни својот мандат да организира предвремени избори, истовремено справувајќи се со последиците од пандемијата наКОВИД-19, вклучувајќи и за време на вонредната состојба. Во овој период беа активирани постојните механизми за да се осигурат контроли и рамнотежи, вклучително и од Уставниот суд. Се очекува новата Влада да работи заедно со сите делови на општеството за понатамошно унапредување на реформите и приоритетите на ЕУ, истовремено решавајќи ги последиците од кризата од КОВИД-19. Меѓуетничката состојба остана мирна и продолжија напорите за зајакнување на меѓуетничките односи и за спроведување на Охридскиот рамковен договор.

Се случи реконструкција на Владата, вклучувајќи ги сите коалициски партнери,во летото 2019 година. Ново Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците го замени владиниот Секретаријат за спроведување на Охридскиот рамковен договор. По исходот на Европскиот совет во октомври 2019 година,

претседателот на Републиката свика средба со сите лидери на политичките партии, кои се согласија првично да се одржат предвремени парламентарни избори на 12 април 2020 година.Во согласност сонационалното законодавство, премиерот Заев поднесе оставка и на 3 јануари 2020 година беше именуванатехничка влада, со учеството на двајца министри[7]и тројцазаменици-министри од главната опозициска партија (ВМРО-ДПМНЕ). И покрај повремените тензии, главната одговорност на техничката влада беше да се организираат предвремениизбори при тоа обезбедувајќи го спроведувањето на реформите неопходни за интеграцијата во ЕУ и во НАТО. Вкупна застапеност на жените во техничката влада беше 23%, вклучително министри и заменици-министри. Поради кризата од КОВИД-19, претседателот на Републиката прогласи вонредна состојба од март до јуни 2020 година, со што ѝ се овозможи на техничката влада да владее со уредбипо сила на законот. Беа активирани контролните механизми за време на вонредната состојба, вклучително и од Уставниот суд и од Канцеларијата на народниот правобранител. Уставниот суд суспендираше или поништи неколку уредбиинсистирајќи на поделба на овластувањата, почит на владеењето на правото и начелата на пропорционалност и нужност. Народниот правобранител издаде препораки за заштита на ранливите категории, децата и затворениците и притворените лица.

Новата влада, предводена од премиерот Заев, беше избрана од Собранието во август 2020 година и е составена од четворица вицепремиери и 15 министри. Има четири жени министри (20%).

М**еѓуетничката ситуација** остана генерално мирна. Предизборна коалиција низ етничките линии беше формирана за првпат од СДСМ и Движењето БЕСА. Предлогот на ДУИ за кандидат етнички Албанец за премиер предизвика дебати и во и меѓу етничките заедници. Беше создадена Агенција, заедно со Инспекторат за надзор надсевкупното спроведување на Законот за употреба на јазиците.

Земјата е посветена на **децентрализацијата** уште од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор во 2001 година. Во 2019 година, Општините го подобрија нивното финансиското управување и наплатата на локалните даноци. Владата иницираше, во партнерство со Општините и Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС), процес за реформа на законодавството за системот на локална самоуправа со цел да им се доделат наОпштините дополнителни овластувања и финансиски средства.

**Граѓанско општество**

| |
|---|
| Опкружувањето во коефункционира граѓанското општество продолжи да се подобрува, вклучително и со спроведувањето на Стратегијата2018-2020 и на Акцискиот план за соработка помеѓу Владата и граѓанското општество. Граѓанското општество остана активно и играше клучна улога во процесите на креирање политики и одлуки. Сепак, потребни се напори за да се обезбеди позначаен и навремен процес на консултации. И владините и невладините чинители треба да осигурат дека се утврдени услови за соодветниконтроли и рамнотежи. Правната и финансискарамка треба сè уште да се подобри и да се спроведе во практика. |

Зајакнато граѓанско општество е клучна компонента на секој демократски систем и се препознава како такво од страна на државните институции.

Правната рамка ги гарантира правата на слобода на изразување, собирање и здружување и го отвора патот наопкружувањето за овозможување учество во

[7]МинистеротзатрудисоцијалнаполитиканаВМРО-ДПМНЕбешеразрешенвофевруари2020годинапорадиодбивањетодасеупотребуваноботоименаземјата.Небешепредложеназаменаиместотоостанаиспразнето.

граѓански организации. Од донесувањето на Стратегијата 2018-2020 и на Акцискиот план, постигнат е добар напредок во работата на Советот за соработка помеѓу Владата и граѓанското општество. Состаноците меѓу членовите на Советот се почести. Вклучувањето на граѓанското општество во процесите на креирање политики и одлуки продолжи да се подобрува по донесувањето на Стратегијата 2018-2020 иако се разликувапрактиката меѓу Министерствата. Потребни се дополнителни напори за да се обезбеди позначаен и навремен процес на консултации.

Во Законот за здруженија и фондации се прецизира дека организациите може да добиваат средства од државниот буџет и од буџетите на Општините. Сепак, потребен е адекватен административен капацитет и соодветна организациска поставеност во владината единица за Здруженија на невладини организации, вклучително и доволно државно финансирање за да се обезбеди правилно спроведување на Стратегијата 2018-2020. За да се обезбеди финансиска одржливост и за да се подобри институционалната рамка на организациите на граѓанското општество, треба да продолжи фокусот да се насочува кон воспоставување целосно функционална правна рамка, со спроведување на Стратегијата 2018-2020 и со усогласување на поврзаното фискално законодавство.

**Граѓански надзор над безбедносниот/разузнавачкиот сектор**

Тековната реформа на разузнавачките служби резултираше со формирање Совет за координација на безбедносната разузнавачка заедница кој се состана двапати во 2020 година и, што е најважно, со создавање на Агенцијата за национална безбедност (АНБ) во септември 2019 година. Агенцијата ги заврши своите постапки за вработување. Неговиот мандат е да собира разузнавачки информации за гарантирање на државната безбедност. За разлика од претходниот орган, Управата за безбедност и контраразузнавање (УБК), замислатана АНБ еда биденезависна агенција надвор од рамките на Министерството за внатрешни работи и без полициски овластувања. Ова е во согласност со препораките на Високата експертска група за системски прашања за владеењето на правото. Од суштинско значење е реформата да биде целосно завршена и спроведена, обезбедувајќи непартискоработење на разузнавачките служби. Треба сè уште да се ревидира законодавството со кое се уредува Агенцијата за разузнавање и Воената служба за безбедност и разузнавање.

Оперативната техничка агенција (ОТА) продолжи да функционира. Потребни се дополнителни напори за да се обезбеди дека има пристап до сите неопходни алатки за исполнување на својот мандат.

Парламентарниот надзор над разузнавачките служби е подобрен, особено во областа на следење на комуникациите, но му треба дополнително зајакнување за да биде ефикасен. Релевантнатапарламентарнанадзорна комисија изврши неколку инспекции и посети на релевантните институции поврзани со разузнавачкиот и безбедносниот сектор во 2019 година. Како и да е, постапката за ангажирање технички експерти за помош во работата на Комисијатаво однос на следењето на комуникациите не е завршена, со што се попречува нејзината работа.Треба да се зајакнат капацитетите на сите три разузнавачки Комисии во Собранието.

Претседателот на Советот за граѓански надзор во Собранието и неговиот заменик си поднесоа оставки во јуни 2020 година поради недостаток на финансиски средства распределени на ова тело. Постои итна потреба да се обезбедат потребните ресурси за да се направи Советот целосно функционален. Потребно е да се обезбедиграѓански надзор на безбедносниот/разузнавачкиот сектор бидејќи ова исто така ќе има позитивно влијание врз ублажувањето на јавната недоверба во разузнавачките

институции. Треба брзо да се спроведат сите релевантни закони, во соработка со НАТО и со стратешките партнери.

### 2.1.2 Реформа на јавната администрација

Северна Македонија е **умерено подготвена**во однос на реформата на својата јавна администрација. Постигнат е **одреден напредок** во подобрувањето на транспарентноста, со донесување на Стратегијата за транспарентност 2019-2021, операционализацијата на порталот за отворени податоци на Владата и објавувањето на податоци за владините финансии. Извештаите за следење за спроведување на Стратегијата за реформа на јавната администрација и Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии беа изготвени и придружени со адекватни активности за видливост. Се подобри процесот на јавна консултација, со зголемен број коментари за нацрт-прописите и поголема вклученост на граѓанското општество во креирањето политики. Останува од суштинско значење обезбедувањето почитување на начелата на транспарентност, заслуги и правична застапеност. Државната комисија за спречување на корупцијата продолжи да ги решава случаите на непотизам, блискост и политичко влијание во процесот на вработување на вработените во јавниот сектор. Треба да се обезбеди соодветно следење на извештаите и на препораките на Државната комисија. Во однос на отчетноста, по долго одложување, на крајот на 2019 година и во јануари 2020 година конечно беа именувани директорите на Дирекцијата за заштита на личните податоци, Агенцијата за слободен пристап до информациите од јавен карактер и Државниот завод за ревизија. Новата Владатреба да обезбеди дека реформата на јавната администрација останува приоритет, да покаже целосно почитување на начелата на реформата на јавната администрација и да ги следи реформските напори на претходната Влада.

Потребни се дополнителни напори за решавање некои од препораките од 2019 година.

Во наредниот период, земјата треба, особено:

- → да воспостави законодавна рамка што обезбедува целосно почитување на вработувањетозасновано на заслуги за високи државни служби и други позиции;
- → да го финализира хоризонталниот функционален преглед и да почне да го спроведува за да се обезбедат јасни граници на одговорност меѓу институциите;
- → да обезбеди целосно спроведување на Законот за општа управна постапка.

<u>Стратешка рамка за реформа на јавната администрација</u>

Голем број државни институции и организации на граѓанското општество беа активни во спроведувањето, следењето и известувањето за **Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022**и **Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии 2018-2021**. Советот за реформа на јавната администрација на високо ниво и Советот за управување со јавните финансии продолжија да ја обезбедуваат **политичката поддршка за** и надзор на реформите. Капацитетот на Министерството за информатичко општество и администрација е подобрен за спроведување на реформата на техничко ниво. Вклученоста на Министерството за финансии во целокупната реформска координација се зголеми, исто така, благодарение на поголемиот фокус на раководната одговорност (види *Поглавје 32 – Финансиска контрола*). Реформата на јавната администрација вредиколку посебна буџетска програма во државниот годишен буџет, но буџетот за РЈА е намален како резултат на прераспределбата на ресурсите во економските мерки како одговор на кризата од КОВИД-19.

Развој и координација на политики

Воспоставени се правната рамка и институционалните структури за кохерентен **систем закреирање политики**. Одговорностите на некои институции за креирање политики треба да се разјаснат и да се ревидираат за да се обезбеди дека нема преклопувања. Во јули 2019 годинабеа формирани нови преговарачки структури за управување со процесот на интеграција во ЕУ. На техничко ниво, треба да се подобри квалитетот на системот за координација на интеграцијата во ЕУ за мерките на политиките и за обезбедувањето помош. Планирањето на политиките треба да се зајакне и да биде во согласност со среднорочното планирање на буџетот. Останува недоволна улогата на централната координација и контролата на квалитетот на Генералниот секретаријат.

**Политиката заснована на докази и развојот на законодавството** продолжуваат делумно да се обезбедуваат. Собирањето на административните податоци се подобри, но овие податоци треба поконзистентно да се користат во процесот на донесување одлуки. Проценките на влијанието на регулативата беа редовно подготвени за сите закони што Владата ги испраќаше до Собранието во редовна постапка до есента 2019 година кога голем број закони беа објавени од Собранието без проценки на влијанието и јавни консултации. Треба дополнително да се подобри квалитетот на проценките на влијанието на регулативата, а проценките на буџетското влијание или недостасуваат или не се сеопфатни. Меѓуминистерските консултации на различни нивоа се зголемија, но тие сепак треба да бидат соодветно интегрирани во процесот. Инклузивното учество во **јавни консултации** продолжи да се охрабрува преку националниот систем за електронски консултации. Треба да се подобри контролата на квалитетот на процесот на јавна консултација. Бројот на закони донесени по скратена постапка, главно на предлог на пратениците, значително се зголеми на 61,6% во 2019 година, во споредба со 20% во 2018 година, што предизвикува загриженост (*види 2.1.1. Демократија*). Овие закони не претрпеа соодветен процес на јавна консултација и не беа редовно поткрепени со проценки на влијанието. Квалитетот на изготвувањето законодавство, исто така, останува прашање.

**Јавниот надзор на работата на Владата** продолжи да се подобрува благодарение на зголемувањето на објавените извештаи за следење на Владата и подобрената комуникација.

Управување со јавните финансии

Националните органи продолжија да ги спроведуваат **Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии (УЈФ)**2018-2021 и Акцискиот план за 2019 година. Годишниот извештај за напредокот за 2019 година за спроведувањето на програмата беше донесен и беше објавен на веб-страницата на Министерството за финансии. Советот за УЈФ се состанува двапати годишно со цел да го следи спроведувањето на програмата. Имаше значителни одложувања во финализирањето и во донесувањето на новиот Закон за буџети.

Фискалната стратегија 2020-2022 беше донесена по собраниска дебата. Таа беше дополнета со компаративна анализа на среднорочните проекции направени од националните органи и од меѓународните институции. Покрај тоа, беа дадени податоци за главните финансиски показатели за државните јавни претпријатија за 2018 година (трансфер на средства од буџетот на јавните претпријатија како и исплатени добивки и дивиденди во буџетот на јавните претпријатија и на акционерските друштва во државна сопственост). Беа вложени напори за да се зголеми мобилизацијата на

домашните приходи и за да се подобрат постапките за јавни набавки *(види исто така Поглавја 5, 16 и 29).*

Постигнат е одреден напредок во подобрувањето на **транспарентноста на буџетот**во управувањето со јавните финансии. Различни месечни и квартални буџетски извештаи и податоци редовно се објавуваат на веб-страницата на Министерството за финансии, вклучително и буџетот на граѓаните за 2019 година. Веб-апликацијата за „Граѓански буџет" им овозможува на корисниците пристап и преглед на буџетот преку интерактивен интерфејс. Таа дава информации за планирање на буџетот, дистрибуцијата и приходите. Почна да функционира и порталот „Отворенифинансии", кој на пошироката јавност ѝ дава детални информации за трансакциите на сите буџетски корисници (на централно ниво).

Процесот за подготовка на буџетот за 2020 година беше подобрен и вклучуваше отворена јавна консултација. Буџетот беше изменет двапати во првата половина на 2020 година за да се надоместат трошоците што произлегуваат од кризата од КОВИД-19. Треба да се подобри собраниската контрола врз подготвувањето и врз извршувањето на буџетот. Транспарентноста и одговорноста на управувањето со јавните средства треба да се обезбедат преку ефикасни механизми за следење и од извршната власт и од Собранието. Ова вклучува следење на препораките на Државниот завод за ревизија. *Види, исто така, Поглавје 32.*

<u>Јавна служба и управување со човечки ресурси</u>

Со Законот за административни службеници и со Законот за вработените во јавниот сектор се обезбедува **вработување, унапредување и отпуштања врз основа на заслуги**. Сепак, тие не се систематски применети низ администрацијата. Во Законот за внатрешни работи се вклучени контрадикторни правила штоим овозможуваат на вработените да бидат исклучени од одредбите на Законот за административни службеници. Постапките за договори за привремени или услужни вработувања, со пониски критериуми, сè уште често се користат заобиколувајќи ги критериумите утврдени во Законот за административни службеници. Основите за отпуштања треба да бидат потранспарентни. Државната комисија за спречување на корупцијата ги објави резултатите од своите истрагите за некои случаи што вклучуваат јавни обвинувања за именување членови на семејства од претходните влади. Таа исто такададе предлози за понатамошни измени во процесите на вработување во јавните институции за да ги направат потранспарентни и засновани на заслуги. Неговите наоди и препораки треба систематски да се следат од засегнатите институции. *Види Поглавје 23 – Правосудство и фундаментални права.*

Министерството за информатичко општество и администрација ја зајакна својата улога на координирање и на следење на **управувањето со човечките ресурси** во јавната администрација. Подготвеноста и капацитетот на сите инволвирани институции треба да се зголемат за да се обезбеди дека законодавството се применува систематски. Се зголеми користењето на Информациониот систем за управување со човечки ресурси од ресорните институции, иако може и понатаму повеќе да се користи. **Системот на плати**треба да се ревидира за да се обезбедат поконзистентни нивоа на плати и за да се промовира мобилноста.

Застапеноста на жените во јавната служба е над 50%, вклучително и во средното управување. Сепак, жените се помалку застапени вовисоките раководни позиции. Правичната застапеност на малцинствата останува неконзистентна низ јавниот сектор и низ сите категории државни службеници. Сè уште постои поголема застапеност на

некои малцинства во институциите чија хиерархија го вклучува тоа малцинство. Помалите етнички заедници остануваат недоволно застапени во јавниот сектор. Незначително се намали бројотна јавни службеници без доделена формална работна позиција, кои беа вработени пред неколку години и продолжија да добиваат плата без да се појават на работа, со тоа што на голем број од нив конечно им беа доделени работни позиции во 2019 година.Одлуката за доделување конечна работна позицијаза остатокот од овие вработени треба да биде преземена од релевантните институции бидејќи ова долгогодишно прашање ги поткопува начелата на заслуги и ефективноста. Начелото на правична застапеност и на фер застапеност на мажите, жените и етничките групи треба да се примени во јавниот сектор.

**Професионалниот развој** сè уште не е систематизиран. Нема централизирана база на податоци за обуките што ги нудат различни институции. **Интегритетот во јавнаталужба**е добро регулиран, вклучително и законодавството за укажувачи. Сепак, не се достапни податоци за тоа како механизмите за интегритет, вклучително и законодавството за укажувачи, се спроведуваат во практика, ниту за тоа дали и како укажувачите се заштитени од одмазднички дејства.

Отчетност на администрацијата

Беше започнат функционалниот преглед на 128 централни владини институции. Развојот на предлог за реорганизација на функциите по област на политика беше одложен како резултат на појавата на КОВИД-19. Реорганизацијата треба да ги подобри ефикасноста на администрацијата и **нивоата на отчетност**. Некои институции сè уште паралелно поднесуваат извештаи и до нивното ресорно министерство и до Владата. Беа преземени чекори и на централно и на локално ниво за подобрување на одговорноста на раководење и за делегирање на одговорноста на различни нивоа на раководење, иако делегирањето на овластувањата за донесување одлуки на средното раководење останува ограничено. Потребни се дополнителни напори за ефикасно вклучување на раководната одговорностниз целата јавна администрација (*види Поглавје 32 – Финансиска контрола*).

Со законодавството се обезбедувадека **правото на граѓаните на добра администрација** е заштитено од независните институции, особено од Народниот правобранител и од Државниот завод за ревизија. Систематското следење на нивните препораки сè уште не е обезбедено. **Правото на граѓаните за пристап до информации од јавен карактер** дополнително се подобри благодарение на Стратегијата за транспарентност 2019-2021 донесена во ноември 2019 година, која вклучува воведувањевладин портал за отворени податоци објавување податоци за владините финансии. За да се обезбеди непречено функционирање на системот, сите институции треба редовно да ги даваат и да ги ажурираат податоците. Со новиот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, донесен во мај 2019 година, се овластува Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер да ја следи усогласеноста со правилата за проактивно обелоденување информации и се намалуваат основите врз кои може да се одбиваат барања за информации од јавен карактер. Треба да се зајакне капацитетот на Агенцијата за спроведување на новиот Закон. Со оглед на тоа штотаа е без директор од мај 2018 година до јануари 2020 година, Агенцијата не одговори на жалбите во тој период, што доведе до зголемување на неодговорените барања за информации од јавен карактер од даватели на информации од јавен карактер. Во јануари 2020 година беа конечно именувани директорот и заменик-директорот. Кризата одКОВИД-19 доведе до

дополнителни одложувања на многу институции во одговор на барањата за информации од јавен карактер.

Законот за управни спорови беше донесен во мај 2019 година. Во практика, жалбената постапка за **правото на граѓаните на административна правда** остана тешка, сложена и долгаопфаќајќи неколку слоеви жалби и бројни повторувања на постапките. Повеќето одлуки не се засноваат на заслуги, туку на процедурални размислувања. Имаше одложувања во спроведувањето на управните судски одлуки, кои ретко од нив беа одлучени врз основа на заслуги.Со законодавството се дефинираат**правото награѓаните да бараат надоместок на штета** и одговорноста на јавните органи во случаи на прекршоци. Во 2019 година, судовите доделија надоместок на штета во девет случаи.

<u>Обезбедување услуги за граѓаните и за деловните активности</u>

Националниот е-портал за услуги беше надграден за да се создаде подобра **администрацијаориентиранаконкорисникот.** Порталот има за цел да служи како единствена дигитална точка за контакт со државната администрација, овозможувајќи еднаков пристап за сите. Потребна е поголема посветеност од сите државни институции за искористување на целосниот потенцијал на е-порталот. Регистарот на население стана оперативен, служејќи како основен извор на информации за интеракцијата и на државните институции и на јавноста со администрацијата. Кризата од КОВИД-19 ја докажа важноста на дигитализирање на јавната администрација и зајакнување на обезбедувањето онлајн услуги за граѓаните и за деловните активности преку е-порталот. Во мај 2019 година беше донесен Закон за електронско управување и електронски услуги.Беа воведени алатки за управување со квалитет, како што се стандарди за услуги и упатства за оптимизација на услугите. Рамката за интероперабилност се зголеми во обем, но потребни се политичка волја и финансирање за да го постигне својот целосен потенцијал.

**Поедноставувањето на административните постапки**имаше потешкотии и Законот за општа управна постапки сè уште не е систематски спроведен низ администрацијата. Владата донесеуредба со законска сила со што се овозможува продолжување на законските рокови утврдени во Законот за време на вонредната состојба како резултат на појавата на КОВИД-19. Потребнисе дополнителна обука и подигнување на свеста за да се обезбеди правна сигурност за граѓаните и за деловните активности.

## 2.2 Владеење на правото и фундаментални права

### 2.2.1 Поглавје 23: Правосудство и фундаментални права

*Основните вредности на ЕУ вклучуваат владеење на правото и почитување на човековите права. Од огромно значење се ефективен (независен, квалитетен и ефикасен) правосуден систем и ефикасна борба против корупцијата бидејќи тоа е почитувањето на фундаменталните права во закон и во практика.*

Земјата **има одреден степен на подготвеност / е умерено подготвена** да ги примени правото на ЕУ и европските стандарди во оваа област. Севкупно, постигнат е **добар напредок**, вклучително и преку зајакната независност на правосудството и преку решавање случаи на полициска неказнивост. Донесени се нови реформи, вклучително и Законот за јавното обвинителство, обезбедувајќи одговорност за злосторствата кои произлегуваат од и се поврзани со незаконските прислушувања. Во тек е спроведувањето на претходно донесените мерки во рамките на стратегијата на правосудството. Државната комисија за спречување на корупцијата ги искористи своите засилени овластувања и продолжи да дава резултати, вклучително и за случаи на високо ниво. Корупцијата е распространета во многу области и останува прашање на загриженост. Имаше ограничен напредок во однос на фундаменталните права. Што се однесува до законската и политичката рамка, по нејзиното укинување од Уставниот суд, приоритет нановатазаконодавна власт ќе биде повторно донесување на Законот за спречување и заштита од дискриминација и формирање на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Народниот правобранител има дополнителен персонал и средства за извршување на својата улога. Потребни се постојани напори за понатамошно подобрување на состојбата со човековите права во практика. Од суштинско значење е да се заврши именувањето членови на независни и регулаторни тела врз основа на заслуги. Функционалната независност на овие тела мора да биде гарантирана во секое време, вклучително и преку соодветна распределба на средства.

**Функционирање на правосудството**

Правосудниот систем на Северна Македонија има **одреден степен на подготвеност/е умерено подготвен**. Постигнате **добар напредок** во спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор, притоа осврнувајќи се на „Итните реформски приоритети“ и препораките од Венецијанската комисија и Високата експертска група за системски прашања за владеењето на правото. Сè уште се потребни напори за да се обезбеди систематско спроведување на ажурираниот Акциски план на Стратегијата за реформи во правосудството. Правосудните институции спроведуваат нови правила за именување, унапредување, дисциплина и разрешување судии, а Судскиот совет проактивно ја извршува својата улога. Како резултат на своите реформски напори во последниве години, Северна Македонија воспостави механизми за да се обезбеди независност и одговорност на правосудството, како што се правила за именувања засновани на заслуги, проверка на имотот и судир на интереси и дисциплински постапки. Треба да се обезбединивна решителна и конзистентна употреба пред да се предвидуваат понатамошни промени во оваа област. Законот за јавното обвинителство влезе восила во јуни 2020 година. Целта на законот е, меѓу другото, да се обезбеди одржливо решение за случаите на Специјалното јавно обвинителство и да сеутврди одговорност за злосторствата кои произлегуваат од и се поврзани со незаконските прислушувања. Исто така, беше донесен ревидираниот Закон за Советот на јавните обвинители. Ефективното спроведување на законската рамка, како и зголемените напори на сите засегнати страни да бидат пример, ќе придонесат за зголемување на довербата на јавноста во правосудството.

Во наредната година, земјата треба, особено:

→ да продолжи со конзистентнотоспроведување на Стратегијата за реформа во правосудниот сектор и ажурираниот Акцискиот план на инклузивен начин, и да покажеа цврста посветеност на независноста на правосудниот систем, заштитувајќи го кој било ризик од политичко мешање, вклучително и со употреба на достапни механизми за да се провери професионализмот и интегритетот на судиите и на обвинителите;

→ да ги финализирање и да започне со спроведување на стратегиите за човечки ресурси за правосудството и за обвинителството и да го подобри информацискиот систем за автоматско управување со судски предмети (АКМИС) за да се обезбеди дека тој е целосно функционален и веродостоен;

→ да продолжи да ја спроведува новата правна рамка поврзана со реформата на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители и новиот Закон за јавното обвинителство.

<u>Стратешки документи</u>

Продолжи спроведувањето на **Стратегијата за реформа во правосудниот сектор**(2017-2022). Важно е дека Законот за јавното обвинителство и измените и дополнувањата на Законот за Советот на јавните обвинители влегоа во сила. Сепак, имаше одложувања во донесувањето на некои законски мерки. За да се реши ова и за да се обезбеди ефективноспроведување, во октомври 2019 година беше одобрено ажурирање на Акциониот план.Треба да се засилат напорите за спроведување на последново.Советот за следење на имплементацијата на Стратегијата за реформи на правосудниот сектор не беше во можност да се состане поради кризата од КОВИД-19 и сè уште не го донесе вториот годишен извештај за имплементација.

Раководни тела

Собранието избра тројца нови членови на **Судскиот совет**, во согласност со Законот за судскиот совет и исполнувајќи го условот за правична застапеност. Друг член беше избран од судиите. Во декември 2019 година, Судскиот совет презеде понатамошни чекори за да се обезбеди негово ефективно функционирање со донесување деловник за работа и друго законодавство за спроведување. Советот покажазголемен проактивен став во извршувањето на својот мандат како чувар на независноста и на непристрасноста на судиите. Претседателот на Советот беше главната точка за контакт со медиумите и јавноста беше редовно информирана за тековната работа преку соопштенија за јавноста.

Беа избрани шест члена на **Советот на јавни обвинители**, еден од Собранието и по еден од обвинителите од Вишото јавно обвинителство од Штип, Скопје, Битола и Гостивар, како и од меѓу обвинителите од немнозинските заедници. Со измените на Законот за Советот на јавни обвинители донесени во февруари 2020 година се предвидуваат зајакнати надлежности, рационализирани постапки за именување и унапредување, одговорност на нејзините членови и постапки за нивно изземање, воведуваат надлежности во врска со дисциплински постапки против јавни обвинители и се предвидува финансиска независност на Советот. Советот, во согласност со изменетиот Закон, треба да даде образложение за своите одлуки за именувања. За да се спроведат новите мерки, Советот треба да донесе деловник за работа за утврдување одговорност на јавните обвинители. Позитивен чекор е објавувањето агенди за седници и одлуки на Советот на својата веб-страница. Во Советот сè уште недостасуваат човечки и финансиски ресурси неопходни за ефективно извршување на неговите задачи.

Независност и непристрасност

Уставот гарантира независност на правосудството. Во тек е спроведувањето на мерките според Стратегијата за реформа во правосудниот сектори придонесе за подобрување на независноста на правосудството, но некои од реформите сè уште не ги дадоа сите нивни посакувани резултати. Целосното спроведување на начелата на независност и транспарентност треба да продолжи, особено за да се запрат сите критики за судскиот систем што подлегнува на извршната власт, вклучително и со обезбедување наименувањатацелосно да бидат засновани на заслуги и компетенции. Останува важно да се обезбеди дека судството е заштитено од кој било ризик или перцепција на политичко мешање. Судскиот совет има активна улога со засилување на своите напори за заштита на независноста на судиите и зајакнување на отпорноста на секторот против потенцијален надворешен или внатрешен притисок, на пример со јавно осудување на погрдни изјави или закани во два случаи. Здружението на судиите исто така беше активно во овој поглед. Здружението продолжи активно да ги поддржува реформите.

Мандатот на главната специјална обвинителка истече во септември 2019 година и случаите беа префрлени на Јавното обвинителство. По апсењето во август 2019 година, главната специјална обвинителка поднесе оставка во септември и потоа беше официјално разрешена од Собранието. Таа беше обвинета за примање мито и злоупотреба на службената положба во октомври во таканаречениот „случај Рекет“ во врска со наводно изнудување и злоупотреба на службената положба во врска со случај на Специјалното јавно обвинителство. По значаен развој, таа беше осудена во прв степен на седум години затвор во јуни 2020 година. Треба да продолжат напорите за да се стави крај на корупцијата на сите нивоа. При утврдување одговорност, начинот на

кој се постапува со и на крајот се затвораат судските предмети на СЈО ќе биде важен сигнал за враќање на довербата во системот и крај на неказнивоста. Обвинителите од Специјалното јавно обвинителство формално се вратија во нивните матични јавни обвинителства и продолжија да бидат надлежни за нивните случаи. Поради неконзистентност на постапките за време на преодниот рок, некои случаи застареа, а некои судења мораа да започнат повторно. По интензивните дискусии, во февруари 2020 година беше донесен нов Закон за јавното обвинителство, обезбедувајќи одржливост на работата на СЈО и одговорност за злосторствата кои произлегуваат од и се поврзани со незаконските прислушувања. Законот има за цел да обезбеди основа за професионален и за непристрасен обвинителен систем, кој е поотпорен на политички и на други притисоци, но многу ќе зависи од правилното спроведување.

Во однос на управувањето со судските предмети, инспекциите на **автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети** (АКМИС) продолжуваат и дадоа првични резултати. Во август 2020 година, поранешниот претседател на Кривичниот суд во Скопје беше осуден во прв степен на 3,5 години затвор за манипулација со АКМИС. Недостатоците идентификувани претходно во системот, како што е веродостојноста на статистичките податоци, останува да се решат. Законот за управување со судски случаи беше донесен од Собранието во февруари 2020 година, со кој се предвидоа заштитни мерки за да се обезбеди непречено функционирање на системот, вклучително и со задолжителна употреба на АКМИС при доделување и управување со протокот на случаи. Потребна е континуирана посветеност за да се обезбеди капацитетот на системотда се произведат автоматски сигурни статистички податоци (во согласност со препораките и методологијата на Европска комисија за ефикасност на правдата на Советот на Европа (CEPEJ) за работата на судството и обвинителството.

Одговорност

Судскиот совет му го одзеде имунитетот на еден од неговите членови кој е главен осомничен во случајот во врска со незаконската приватизација на градежното земјиште, но не дозволи негов притвор, и му го одзеде имунитетот на еден судија. Формиран е нов Совет за судиска етика според новиот Етички кодекс и за прв пат се состана во февруари 2020 година. Прекршувањето на Етичкиот кодекс не е наведено како основа за дисциплинска постапка во Законот. Во 2019 година, Академијата за судии и обвинители организираше 11 сесии за етика, етичко однесување и антикорупциски мерки за 200 професионалци во судството.

Судскиот совет прими 107 барања за утврдување одговорност на судија/претседател на суд во 2019 година, поднесени главно од странки во судски случаи. Тој ги разреши претседателот и двајца судии на Врховниот суд, како и 3 други судии, вклучувајќи го и поранешниот претседател на Основниот кривичен суд во Скопје за фалсификување во системот за управување со предмети. Покажувањето одговорност за противправни дела ќе помогне во негувањето на културата на независност и непристрасност во судството.

Стручност и компетентност

Во согласност со новата законска рамка, Судскиот совет го смени системот на **назначување и унапредување** и допрва треба да одобри квалитативни критериуми при **професионалното оценување** на судиите. Во извештајниот период, Судскиот совет назначи 28 судии и 16 претседатели на судови и им овозможи на 32 пензионирани судии да ги извршуваат своите задачи за уште една дополнителна

година. Советот на јавни обвинители назначи 18 дипломци од Академијата за обука на судии и јавни обвинители да служат како обвинители во Основните јавни обвинителства, назначи раководители на четири Основни јавни обвинителства и им дозволи на 12 пензионирани обвинители да ги извршуваат своите задачи поради недостиг на персонал. Двата совети назначија 31 од 37 дипломирани студенти од 6-та генерација на Академијата за судии и јавни обвинители. Процесот на назначување беше завршен во согласност со новите барања на Законот за судски совет, додека новата законска рамка за Советот на јавни обвинители стапи на сила во јуни 2020 година и се подготвува законодавството за спроведување. Не беа поднесени поплаки или приговори за овие назначувања. Двата совети ја подобрија транспарентноста, процедурите и го почитуваа принципот на меритократија при назначувањата и унапредувањата. Академијата за судии и јавни обвинители организираше вкупно 253 обуки за 5 661 професионалци.

Квалитет на правда

Академијата за судии и јавни обвинители продолжи да го подобрува своето работење со зајакнување на своите наставни програми за основна и континуирана обука. Предлог-законот за **Академија за судии и јавни обвинители**, кој вклучува неколку клучни препораки од оценската мисија на обуката на судиите и ја потврдува Академијата како единствена точка за влез во судството, треба да биде донесен од новиот состав на Собранието. Академијата е набљудувач на Европската мрежа за обука на судии (EJTN), но нема проактивна корист од експертизата на мрежата. Местото заменик директор останува празно од основањето на Академијата во 2006 година. Првичната програма за 60 кандидати од 7-та генерација - значително зголемување на бројот - ќе започне во есента 2020 година. Од суштинско значење е дополнително да се консолидира Академијата, вклучително и со гарантирање на соодветни човечки ресурси, како и соодветен канцелариски простор и простор за обука.

Врховниот суд, во соработка со четири Апелациони судови, ги засили своите напори за подобрување на **конзистентноста напресудите** и за усогласување на судската практика. Некои судови ја подобрија нивната доследност во внесувањето пресуди на централната база на податоци, овозможувајќи поголем пристап до судската практика преку интернет. Од суштинско значење е ова да се направи на систематски начин.

Распределбата на **државниот буџет** за 2020 година забележа зголемување од приближно 6% за судовите и намалување за 15% за Јавното обвинителство. Според податоците на CEPEJ, буџетските расходи за судовите и обвинителствата остануваат пониски од просекот на Западен Балкан, 21 евро по жител, додека просекот на Западен Балкан за судскиот систем (судови, обвинителски служби и правна помош) е 41,4 евра. Во земјата има соодветно 496 професионални судии (23,88 на 100 000 жители), 198 мажи и 298 жени и 190 обвинители (9,15 на 100 000 жители), со 89 мажи и 101 жена. Вкупно пет нови членови на персоналот беа ангажирани во судовите и 106 со привремени договори, а 37 во јавните обвинителства. Останува од суштинско значење да се обезбеди соодветна проценка на потребите, особено во обвинителството и да се донесат стратегии за човечки ресурси засновани на докази, кои во моментов се во фаза на подготовка. Подеднакво е важно да се обезбеди соодветно екипирање, кое вклучува стручни соработници и обезбедување средства за обновување и правилно одржување на ИТ инфраструктурата во судството. Спроведувањето на ИТ стратегијата за секторот правда во голема мера зависи од странската помош и финансирање. Тројца нови вработени во ИТ беа вработени во јавните обвинителства, но ниту еден во судовите. Вработувањето на ИТ кадар е тешко поради неконкурентни плати.

Потребни се напори за понатамошно подобрување на употребата на **алтернативно решавање на спорови**, вклучително и преку соодветните комори. Бројот на случаи на медијација е намален во последните години, особено во однос на работните спорови.

Ефикасност

Скоро сите судови продолжија со позитивен тренд со одржување на **стапка на решавање предмети** од 100% или поголема, со исклучок на прекршочните и второстепените административни предмети. Генерално, само недовршените предмети според старите процесни закони страдаат од долготрајни постапки, што го попречува нивното решавање. Во своето мислење за Законот за употреба на јазиците, Венецијанската комисија го покани законодавецот да го преиспита законот и да ги земе предвид, во консултација со сите засегнати страни, нејзините препораки, вклучително и за одредбите поврзани со двојазичноста во судските постапки.

Просечните плати на судиите и обвинителите се малку под просекот на Западен Балкан. Судиите допрва ќе ги добиваат сите додатоци на нивните плати поврзани со сложеноста и чувствителноста на предметите што ги воделе. Барањата во судската администрација, вклучително и за напредување во кариерата, се во тек. Одложената подготовка на сеопфатни стратегии за човечки ресурси за судството и јавното обвинителство негативно влијае на правилното планирање и распределбата на човечките и буџетските ресурси, вклучувајќи ја и ревизијата на мрежите на судовите и јавните обвинителства во земјата.

Извршителите реагираа на намалените тарифи за нивните услуги организирајќи јавни протести и заканувајќи се дека ќе ја напуштат професијата. Вкупните трошоци и времетраењето на постапките за **извршување** треба да се решат во сите слоеви на синџирот на извршување, не само на ниво на извршители. Задолжителното присуство на адвокат, вклучително и за постапките за налози за плаќање и за случаите на наследство, го ограничува или го попречува пристапот до правдата за најсиромашните граѓани. Во мај 2020 година, Уставниот суд го поништи членот во Законот за извршување за плаќање каматна стапка од сметката на должниците. Министерството за правда на својата веб-страница започна да го објавува својот годишен план за редовни инспекции на извршителите, како и конечните одлуки на дисциплинскиот комитет на Комората на приватни извршители, за да се зголеми транспарентноста. Сепак, следењето со специфични индикатори треба дополнително да се зајакне.

По пандемијата на КОВИД-19, Владата донесе уредба за суспендирање на сите рокови за поведување и тековни кривични, граѓански и вон парнични судски предмети, административни спорови, прекршоци и предлози за извршување или обезбедување на побарувања до крајот на вонредната состојба. Исклучоци беа направени за предмети кои се близу до достигнување на застареност. Врз основа на оваа уредба, судовите објавија списоци со итни предмети кои требаше да продолжат, вклучително и оние што вклучуваат притвор. Судовите исто така спроведоа превентивни здравствени мерки и воведоа рочишта со помош на алатки за комуникација на интернет, секогаш кога е можно. Следејќи ја уредбата и упатствата од Судскиот совет, мнозинството судови донесоа внатрешни акти за регулирање на нивната работа, но отсуствува јасна и прецизна регулатива. Судскиот совет им наложи на судовите да дадат приоритет на случаите што се однесуваат на семејно насилство. Мнозинството судии донираа 20% од нивните плати за април и мај на фондот за борба против КОВИД-19. Во јуни, судовите почнаа постепено да ги обавуваат своите редовни функции. Меѓу научените лекции од кризата, се чини дека е потребно да се воведат мерки за организација и работа на судовите, како и за комуникација на судството со пошироката јавност за

време на вонредни состојби. Дополнително, треба да се даде приоритет на ИТ врските, вклучително и целосна дигитализација на предметите и повикување, обезбедување обука за судиите и судскиот персонал.

**Борба против корупција**

Северна Македонија **има одредено ниво на подготовка/е умерено подготвена** во превенцијата и борбата против корупцијата. Постигнат е **добар напредок** , бидејќи земјата го консолидираше своето досие во истрагата, гонењето и судењето во предмети на корупција на високо ниво. Државната комисија за спречување на корупцијата е особено проактивна во спречувањето на корупцијата и отвори голем број предмети, вклучително и оние со високи функционери од целиот политички спектар, во согласност со минатогодишната препорака. Напорите продолжија да напредуваат со случаите на Специјалното јавно обвинителство, со што се утврдува одговорност за нелегалните прислушувања. Таканаречениот случај „рекет“ предизвика сериозна загриженост. Поранешниот главен специјален јавен обвинител беше осуден во јуни 2020 година со првостепена пресуда. По истекот на мандатот на обвинителите на Специјалното јавно обвинителство, случаите беа пренесени.

Во наредната година, земјата особено треба:

-> да ја спроведе новата законска регулатива за пренесување на некои од надлежностите на поранешното Специјално јавно обвинителство во канцеларијата на јавниот обвинител за гонење организиран криминал и корупција и регулирање на статусот на прислушувањето, така што ќе продолжи одговорноста за кривичните дела што произлегуваат од и во врска со прислушувањето;

-> да ја зголеми евиденцијата за конечни пресуди за случаи на корупција на високо ниво, вклучително и со понатамошно одземање на криминални средства;

-> да демонстрира политичка волја за борба против корупцијата преку поддршка на релевантни тела со натамошни финансиски и човечки ресурси и преку обезбедување јасни политички упатства за сите државни институции за тоа како да се справат со корупцијата во согласност со препораките на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Евиденција

Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) беше активна во спречувањето на корупцијата и отвори голем број предмети. Продолжува напредокот во истрагата, гонењето и судењето на предмети на корупција, вклучително и насочување кон високи функционери. Имаше некои нови случаи на корупција на високо ниво. По истекот на нивниот мандат, обвинителите од Специјалното јавно обвинителство (СЈО) беа пренесени назад во нивните првични Јавни обвинителства. Тие ја задржаа надлежноста за предметите на СЈО. Од есента 2019 година, вкупно 25 предмети кои вклучуваат 178 лица беа пренесени од Специјалното јавно обвинителство во Јавното обвинителство за гонење организиран криминал и корупција. Повеќето од нив се однесуваат на злоупотреба на службената положба или позиција, фалсификување или фалсификување документи, проневера на пари, перење пари и измама. Имаше **конечни пресуди** за три предмети против четворица обвинети. Поранешен министер за внатрешни работи беше осуден на шест години затвор. Во вториот случај, судот ги прогласи за виновен бизнисменот и еден негов соработник за

фалсификување документација за добивање на тендер од државната компанија за производство на електрична енергија. Виновни беа прогласени и правните лица вклучени во предметот. Пресудата за одземање на имотот беше потврдена во Апелација. Во третиот случај, обвинетиот доби условна казна затвор од шест месеци со условна казна од две години. Судењата се во тек во 10 случаи, со неколку десетици рочишта во текот на целата година. Поради недоследност на постапките, некои предмети достигнаа застареност, додека други беа принудени да започнат повторно.

**Јавниот обвинител за гонење организиран криминал и корупција** отвори десет нови истраги со вклучени 55 физички лица и едно правно лице во случаи на високо ниво (споредено со пет случаи со седум осомничени лица во 2018 година). Вкупно, има **шест случаи во тексо 38 физички лица и едно правно лице**. Во некои случаи се вклучени високи функционери, како што е поранешната главна специјална јавна обвинителка, која беше осудена во прв степен на седум години затвор. Судот донесе првостепени пресуди против седуммина обвинети. Трендот на истражување и гонење на случаи на високо ниво треба да продолжи.

Во врска со истрагите на други **службени лица**, како што се административни директори, Јавниот обвинител за гонење организиран криминал и корупција нареди 24 нови истраги во кои беа опфатени 78 осомничени лица. Во 11 случаи со 41 лице, истрагите беа затворени (половина од случаите иницирани во 2017 година).

Во 2019 година, Државната комисија за спречување корупција доби 7275 изјави за имотна состојба. Во однос на судир на интереси, Државната комисија може да поведе постапка за утврдување на фактите по службена должност, или на барање на трето лице. Од февруари 2019 година до 31 март 2020 година, Државната комисија отвори истраги во врска со наводите за непотизам во јавната администрација во 82 случаи. Таа затвори 40 случаи затоа што не беше утврден судир на интереси или затоа што беше отстранет судирот на интереси. Во два случаи, случаите беа пренесени во Јавното обвинителство. Во 16 случаи, од надлежните институции беше побарано да постапат според препораките на Државната комисија и во 11 случаи, постапката сѐ уште трае. Поради некои законски барања и рокови (на пример, добивање на информации од други тела), сѐ уште не може да се решат сите случаи. Покрај тоа, Државната комисија добила барања за мислења од самите службеници или институции за тоа дали постои или не постои потенцијален судир на интереси. Постојат 213 барања кои сѐуште чекаат да бидат обработени, додека 84 се затворени. Во 2019 година, одделот за внатрешна контрола кривични истраги и професионални стандарди покрена обвиненија против шест службеници за спроведување на законот, поради наводи за корупција. Сите се под истрага.

Во 2018 година, Групата на држави против корупција на Советот на Европа (ГРЕКО) во својот извештај за усогласеност за етиката и интегритетот на членовите на Собранието, судиите и обвинителите заклучи дека од 19 препораки, шест се задоволително спроведени, осум делумно спроведени и пет не се спроведени. Препораките кои беа целосно спроведени се однесуваа главно на судството и законските измени донесени во Законот за Судски совет и Законот за судови. Оние препораки што не беа спроведени се однесуваа главно на спречување на судир на интереси, контакти со лобисти и санкции за злоупотреба на службена должност. Во 2019 година, земјата ги презеде клучните реформи со понатамошноспроведување на тие препораки преку ревидирање на законската рамка за спречување на корупција и судир на интереси и назначување нова Државна комисија за спречување на корупција, која има дополнителни овластувања. Што се однесува до етиката, беше постигнат

напредок со усвојување на нов етички кодекс за судии и судии-поротници, како и упатства за негово спроведување и усвојување измени на етичкиот кодекс за јавните обвинители. Заедно со препораките на ГРЕКО за спречување на корупција и унапредување на интегритетот кај централната Влада и агенциите за спроведување на законот, Владата донесе нов етички кодекс за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од Владата.

Институционална рамка

*Превентивни мерки*

Во февруари 2019 година, беше назначена нова Државна комисија за спречување на корупција. Во согласност со новиот закон, критериумите за избор за сите членови се построги и бараат зголемено искуство и докажана евиденција во откривањето и спречувањето на корупцијата. Комисијата има дополнителни овластувања што го зајакнува нејзиниот капацитет за проверка на изјавите за интерес и изјавите за имотна состојба и ги зацврстува своите овластувања. Државната комисија за спречување на корупција ја објави својата намера да ги разгледа наводите за злоупотреба на овластување и средства за време на кризата со КОВИД-19, вклучително и во областа на јавните набавки. Работата на Државната комисија во овој поглед е важна за одржување на довербата на граѓаните во институциите. Комисијата има право да поведе прекршочни постапки. Нејзиниот буџет постојано се зголемува. Државната комисија заслужува дополнително да се консолидира и да продолжи да се поддржува со соодветна методологија и ресурси.

Постојат неколку етички кодекси во различни државни институции. Продолжуваат напорите за подобрување на транспарентноста на јавните институции. Сепак, тие треба да бидат надополнети со ефективен и навремен механизам за контрола на јавните набавки, концесии, јавни-приватни партнерства и извршување на јавни договори. Постои потреба од можноста да се применат административни казни за договорните органи во случај на прекршување на Законот за јавни набавки.

ИТ на Државниот завод за ревизија треба да биде поврзан со други релевантни институции.

*Спроведување на законот*

Главните институции кои се занимаваат со спроведување на законот се Одделот за сериозен и организиран криминал при Министерството за внатрешни работи и специјализираното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција во рамки на Јавното обвинителство. Новоформираниот истражен центар/судска полиција во канцеларијата на Обвинителството мора да го покаже својот капацитет за поддршка на канцеларијата во засилувањето на нејзините истраги. Исто така треба да го подобри сеопфатниот стратешки пристап за борба против корупцијата. Донесен е нов Закон за јавно обвинителство за да му се овозможи на јавниот обвинител за организиран криминал и корупција да наследи некои од привилегиите на Специјалното јавно обвинителство со што се обезбедува долготрајна одговорност за злосторствата што произлегуваат од и околу незаконските прислушувања.

Јавното обвинителство мора да го покаже својот капацитет да биде проактивно во спроведувањето на случаите упатени од Државната комисија за спречување на корупција, Државниот завод за ревизија и други институции.

Електронскиот систем за управување со предмети во Јавното обвинителство е воспоставен, но мора да стане поефикасен. Покрај позитивниот тренд на усвојување

привремени мерки за замрзнување на банкарски сметки и имот, потребно е да се зголеми и запленувањето и конфискацијата на средства од криминални дејства.

Правна рамка

Северна Македонија е дел од сите меѓународни антикорупциски конвенции, вклучително и Конвенцијата на Обединетите нации против корупција. Законот за спречување корупција и судир на интереси од 2018 година ги зголеми овластувањата на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Законот за **финансирање на политичките партии** ги пропишува начинот и постапката за обезбедување финансиски средства на политичките партии и обезбедува нивно управување. Правилата за финансирање на предизборните кампањи се утврдени во Изборниот законик. Државниот завод за ревизија спроведува *екс пост* контрола. Во 2019 година започна и ревизијата на редовното работење на пет политички партии. Државниот завод за ревизија, исто така, во моментов спроведува ревизија на трошоците за изборната кампања на кандидатите за претседателските избори во 2019 година. Во текот на 2018 и 2019 година, до Јавното обвинителство беа доставени 21 конечен извештај за ревизија, а два беа доставени до Државната комисија за спречување на корупција под сомнение за прекршочно дело. Државната комисија може да изврши инспекции за финансирањето на партии.

Законот за **слободен пристап до информации од јавен карактер** може да се искористи за да се добијат информации за јавно финансирање на политичките партии.

**Законот за лобирање** донесен во 2008 година регулира активности за лобирање, регистрација на лобисти и вклучува механизам за надзор. Неговото спроведување треба да се засили. Земјата треба да ги регулира правилата за ангажман помеѓу пратениците и лобистите, препорачани од ГРЕКО.

Законот за заштита на **укажувачите** бара понатамошно усогласување со новото право на ЕУ.

*Стратешка рамка*

Државната програма за спречување и репресија на корупцијата и намалување на појавата на судир на интереси, со повеќегодишен акциски план (2016-2019), е петти стратешки документ. ДКСК донесе нова национална стратегија за 2020-2024 година со анализа на секторите со најголеми ризици за корупција и приоритизација на овие сектори за идно дејствување. Стратегијата е изготвена во инклузивен процес, со вклучување на релевантни засегнати страни и експерти. Оваа стратегија треба да ја донесе Собранието.

**Фундаментални права**

Законската рамка за заштита на фундаменталните права во голема мера е во согласност со европските стандарди. Процесот на деинституционализација е во тек и се спроведува преселување на деца во установи за згрижување. Министерството за труд и социјална политика инвестира во услуги во заедницата, вклучително и за поддршка на жртвите на родово насилство. Од суштинско значење е овие услуги да продолжат да бидат достапни. Потребни се дополнителни напори за решавање на препораките на европските и меѓународните тела за човекови права, особено во врска со третманот на притворени и осудени лица. Одлуката на Уставниот суд за укинување на Законот за спречување и заштита од дискриминација на процедурална основа значи дека земјата во моментов нема сеопфатна законска рамка за недискриминација и тело за еднаквост. Овој сериозен

| |
|---|
| јаз треба да го реши новата законодавна власт. Исто така е важно за земјата да го зајакне спроведувањето на законодавството за говорот на омраза и националниот акциски план за спроведување на Истанбулската конвенција. Додека поставувањето на надворешниот механизам за надзор на полицијата е завршено, отсуството на вистински независни истражувачи може да ја попречи работата на единицата за ефикасно решавање на неказнивоста на полицијата. Земјата треба да преземе итни мерки за понатамошно подобрување на состојбата во затворите и да ги поддржи алтернативите на притвор. |
| Во наредната година, земјата особено треба:<br>→ брзо повторно да го донесе Законот за спречување и заштита од дискриминација, осигурувајќи дека тој е во согласност со *правото на ЕУ* и европските стандарди за недискриминација и дека ќе се зачуваат одредбите од претходно донесениот закон, вклучително и списокот на заштитени основи, и ќе се воспостави Комисија за спречување и заштита од дискриминација;<br>→ да ги забрза напорите за примена на препораките на меѓународните тела за набљудување, особено во врска со правата на лицата во притвор/затвор; промовирање, заштита и гарантирање на правата на лицата со попреченост, децата и жените;<br>→ да ги подобри услугите на заедницата за идентификување на децата во ризик и поддршка на децата жртви на насилство, децата и возрасните Роми [8] и децата со попреченост, вклучително и преку подобрување на меѓуагенциската соработка. |

Северна Македонија ги ратификуваше повеќето **меѓународни инструменти за човекови права**. Во јануари 2020 година, земјата се придржува кон Конвенцијата на ООН за намалување на бездржавјанството од 1961 година. Земјата треба да вложи дополнителни напори за да обезбеди прифаќање на препораките на меѓународните тела за набљудување. Во април 2020 година, по прогласувањето на вонредна состојба во контекст на кризата со КОВИД-19, земјата го извести Советот на Европа дека, согласно член 15 од Европската конвенција за човекови права, ќе го искористи своето право на отстапување од своите обврски согласно Конвенцијата, со што се суспендираат или ограничуваат одредени човекови права и фундаментални слободи загарантирани со Уставот. Со цел да се спречи ширењето на болеста, Владата воведе мерки со кои се ограничува слободата на движење и собирање. Активирани се контролните механизми. Уставниот суд има мандат да ја разгледа секоја уредба донесена од Владата и тој активно ги извршува своите привилегии.

Во 2019 година, **Европскиот суд за човекови права** утврди кршење на Европската конвенција за човекови права во 9 од 12 случаи, кои се однесуваат главно на правото на правично судење и на имотните права. Во 2019 година, новите апликации доделени за донесување одлуки се намалија дополнително на 262, од 305 претходната година. На крајот на 2019 година, пред Судот имало 345 случаи. Земјата го намали бројот на пресуди што треба да се извршат на 36, од кои пет се под засилен надзор. Замениците на министрите на Советот на Европа го затворија испитувањето на извршувањето на

[8] Во согласност со терминологијата на европските институции, заштитниот израз „Роми“ се користи овде за да се однесува на повеќе различни групи без да се негираат специфичностите на овие групи.

пресудата за *случајот Ел Масри*.

**Унапредувањето и спроведувањето на човековите права** продолжи да се зајакнува со нова надлежност доделена на Народниот правобранител кој, во декември 2019 година, стана Национален известувач за трговија со луѓе и нелегална миграција. Собранието назначи тројца нови заменици на Народниот правобранител. Буџетот на Канцеларијата беше зголемен за 19% во споредба со 2018 година, а беа ангажирани дополнителни 8 вработени лица. Од 3 453 приговори пристигнати во 2019 година, најголемиот број се однесуваа на судството (особено извршителите) проследено со правата на потрошувачите, работните односи, казнено-поправните установи и правата на децата. Најголемиот број прекршувања се потврдени во судството, проследено со правата на децата, финансиите, здравствената заштита и правата на потрошувачите. Властите треба да ја подобрат нивната одговорност кон препораките на Народниот правобранител.

Што се однесува до **спречување на тортура и нечовечно постапување**, Владата продолжи да поднесува извештаи до Европскиот комитет за спречување на тортура (КПТ) секој квартал за нејзиниот акциски план за решавање на препораките на Комитетот. Сепак, и покрај посветеноста на високо нивои редовен дијалог, многу од извонредните препораки од претходните извештаи на КПТ сè уште не се спроведени. Напредокот на терен е многу бавен, особено во однос на условите за притвор во некои оддели во затворите и нефункционалниот здравствен систем. Императив е властите да ги претворат обврските во вистински промени. Сите извонредни и идни препораки на КПТ треба темелно да се решат. Сесии за обука за човекови права на затворскиот персонал беа организирани во текот на целата 2019 година и нови членови на персоналот беа обучени за Кодексот на однесување на затворскиот персонал врз основа на Европскиот етички кодекс за затворскиот персонал и за соодветните услови и методите на присила. Сепак, во Центарот за обука за затвори во Идризово сè уште нема структурирана наставна програма за почетни и континуирани стручни обуки.

Воспоставен е надворешниот механизам за надзор на полицијата, вклучително и затворската полиција. Механизмот за граѓанска контрола е воспоставен во Канцеларијата на Народниот правобранител и започна со работа во јули 2019 година. Тројца членови на граѓанското општество беа избрани за механизмот за граѓанска контрола во декември 2019 година. И покрај недостатокот на целосно независни истражители распоредени во посебниот оддел во Канцеларијата на јавните обвинители за гонење на организиран криминал и корупција, системот е функционален. Имаше 248 случаи против 446 лица со полициски овластувања или припадници на затворската полиција доставени до овој оддел под сомнение за кривично дело. Како резултат на истрагите, шест полицајци се приведени, а 18 се обвинети. Против седум од нив имало првостепени пресуди, вклучително и четири затворски казни. На двајца полицајци им биле изречени едногодишни затворски казни во прв степен, на еден полицаец му била изречена затворска казна од 26 месеци, на еден полицаец петмесечна затворска казна и на тројца полицајци биле изречени условни казни од по 2 години.

Треба да се обезбеди систематско спроведување на заштитни мерки против лошо постапување од страна на полицијата, во согласност со Стандардните оперативни процедури за приведување на лица лишени од слобода. Во 2019 година, поднесени се 62 претставки до Дирекцијата за извршување санкции, вклучувајќи три жалби за нечовечно постапување. Во овие случаи, беше организиран вонреден надзор, што ги потврди индициите за злоупотреба во еден случај, но дисциплинската комисија ги отфрли дисциплинските постапки, не наоѓајќи основа за одговорност на полициските

службеници во затворот. Канцеларијата на Народниот правобранител прими 12 претставки за тортура или малтретирање во затворите и пет претставки против полицијата по слични основи. Одделот за внатрешна контрола и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи во 2019 година постапуваше по 65 претставки за употреба на физичка сила од страна на полициски службеници, од кои 26 се покажаа како неосновани, а за 38 нема докази. Во еден случај, против еден полицаец беа поднесени кривични пријави за тешка телесна повреда и иницијатива за дисциплинска одлука, но случајот беше отфрлен. Одделот доставил 97 известувања до Одделението за истрага и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања. Одделот поднесе седум кривични пријави против десет полицајци за девет кривични дела, вклучително и за пет кривични дела злоупотреба на службената положба и овластување, едно кривично дело тешка телесна повреда и едно кривично дело мачење или друго нехумано или понижувачко постапување или казнување. Надворешниот механизам за надзор за работата на полицијата, вклучително и затворската полиција, ги зголеми очекувањата на граѓаните, а повеќе случаи се пријавени директно до Јавното обвинителство.

Работата за подобрување на условите во притворските установи напредува нерамномерно. Од суштинско значење е итно да се решат лошите услови што опстојуваат во некои затвори, полициски станици, установи за социјална грижа и психијатриски институции. Народниот правобранител пријави распределба на соодветни ресурси за активностите на Националниот превентивен механизам против тортура и механизмот за граѓанска контрола во 2019 година, додека посетите на местата за лишување од слобода беа прекинати за време на пандемијата на КОВИД-19. Во март 2020 година, Националниот превентивенмеханизам издаде препораки за третман на лица лишени од слобода под околностите на пандемијата на КОВИД-19 и ја повтори апсолутната забрана за тортура и малтретирање, дури и во итни случаи.

Додека продолжува изградбата и обновата во **затворскиот систем**, условите во затворениот дел и „амбулантата“ на казнено-поправниот дом „Идризово“ остануваат нехумани. Властите треба итно да ги пренесат осудените лица од најзапуштените згради и да ја забрзаат реконструкција на несоодветните објекти. Новиот Закон за извршување на санкциите стапи на сила во мај 2019 година, со законски подобрувања за зајакнување на системот за управување и надзор над затворите. И покрај спроведувањето на планот за ублажување на корупцијата во 2017 година, редовниот надзор е од суштинско значење за да се спречи постојаното прашање на корупција во затворите. Стратегијата за развој на казнено-поправниот систем продолжи да се спроведува, сепак подготовките за ослободување на осудените лица во заедницата остануваат недоволни. И покрај вработувањето на нови затворски службеници, казнено-поправниот сектор останува со недоволно вработени и недоволно финансиски средства. Плаќањето на здравствено осигурување за осудени лица на Фондот за здравствено осигурување започна во јуни 2019 година. Сепак, здравствената заштита во затворите останува сериозно загрижувачка, вклучително и во однос на малолетници и третман на зависности од дрога.

Обуките за пробациските службеници и активностите за развој на пробацискиот систем се зголемија во 2019 година. Во текот на 2019 година беа регистрирани 165 условни пробации, од кои повеќето беа за надзор над осудени лица условно ослободени од затвор и за случаи на условни казни со заштитен надзор. Други 34 случаи се регистрирани во 2020 година. Соработка помеѓу јавниот и приватниот сектор и граѓанското општество постои и таа треба дополнително да се развива. Постигнат е напредок во меѓуагенциската соработка. Сепак, треба да се зајакне и координацијата

меѓу пробациските службеници, судиите, јавните обвинители, затворскиот персонал и другите институции пред ослободувањето на осудено лице. Акцентот треба да остане на развојот на алтернативи на притворот со цел да се избегне пренатрупаност и да се подобри ресоцијализацијата и рехабилитацијата на осудените лица со цел да се намалат случаите на повторено дело. Нивото на наменски активности (едукативни, рекреативни, стручни) што се нудат е недоволно за осудените и не постои за притворените лица. Услугите за образование и ресоцијализација, како и програмите за лекување, треба да се зајакнат во сите казнено-поправни установи и особено во воспитно-поправните установи.

Во однос на **заштита на личните податоци**, во декември 2019 година, земјата го потпиша Протоколот за измена на Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматската обработка на личните податоци на Советот на Европа во 2018 година. Новиот Закон за заштита на личните податоци беше донесен во февруари 2020 година, за усогласување со Општата регулатива за заштита на податоците 2016/679, со што се проширувaат задачите и овластувањата на новата Агенција за заштита на личните податоци. Тринаесет подзаконски акти беа донесени во мај 2020 година. Нема конкретен напредок во усогласувањето со Директивата 2016/680 (Директива за спроведување на законот).

Агенцијата за заштита на личните податоци беше консултирана за подготовката на апликацијата за следење контакти „StopKorona" за да се обезбеди нејзино усогласување со новото законодавство. Агенцијата на својата веб-страница објави препораки за заштита на личните податоци во контекст на пандемијата на КОВИД-19.

Отсуството на директор и заменик директор го попречува правилното функционирање на Агенцијата за заштита на личните податоци, по оставката на нејзиниот директор во мај 2019 година. Нов директор и заменик директор избра Собранието на крајот на декември 2019 година. Во извештајниот период, Агенцијата прими 463 претставки и изврши 213 инспекции, и двата се намалени во споредба со 2018 година, како резултат на отсуството на директор. Сите надзори беа суспендирани во март поради пандемијата на КОВИД-19. Агенцијата изврши вонредна инспекција по службена должност за да испита евентуално нарушување на безбедностана лични податоци обработени од Државната изборна комисија (ДИК), по инцидентот на веб-страницата на ДИК на денот на изборите на 15 јули. Непланираните инспекции по барањата на граѓаните се зголемија во 2019 година, вклучително и во Министерството за внатрешни работи, утврдувајќи некои прекршувања на законодавството за заштита на личните податоци, кои подоцна беа исправени. Повеќето поплаки се однесуваа на наводите за кршење на правата за заштита на личните податоци на социјалните мрежи, видео надзорот во станбени згради, наводниот незаконски директен маркетинг и обработка на матичните броеви. Во извештајниот период се постапуваше по тринаесет прекршочни случаи за кршење на законите за заштита на податоците, од кои осум датираат од 2018 година, што резултираше со осум прекршочни казни, што останува ниска бројка. Во извештајниот период, Агенцијата даде 17 мислења и препораки на други институции за усогласување на секторското законодавство со Законот за заштита на личните податоци. Сепак, овие препораки не се целосно спроведени од засегнатите институции и не сите законски и подзаконски акти со кои се регулира обработката на личните податоци се доставуваат до Агенцијата пред донесувањето. Агенцијата продолжи да обезбедува обука за контролори и обработувачи на лични податоци.

Продолжува да се гарантира **слободата на мислата, совеста и религијата** , а дискриминацијата врз основа на религија е забранета. Земјата сѐ уште треба да ја

спроведе пресудата од април 2018 година од страна на Европскиот суд за човекови права за одбивањето да се обнови регистрацијата на заедницата Бекташи.

**Слобода на изразување**

Земјата има **одредено ниво на подготвеност/е умерено подготвена** во областа на слободата на изразување и постигна ограничен напредок за време на извештајниот период. Целокупната состојба и климата во која работат медиумите остануваат генерално погодни за слободата на медиумите и овозможуваат критичко известување за медиумите, иако имаше некои зголемени тензии за време на кризата со КОВИД-19 и во контекст на изборите. Потребно е да се интензивираат напорите за саморегулација за да се поддржи напредувањето во професионалните стандарди и квалитетот на новинарството. Важно е да се обезбеди поголема транспарентност на рекламирањето во медиумите од страна на државните институции, политичките партии и јавните претпријатија. Потребни се одржливи решенија за да се обезбеди независност на јавниот радиодифузен сервис, професионални стандарди и финансиска одржливост. Од суштинско значење е да се продолжи со поддршка на плурализмот во медиумите, промовирање на професионализам, непристрасно известување и истражувачко новинарство и градење флексибилност за ефикасна борба против дезинформациите. Финансиската одржливост на независните медиуми и условите за работа на новинарите остануваат предизвик. Некои од препораките од минатата година остануваат валидни. Во наредната година, земјата особено треба:

→ да даде приоритет на реформите на јавниот радиодифузен сервис, да обезбеди негова финансиска одржливост и независност и да ги финализира назначувањата за програмскиот совет на јавниот радиодифузен сервис и за регулаторниот совет за медиуми;

→ да ги зголеми напорите за борба против дезинформациите и градење флексибилност на медиумите;

→ да обезбеди брзо и ефикасно следење од страна на органите за спроведување на законот и судските органи на сите случаи на физичко и вербално насилство врз новинари.

Целокупната состојба и политичката клима во која работат медиумите и натаму беа поволни за подобрување на слободата на изразување. Владата покажа проактивен став во борбата против дезинформациите и додели дополнителна финансиска поддршка за печатените медиуми. Властите, исто така, обезбедија поддршка за медиумите во контекст на пандемијата на КОВИД-19. Остануваат предизвиците во спроведувањето на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумскиуслуги. Потребни се дополнителни мерки за поддршка на поголеми реформи во медиумите со ангажирање на сите релевантни засегнати страни преку вистински консултативен процес.

<u>Заплашување на новинарите</u>

Од јануари 2019 година, во Министерството за внатрешни работи биле пријавени 10 случаи на заплашување на новинари, што претставува пораст од претходната година. На почетокот на 2020 година, Здружението на новинари регистрираше четири нови случаи на женски новинари кои биле навредувани и/или кои претрпеле закани. Органите за спроведување на законот и Јавното обвинителство ефикасно ги следат инцидентите во кои се вклучени новинари, но потребни се дополнителни подобрувања, особено во случаи во кои се вклучени политичари. Медиумските здруженија ја признаваат посветеноста на властите за безбедноста на новинарите. Потребна е

подобра координација помеѓу различни институции за побрзо постапување во врска со пријавените повреди. Политичарите и јавните службеници сè уште треба да покажат повисоко ниво на толеранција кон критиката и да ја промовираат слободата на изразување. Обука за подобрување на процедурите за однесување на полицијата кон новинарите беше организирана како дел од соработката помеѓу медиумските здруженија и полицијата. Старите случаи во врска со најсериозните физички напади врз новинари (13) сè уште не се решени.

Законодавна средина

Законодавната рамка беше предмет на чести измени кои влијаеја врз правната сигурност на медиумите. Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги последен пат беше изменет во февруари 2020 година. По барањето на националните ТВ-станици во врска со почитување на правата на интелектуална сопственост при пренесување на странски канали, измените наметнаа обврска за кабелските оператори, со цел да ги регистрираат ТВ-каналите, да поднесат, меѓу другото, потпишана изјава под морална, материјална и кривична одговорност. Владата донесе неколку уредби помеѓу март и јуни 2020 година, во обид да се реши спорот меѓу ТВ каналите и кабелските оператори, но допрва треба да се постигне одржливо решение. Назначувањата на новите членови на програмскиот совет на јавниот радиодифузен сервис и Советот на медиумскиот регулатор беа одложени во Собранието, со што се попречуваат очекуваните позитивни ефекти од реформата врз нивната независност. Законот предвидува опција за властите да ја ограничат распределбата на средствата на регулаторот, јавниот радиодифузер и јавното претпријатие за емитување. Правната рамка треба дополнително да се усогласи со директивата на ЕУ за аудиовизуелни медиумски услуги. Изборниот законик беше изменет пред претседателските избори во 2019 година, со што се отстрани набљудувањето на емитувањето платени политички реклами на интернет од страна на Државната изборна комисија. Тој беше изменет уште еднаш во февруари 2020 година, како и преку уредби за време на вонредна состојба, пред почетокот на кампањата за предвремените парламентарни избори на 15 јули. Можноста политичките партии да користат државни средства за политичко рекламирање во медиумите, предизвика загриженост кај медиумските здруженија за можно влијание врз независноста на медиумите. Говорот на омраза е незаконски и на интернет и надвор од интернет, но останува распространет на интернет.

Спроведување на законодавството/институциите

Како дел од следењето на медиумите за време на претседателските избори во 2019 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги покрена четири прекршочни постапки, особено за надминување на границата за платено политичко рекламирање, кршење на изборниот молк и емитување платено политичко рекламирање во информативна програма. Регулаторот го интензивираше својот ангажман со граѓанските организации и медиумите за унапредување на медиумската писменост. Тој отвори истрага за скриената сопственост на медиумите и објави неколку извештаи за почитувањето на човековите права и родовата еднаквост во медиумите. Треба дополнително да се обезбеди финансиска стабилност и независност на медиумскиот регулатор. Во 2019 година, Советот за етика во медиумите прими 83 претставки за непочитување на етичките стандарди, особено на интернет,76,5%. Здружението на новинари пријави 30 тековни судски случаи на навреда и клевета кои вклучуваат новинари.

Јавен радиодифузен сервис

Реформата на јавниот радиодифузен сервис е во рана фаза и треба да ѝ се даде приоритет. Според Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, износот на јавното финансирање на јавниот радиодифузен сервис е дефиниран како процент од државниот буџет, со постепено зголемување со текот на времето (до 0,8% во 2019 година; до 0,9% во 2020 година; 1% од 2021 година) Поради дискреционите права на властите предвидени со законот, трансферот на средства продолжи да се извршува со помал процент (околу 0,6%). И покрај тоа, дополнителни канали беа отворени на почетокот на април 2020 година. Според тоа, финансиската независност и одржливост на јавниот радиодифузер остануваат во прашање.. Подеднакво е важно да се најдат решенија за старите долгови на јавниот радиодифузен сервис кон државните институции. Потребни се дополнителни напори за подобрување на квалитетот на неговото известување и за модернизирање на нејзините работни процедури и техничката опрема. Јавниот радиодифузен сервис стана член на Советот за етика во медиумите. Од суштинско значење е да се обезбеди независност на јавниот радиодифузер. Се подготвува подолгорочна стратешка реформа и таа треба да се развие во консултација со засегнатите страни. За време на пандемијата на КОВИД-19, јавниот радиодифузен сервис соработуваше со релевантни институции за пренесување навремени и точни информации, вклучително и преку формирање на 11 центри за коресподенција низ целата земја. Програмите наменети за деца беа емитувани на двата национални канали, како помошно средство за нарушувањето на образовниот процес.

Економски фактори

Медиумскиот пејзаж има голем број медиуми, со оглед на прилично малата потрошувачка основа. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги објави дека буџетите за рекламирање се намалуваат. Дисбалансот помеѓу медиумите и достапното финансирање предизвикува загриженост за финансиската одржливост на медиумите и за интегритетот и независноста на медиумите. Со оглед на економската состојба, важно е да се продолжи со поддршка на професионалното и истражувачкото новинарство. Потребна е поголема транспарентност за сопственоста на медиумите и можната нелегална медиумска концентрација. Агенцијата за медиуми продолжува со своите напори во оваа област. На локално ниво, потребни се напори за да се обезбеди независност на медиумите од политичките сили.

Државното рекламирање на комерцијални канали е забрането. Можноста политичките партии да користат државни средства за политичко рекламирање во медиумите предизвикаа загриженост кај медиумските здруженија за можно политичко влијание врз уредниците. Дневно има пет весници, од кои два на албански јазик. Властите одвоија дополнителни 800.000 евра за поддршка на печатените медиуми во 2020 година. За време на пандемијата на КОВИД-19, властите воведоа неколку мерки за поддршка на медиумскиот сектор, вклучително и традиционални и медиуми на интернет.

интернет

интернет-медиумите не се регулирани со закон и продолжуваат разновидните мислења за потребата од регулирање на работата на интернет-медиумите (особено поврзани со дезинформации). Предложено е воспоставување механизам за саморегулација. Во декември 2019 година, Здружението на новинари и Советот за етика во медиумите воспостави регистар на мрежни медиуми (promedia.mk) кој е доброволен и поставува низа минимални професионални барања. Дезинформациите, говорот на омраза, непочитувањето на професионалните стандарди и кршењето на правата на интелектуална сопственост се чести во мрежните медиуми. Во јули 2019 година,

властите претставија акциски план за решително делување против дезинформациите. Од суштинско значење е професионалците ијавноста во целина да разберат и да станат отпорни против настојувањатаза дезинформации. Медиумските здруженија го пофалија проактивниот став на властите за спротивставување на „лажните вести“, но исто така предупредија за можни ризици од цензура. Главниот уредник на еден медиум на интернет доби шестмесечна условна казна за откривање службена тајна. Медиумските здруженија ја осудија постапката со која тројца новинари беа испрашувани од полицијата, барајќи да ги обелоденат своите извори и побараа од властите да ги испитаат одговорните за неовластените аудио записи. Новинарите беа лишени од механизам за поплаки од страна на Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер, поради доцнењето на Собранието во назначувањето на нејзин директор, што конечно се случи во декември 2019 година.

Професионални организации и услови за работа

Условите за работа на новинарите, особено нивните трудови и социјални права, треба значително да се подобрат, особено на локално ниво. Некои разрешувања и оставки на новинари и главни уредници се случија како последица на несогласувања со сопствениците на медиуми. Поради лошите работни услови, новинарите и медиумските работници се подложни на самоцензура. Независниот синдикат на новинари и медиумски работници преговараше и потпиша колективен договор за синдикат со државната агенција за слободен пристап до информации. Во консултација со Независниот синдикат на новинари, властите донесоа уредба за субвенционирање на придонеси за социјално осигурување за новинари/медиумски работници за период од три месеци, со која се бара како предуслов медиумите да бидат регистрирани како правни лица, да имаат транспарентна сопственост и минимум тројца вработени.

*(Види исто така Поглавје 10 - Информатичко општество и медиуми)*

Правото на **слобода на собирање и здружување** е загарантирано со Уставот. Во текот на 2019 година немаше ограничувања во користењето на овие права, вклучително и во однос на локацијата. Повремените собири се одржуваа мирно за да се сврти вниманието кон разни социјални теми. Овие собири не предизвикаа загриженост во однос на употребата на сила. За слободата на здружување, Законот за здруженија и фондации останува непроменет.

Прашањата за **работничките права и правата на синдикално организирање** понатаму се опфатени во *Поглавје 19 - Социјална политика и вработување.*

Во однос на **правата на сопственост**, недостатокот на координација меѓу релевантните институции, како резултат и на отсуството на стратешки документи, сѐ уште предизвикува долги и скапи процедури. Ова доведува до одложување на ажурирањето на регистрите, особено на општинско ниво. Агенцијата за катастар на недвижности одржува висока стапка од над 90% од решените случаи во 2019 година. Регистрацијата на земјиште и имот е завршена и ласерско скенирање е спроведено на целата територија. Администрациите што управуваат со процесите на враќање, компензација и легализација, сѐ уште вложуваат напори да управуваат со нивните предмети. Околу 6.500 (наспроти 7.000 во 2018 година) случаи на денационализација треба да се решат.

Во мај 2020 година, по предизвикот кој го презентираше поранешната Комисија за заштита од дискриминација, Уставниот суд го укина Законот за спречување и заштита од дискриминација донесен во 2019 година. Судот го поништи законот од процедурални причини бидејќи на повторното гласање во Собранието по ветото на

поранешниот претседател на Републиката, не беше постигнато потребното мнозинство пратеници и, како такво, донесувањето беше неуставно. Имајќи предвид дека Собранието беше распуштено пред изборите и дека не можеше да се закаже ново гласање, земјата остана без сеопфатна законска рамка за **недискриминација**. Ова укинување, исто така, го поништува изборниот процес на новата Комисија за антидискриминација која беше сериозно одложена и ја остави земјата без тело за еднаквост. Од суштинско значење е новиот законодавен дом да донесе Закон за спречување и заштита од дискриминација. Овој закон се сметаше во согласност со*правото на ЕУ* и европските стандарди за недискриминација, и треба да се зачуваат неговите одредби, вклучително и списокот на заштитени основи што ја опфаќаат сексуалната ориентација и родовиот идентитет.

Остануваат слабостите во однос на буџетските распределби и спроведувањето на националната стратегија 2016-2020 година за еднаквост и недискриминација. Канцеларијата на Народниот правобранител прими 60 претставки за дискриминација и издаде 24 мислења. Измените на Кривичниот законик донесени во декември 2018 година ги разјаснија одредбите за кривично дело од омраза и ги проширија заштитените основи. Сепак, луѓето сè уште не се соодветно заштитени од говор на омраза и дискриминаторски говор. Несистематското собирање на податоци за говорот на омраза останува проблем. Земјата треба во овој поглед подобро да го искористи статусот набљудувач во Агенцијата за фундаментални права. Трендот на зголемување на случаите на кривични дела од омраза, регистриран во базата на податоци на граѓанското општество, продолжи и во 2019 година. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги продолжи да реагира проактивно на наводните говори на омраза и инциденти со дискриминација. Улогата на Националното координативно тело за недискриминација во спроведувањето на законот е пофалена од граѓанските организации. Министерството за труд и социјална политика, во соработка со невладини организации, започна обука на државните службеници за тоа како да се справат со дискриминацијата и говорот на омраза.

Постигнат е одреден напредок во однос на **еднаквоста помеѓу жените и мажите**. Правната рамка во голема мера е во согласност со *правото на ЕУ*, но сепак треба да се надополни по ратификувањето на Истанбулската конвенција. Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, подготвен во јануари 2020 година, не беше донесен од Собранието пред неговото распуштање. Северна Македонија го објави својот прв Индекс на родова еднаквост во октомври 2019 година, што укажува на подобрувања во однос на еднаквоста во донесувањето одлуки. Сепак, родовиот јаз во оваа област останува значителен.

Во согласност со резолуцијата 1325 на ООН за жените, мирот и безбедноста, родовата перспектива беше интегрирана во стратешките документи на Министерството за одбрана и Армијата. За прв пат е изработен Национален акциски план. Измените во врска со унапредувањето на родовата еднаквост се вклучени во Законот за одбрана и во Законот за служба во армијата во јануари и февруари 2020 година. Сепак, акцискиот план за спроведување на Резолуцијата сè уште не е донесен.

Министерството за труд и социјална политика продолжи да инвестира во услуги во заедницата за поддршка на жртвите на родово насилство, вклучително и со формирање тим на експерти на располагање 24 часа на ден за постапување во случаи на семејно насилство и родово насилство. Случаите на семејно насилство беа меѓу исклучоците кои судовите сè уште ги спроведуваа за време на вонредната состојба. Тринаесет нови услуги за жртви на родово насилство беа воспоставени во периодот на известување.

Постојат шест засолништа, три во Скопје и три во Пелагонија, Вардар и Источен регион, оставајќи четири региони без пристап до такви услуги. Засолништата сè уште не ги исполнуваат минималните стандарди од Истанбулската конвенција и повеќето не се достапни за жени со попреченост. Недостасува систематско собирање податоци за родово насилство. Акцискиот план за Истанбулската конвенција нема специфични средства за нејзино ефективно спроведување. Спроведувањето на Законот за прекинување на бременоста бара пристап до медицински процедури, контрацепција и информации за сексуалното и репродуктивното здравје низ целата земја. Продолжува стереотипизацијата на половите, како и нападите врз жени. Жените во јавниот живот се подложни на особено злобни напади преку социјалните мрежи.

Правната рамка за **правата на детето** во голема мера е во согласност со меѓународните стандарди. Законот за заштита на децата е изменет во мај 2019 година, со кој дополнително се зајакнува социјалната заштита на децата. Комитетот на ОН за правата на детето препорачува спроведување на тековната правна рамка наместо нејзино реформирање. Механизмите за решавање на структурните бариери се недоволни, а предизвиците како што се недостаток на инвестиции, неефективна употреба на расположливите ресурси, недостаток на персонал и недоволна меѓусекторска координација и понатаму постојат. Исто така, постои потреба за подобрување на транспарентноста, отчетноста и планирањето. Треба да се подготви национална стратегија за унапредување и заштита на правата на децата, придружена со соодветен буџет и идентификување на секторски модели кои ќе обезбедат ефективни услуги за децата, вклучително и на локално ниво.

Владиното тело одговорно за надгледување на спроведувањето на Конвенцијата за правата на детето веќе не работи. Во декември 2019 година, Владата ги потпиша Конвенцијата за заштита на децата од 1996 година, Конвенцијата за избор на судски спогодби од 2005 година, Конвенцијата за поддршка на децата и издршка на семејство од 2007 година, како и нејзиниот Протокол за законот што се применува на обврските за издршка. Владата, исто така, ја потпиша заложбата за пристапување кон Глобалното партнерство за ставање крај на насилството врз децата. Развиена е Национална стратегија за ставање крај на насилството врз децата (за 2020 - 2025 година), вклучувајќи и акциски план за 2020-2022 година.

Ограничено е собирањето податоци за појавата, распространетоста и типологијата на насилство во кое се вклучени деца, како и основните податоци за прашања поврзани со заштитата на децата. Податоците за ранливите групи како што се деца со попреченост или деца од ромската заедница треба дополнително да се подобрат за да се овозможи солидна анализа на политиките. Потребни се дополнителни напори за подигање на свеста за насилството врз децата и зголемување на капацитетот на професионалците да го идентификуваат и пријават насилството врз децата. Водечки принцип на заинтересираните страни треба да биде најдобриот интерес на детето.

Со појавата на кризата од КОВИД-19, Министерството за труд и социјална политика ослободи од работните обврски еден родител на деца на возраст од 10 години или помалку. Министерството, исто така, распредели пакети за лична хигиени на најранливите семејства и обезбеди психосоцијална поддршка преку интернет за деца со попреченост.

Процесот на деинституционализација е во тек и условите за децата сместени во домови за згрижување во заедницата се генерално задоволителни. Овој процес доведе до затворање на три станбени институции. Од суштинско значење е да се обезбеди квалитет на испорака на услуги преку ефективно следење. Потребни се дополнителни

услуги во заедницата за да се идентификуваат децата кои се изложени на ризик и да се поддржат децата Роми и децата со попреченост кои се жртви на дискриминација и сегрегација.

Националната единица за борба против трговија со луѓе и криумчарење мигранти идентификуваше шест жртви на трговија со луѓе во 2019 година, од кои четири беа деца кои биле жртви на трговија со луѓе за принуден брак, сексуална и трудова експлоатација. Канцеларијата на Народниот правобранител забележа значително зголемување на бројот на жалби за повреда на правата на детето. Канцеларијата потврди 139 повреди на правата на децата во 2019 година.

Треба да се подобри примената на Законот за малолетничка правда, особено правилата за пристап до правдата, правната застапеност и капацитетот на јавните службеници вклучени во постапувањето со децата жртви, децата сведоци и децата кои доаѓаат во судир со законот. Нема подобрувања во материјалните услови и достапноста на образованието и активностите за ресоцијализација на притворените деца. Воспитно-поправниот дом за малолетници во близина на Тетово сѐ уште не е отворен што резултира во притворање малолетници во затворот за возрасни во Охрид под несоодветни услови и лошо постапување. Улогата на Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво треба да се зајакне, како и капацитетот на локалните совети.

Постигнат е одреден напредок во подобрувањето на **правата на лицата со попреченост**. Националното тело за координација за спроведувањето на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост редовно се состанува и се води според националниот акциски план на Конвенцијата. Националното тело за следење на Конвенцијата на ОН започна со работа во 2019 година со одредено доцнење, но тоа систематски не комуницира и не соработува со организации што ги поддржуваат лицата со попреченост. Новиот Закон за социјална заштита и новиот Закон за заштита на правата на пациентите донесени во 2019 година ја препознаваат попреченоста како основа за дискриминација и бараат лична помош за таквите лица. Додатокот за попреченост е проширен на поширока група лица со попреченост. Новиот Закон за основно образование го нагласува инклузивното образование и трансформацијата на училиштата со посебни потреби во ресурсни центри. Недостатокот на ресурси и несоодветна обука на наставници остануваат пречки за инклузивното образование. Во 2019 година, 87 деца беа преселени од станбени институции во домови во заедницата. Мораториумот за прием на нови жители во Специјалниот институт во Демир Капија останува во сила, но условите во оваа институција остануваат многу лоши. Лицата со попреченост и понатаму се соочуваат со значителна дискриминација, директна и индиректна, поради бариерите поврзани со инфраструктурата, недостаток на информации и услуги, дискриминаторски ставови и социјално исклучување. Во 2019 година, Канцеларијата на Народниот правобранител пријави 24 жалби поврзани со дискриминација на децата со попреченост. *(Види, исто така, Поглавје 19 - Социјална политика и вработување)*

По одлуката на Уставниот суд за укинување на Законот за спречување и заштита од дискриминација, правата на **лезбејките, геј, бисексуалните, трансродовите и интерсексуалните** (ЛГБТИ) лица повеќе не се заштитени во правната рамка. Од суштинско значење е Законот, кога ќе биде ставен на повторно донесување во новото Собрание, да ги содржи сексуалната ориентација и родовиот идентитет како заштитени основи. Министерството за труд и социјална политика покажа постојана поддршка за ЛГБТИ лицата. Во јуни 2019 година, властите овозможија успешна организација на

првата Парада на гордоста во земјата (со присуство на пратеници, претставници на Владата и други службени лица), која се одвиваше без инциденти и уживаше широко медиумско покривање. Сепак, активист на ЛГБТИ беше нападнат во два наврати во 2019 и 2020 година. Говорот на омраза преку интернет преовладуваше и во јавна дебата повремено се провлекуваа погрдни термини за ЛГБТИ лицата. Нема напредок во истрагите за нападите во 2012, 2013 и 2014 година врз центарот за поддршка на ЛГБТИ. Општествените предрасуди, говорот на омраза, дискриминацијата и широко распространетата нетолеранција кон ЛГБТИ лицата и понатаму преовладуваат. Потребни се напори за зголемување на капацитетот на полициските службеници за спроведување на законот и на правните професионалци за поефективно спречување и гонење на сите случаи на насилство, кривични дела од омраза и говор на омраза. Правната рамка не дозволува официјално признавање на парови од ист пол. Пристапот до здравствена заштита на трансродовите лица останува ограничен. Постигнат е мал конкретен напредок кон воспоставување на законски регулирани постапки за признавање на полот, по пресудата на ЕСЧП од јануари 2019 година.

Единствениот развој во **процедуралните права** беше донесувањето на новиот Закон за правна помош. Примарната правна помош ја обезбедуваат Министерството за правда, овластени граѓански организации или правни клиники во форма на советување, информирање и помош во постапките. Секундарната правна помош е за граѓански и административни постапки, а понекогаш и за постапки со нотари и извршители. Правната рамка предвидува пресумција на невиност и право на комуникација со адвокат. Нема никакви случувања во однос на правата на жртвите и Законот за надоместок на жртвите од кривични дела сѐ уште не е донесен.

Во однос на **заштита на малцинствата**, во декември 2019 година, Венецијанската комисија го објави своето мислење за Законот за употреба на јазиците, во кое ги покани властите да преиспитаат некои одредби од новиот закон. Новиот закон кој ја појаснува улогата и мандатот на Агенцијата за реализација на правата на заедниците беше донесен во Собранието во јануари 2020 година. Според новиот закон, Агенцијата ќе има подобрени надлежности за следење и водење на јавните институции во почитувањето на нивните законски обврски кон малцинствата. Новото Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците е одговорно за стратегијата „едно општество за сите“ донесена во септември 2019 година. Министерството треба да покаже дека активно ја спроведува стратегијата и треба тесно да соработува со засегнатите страни за да воспостави социјална кохезија. Сепак, структурите за спроведување и следење на оваа стратегија сѐ уште се во исчекување, а меѓуинституционалната соработка помеѓу релевантните засегнати страни е слаба. Во контекст на спроведување на стратегијата, потребно е особено внимание за да се обезбеди дека се почитуваат правата на помалите немнозински заедници и дека ќе се реши нивното недоволно застапување. Институциите одговорни за политиките поврзани со малцинствата остануваат со недоволен број на вработени, недоволно се финансирани и се политички и етнички поделени. Без јасни политички активности за управување со етничките поделби на национално и локално ниво, заедниците ќе останат поделени по етничка линија. Препораките од Советодавниот комитет на Рамковната конвенција за национални малцинства сѐ уште не се доволно реализирани, ниту пак се следи нивното спроведување.

Инклузијата на **Ромите** добива поголемо внимание и од националните и од локалните власти, иако има уште многу да се направи. Спроведувањето на политиките за инклузија на Ромите е бавно и нема доволно капацитет за спроведување, координација и следење. Владата го зголеми финансирањето на политиките за интеграција на

Ромите, но слабата апсорпција на средствата останува проблем.

Ромите имаат ограничени економски можности и многумина не успеваат да заработат за живот. Само 3% од оние кои имаат корист од активната политика на пазарот на трудот се Роми. Состојбата со домувањето е драматична, со голем дел Роми кои живеат во илегални населби и/или супстандардни и нехигиенски средини. Донесен е Закон за лица без регулиран граѓански статус, кој овозможува пристап до редовните услуги за 750 Роми за кои е утврдено дека се без документ за лична идентификација, но неговото спроведување е попречено. Ратификувана е Конвенцијата на ОН за намалување на бездржавјанството од 1961 година, создавајќи изгледи за системско решение за регистрација на раѓање и граѓанска регистрација на сите лица без документи. Декларацијата на партнерите од Западен Балкан за интеграција на Ромите во рамките на процесот на проширување на ЕУ (Декларација од Познан) беше одобрена од Владата, но не се преземени чекори за нејзино спроведување. Заклучоците од семинарот за Ромите во 2019 година допрва ќе се спроведуваат.

И покрај постоењето на правни рамки за заштита на човековите права, Ромите често се жртви на расизам, дискриминација и сегрегација. Недостасуваат систематски мерки за решавање на проблемот со децата на улица, а на улиците се забележани деца кои питачат, вклучувајќи и млади мајки и бебиња. Не постои сеопфатен пристап за Ромите кои бараат азил и за повратници. Министерството за здравство и Министерството за образование продолжуваат да ги поддржуваат медијаторите Роми. Ефективните активности за градење капацитети им помогнаа на ромските невладини организации да развијат силно јадро на добро обучени активисти кои се подготвени да се справат со предизвиците во нивните заедници. Властите, во соработка со донаторите и граѓанското општество, дејствуваа за време на пандемијата на КОВИД-19 за поддршка на најранливите категории, вклучително и на Ромите. Ромската заедница е особено ранлива во контекст на кризата од КОВИД-19 и од суштинско значење е да се гарантира целосен пристап до здравствените услуги со цел да се контролира ширењето на вирусот. Генерално, многу Роми продолжуваат да живеат во сиромаштија и се соочуваат со невработеност и супстандардни услови за живот. Нивниот пристап до образование, домување, здравство и вработување и правда останува загрижувачки. Децата Роми се особено изложени на ризик, бидејќи сиромаштијата и дискриминацијата дејствуваат како понатамошни пречки за добивање образование.

**Правата на граѓаните на ЕУ**

Од декември 2012 година, Северна Македонија воведе измена во законот што дозволува **стекнување државјанство за посебен економски интерес**. Миграциските и безбедносните ризици што оваа програма може да ѝ ги предизвика на ЕУ се следат внимателно.

### 2.2.2 Поглавје 24: Правда, слобода и безбедност

*ЕУ има заеднички правила за гранична контрола, визи, дозволи за престој и работа, надворешна миграција и азил. Соработката во делот на Шенген наложува укинување на граничните контроли во ЕУ. Земјите членки на ЕУ, исто така, соработуваат со Северна Македонија во борбата против организираниот криминал и тероризмот и во судски, полициски и царински прашања и се поддржани од агенциите на ЕУ за правда и внатрешни работи.*

Северна Македонија е **умерено подготвена** за спроведување на правото на ЕУ.

Постигнат е **добар напредок** во исполнувањето на препораките од минатата година за ефективно спроведување на некои од институционалните реформи во безбедносниот сектор, како и реформата на разузнавачките служби. Исто така, подобрени се оперативните капацитети на службите за спроведување на законот. Треба да продолжат напорите за спроведување на Стратегијата за зајакнување на капацитетите за спроведување финансиски истраги и конфискација на имот. Продолжија напорите за управување со миграцијата. Договорот за статус со ЕУ за соработка со Европската агенција за гранична и крајбрежна стража сѐ уште не е потпишан. Регистрацијата на мигранти и заштита на профилирање чувствителни податоцисѐ уште треба да се извршува на посистематски начин. Треба да продолжат мерките за борба против насилниот екстремизам и борбата против тероризмот.

Во наредната година, земјата особено треба:

→ да обезбеди дека институционалните реформи во безбедносниот сектор (криминална полиција, финансиски одделенија, разузнавачки служби, Национален координативен центар за борба против организиран криминал) преминуваат во проактивна политика за спроведување на стратешките документи и постигнување понатамошни опипливи резултати;

→ да обезбеди спроведување на приоритетите на Заедничкиот акциски план за борба против тероризмот и ефективно работење на канцеларијата на Координаторот.

**Борба против организиран криминал**

Земјата има **одредено ниво на подготвеност** во борбата против организираниот криминал. Законодавната рамка е во голема мера во согласност со европските стандарди и напорите за спроведување стратегии против организираниот криминал мора да продолжат. Постигнат е **одреден напредок** во исполнувањето на минатогодишната препорака за воспоставување Канцеларија за поврат на имот во согласност со правото на ЕУ. Оваа канцеларија ќе треба да го покаже својот капацитет за поддршка на проактивната политика за конфискација на имот. Земјата е вклучена во учество во проценка на закана на регионално ниво и ќе мора да го прошири својот опсег во согласност со практиките на ЕУ. Има **одреден напредок** на оперативно ниво, но треба да се стори повеќе за да се подобри ефективноста на спроведувањето на законот во борбата против посебни форми на криминал, како што се перење пари и финансиски криминал. Сѐ уште се потребни напори за да се воспостави централизиран регистар на банкарски сметки, во согласност со 5-тата Директива на ЕУ за перење пари. Координацијата останува клучна за сите засегнати страни вклучени во борбата против организиран криминал.

Во наредната година, земјата особено треба:

→ дополнително да ги зајакне евиденциите за истраги, обвиненија и пресуди за организиран криминал и перење пари и да покаже способност за ефикасно разбивање на организираните криминални мрежи;

→ да ја зголеми употребата на конфискација на приходите од кривично дело од страна на судовите;

→ да ја зголеми функционалноста и капацитетот на истражните центри формирани во обвинителството.

Институционална поставеност и правно усогласување

Земјата има 213 униформирани полициски службеници (вклучително и кадети) на 100 000 жители, во споредба со просекот на ЕУ од 326 униформирани полициски службеници на 100 000 жители во 2017 година, според Евростат. Во 2019 година, вработени се 533 нови полициски службеници. Објавен е нов јавен оглас за вработување на 600 полициски службеници.

Преземено е големо преструктуирање за да се подобри институционалната поставеност во безбедносниот сектор. Клучни **институции** во борбата против организираниот криминал се специјализираните полициски сектори во рамките на Министерството за внатрешни работи. Секој од нив се занимава со различни видови организиран криминал и финансиски истраги. Единицата за финансиско разузнавање при Министерството за финансии, исто така, е вклучена во финансиските истраги. Таа собира информации и помага во идентификување на сомнителни трансакции. Формирани нови специјализирани единици за финансиски истраги во рамките на Царинската управа и во рамките на Финансиската полиција. Тие треба да ги зголемат своите резултати.

Некои полициски единици се добро опремени и обучени. Центарот за обука на полицијата при Министерството за внатрешни работи обезбедува и почетна и стручна обука.

Реформите во разузнавачките служби продолжија. Како резултат на тоа, Министерството за внатрешни работи претрпе преструктуирање. Управата за безбедност и контраразузнавање (УБК) престана да постои. Во септември 2019 година, беше формирана нова независна Агенција за национална безбедност, задолжена за контраразузнавање. Агенцијата треба да ги промени своите простории, одделно од Министерството за внатрешни работи. Процесот на вработување за Агенцијата, што беше извршен во согласност со законот, е завршен. Поранешните вработени во Управата за безбедност и контраразузнавање имаа право да аплицираат. Полициските надлежности на поранешната Управа за безбедност и контраразузнавање се пренесени на Директоратот за сузбивање на организиран и сериозен криминал во рамки на Министерството за внатрешни работи.

Системот за следење на комуникациите беше реформиран, што резултираше со формирање на Оперативната техничка агенција (ОТА). Останатите три од шест овластени тела, односно Јавното обвинителство, Финансиската полиција и Царинската управа сè уште треба да да воспостават врска со ОТА. Треба да се обезбедат техничките услови за правилно функционирање на системот.

Во рамките на Јавното обвинителство беше формирана Канцеларија за поврат на имот. Националниот совет за сајбер безбедност е основан во јули во согласност со Националната стратегија за сајбер безбедност (за 2018-2022 година). Советот е составен од министерот за одбрана, министерот за внатрешни работи и министерот за информатичко општество и администрација. Советот е одговорен за координирање и следење на спроведувањето на стратегијата и обезбедување стратешко водство.

Во однос на **законската рамка**, Кривичниот законик е во голема мера усогласен со стандардите на ЕУ и ја прогласува за незаконска трговијата со луѓе, детската порнографија, компјутерскиот криминал и трговијата со дрога. Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам е изменет и одобрува исплата на готовина до 3000 евра во споредба со 500 евра претходно.

Во однос на **стратешката рамка**, земјата во моментов развива регионална проценка на закана за сериозен и организиран криминал со цел да ги идентификува заедничките приоритети помеѓу членовите на Асоцијацијата на шефови на полициски служби на Југоисточна Европа. Таа треба да се ажурира за да се обезбеди конзистентност со циклусот на политики на Европол/ЕМПАКТ, четиригодишен циклус на политики утврден од Европската Унија со цел да се создаде поголема мерка на континуитет за борба против сериозниот меѓународен и организиран криминал. Постои Национална стратегија за спречување на перење пари и финансирање тероризам (со придружен акциски план) за 2017-2019 година. Се спроведува стратегијата за зајакнување на капацитетите за да се спроведат финансиски истраги и да се конфискува имот за повраток на имот, вклучително и преку институционални и оперативни реформи во Министерството за внатрешни работи.

Исто така, постои Национална стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и акциски план за 2017-2020 година. Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција е одговорна за следење на спроведувањето на Стратегијата. Децентрализацијата на Националната комисија, преку создавањето локални комисии на општинско ниво, допрва треба да ја докаже својата ефективност. Се спроведуваат Стратегијата за развој на полицијата и акцискиот план за 2016-2020 година, како и Националната стратегија за контрола на малото и лесно оружје и акцискиот план за 2017-2020 година и Националната стратегија за сајбер безбедност и акцискиот план за 2018-2022 година.

<u>Капацитет за спроведување и извршување</u>

Во 2019 година, достигнувањата на Северна Македонија во борбата против организираниот криминал дополнително се подобрија. Постои постојан пораст на бројот на кривични истраги отворени против организирани криминални групи, особено против групи во кои има многу осомничени лица, односно до 21 лице обвинето за криумчарење мигранти. До 31 март 2020 година беа покренати 19 нови истраги против 108 лица, а продолжени се две истраги од 2018 година против 15 осомничени лица. Истрагите главно се однесуваат на криумчарење мигранти или прекршоци поврзани со дрога. Во текот на последните 2 години беа одржани 31 судски процес, што резултираше во првостепени пресуди за 71 лице (вклучително и спогодување за вина). Во 2019 година имаше 56 конечни пресуди.

Досега се обвинети 99 лица (во споредба со 37 во 2017 година и 69 во 2018 година) за разни кривични дела како што се фалсификување документи, измама, перење пари, криумчарење или трговија со луѓе.

Воспоставен е **механизмот за надворешен надзор**. На Специјалниот оддел за истрага и гонење на кривични дела извршени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Јавното обвинителство му недостасуваат 9 истражители. Одделот примил 248 пријави за бруталност или други кривични дела од 446 полициски службеници и затворски службеници. Таквите пријави вклучуваат обвиненија пријавени од други обвинителства, од Министерството за внатрешни работи, од поединци и анонимни пријави. Шест осомничени беа ставени во притвор. Беа поднесени обвиненија за 18 службеници и беа донесени првостепени пресуди против седуммина од нив, од кои четворица со затворска казна. Завршен е изборот на тројца членови на невладини организации за функционирање на механизмот за граѓанска контрола во рамките на Народниот правобранител. Нивната улога е да им помагаат и да ги поддржуваат жртвите.

**Националниот координативен центар за борба против организираниот криминал** го подобри својот оперативен капацитет. Сите релевантни институции ги назначија своите претставници и се поврзани со Центарот. Сите органи учесници имаат пристап до нивните бази на податоци. Центарот е фокусиран на меѓуинституционална размена на информации, а не на меѓуинституционална соработка како таква. Треба да се охрабри работата во мултидисциплинарни тимови за целосно да се искористат можностите на Центарот.

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција сè уште нема доволно јавни обвинители. Пополнети се само 9 од предвидените 15 позиции. Покрај недоволните човечки ресурси, недостасуваат и финансиски средства за стручни услуги. Потребна е специјализација во рамките на Обвинителството, како и проактивен пристап во следењето на случаите.

Основани се истражни центри во Основното јавно обвинителство во Скопје, Куманово и Тетово и во Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција. Нивната цел е да ги подобрат **односите помеѓу обвинителите, полицијата и другите релевантни тела**. Тие треба да имаат доволно персонал вклучувајќи експерти и соодветна опрема за да станат оперативни.

Земјата учествува во **меѓународна полициска соработка** преку главните канали за соработка. Соработката со Европол е добро воспоставена по склучувањето на Стратешки договор во 2007 година и Оперативен договор во 2011 година. Постои оперативна соработка во борбата против трговијата со луѓе, оружје и дрога. Воспоставена е комуникациска врска за безбедна размена на информации (СИЕНА). Во споредба со 2018 година, во 2019 година бројот на нови случаи се зголеми за 17%, а бројот на разменети пораки се зголеми за 13%. Соработката и размената на податоци може дополнително да се подобрат преку проактивен пристап во споделувањето информации. Офицер за врска од Северна Македонија е испратен во седиштето на Европол во Хаг од 2015 година. Во 2019 година, земјата учествуваше во пет меѓународни операции за откривање и разбивање на организирани криминални мрежи и учествуваше во пет заеднички акциски денови со Европол. Центарот за обука го спроведува Работниот договор помеѓу Министерството за внатрешни работи и Европската полициска академија (ЦЕПОЛ) потпишан во август 2017 година. МВР и ЦЕПОЛ потпишаа План за соработка за обука за периодот 2019-2020 година. Овој план произлегува од заложбата на ЦЕПОЛ за зголемување на соработката со трети земји и земјите кандидати за членство во ЕУ. Земјата треба да продолжи да биде подготвена со искористување на можностите што ги нуди ЦЕПОЛ, и покрај буџетските ограничувања.

Во врска со **финансиските истраги**, единиците за спроведување на законот и органите на прогонот треба да го зголемат оперативниот капацитет. Потребна е поактивна употреба на мултидисциплинарна соработка помеѓу нив. Воспоставувањето на регистар на централни банкарски сметки, чиј пристап значително ќе придонесе за квалитетот на финансиските истраги, е во фаза на доработка и донесување на новиот Закон за платежни услуги.

Во 2019 година, конфискацијата на криминален имот беше ограничена на 21 лице. Таа вклучуваше конфискација на недвижен имот во три случаи. **Конфискацијата на криминалниот имот** треба да стане стратешки приоритет во борбата против организираниот криминал, тероризмот и корупцијата на високо ниво во земјата. Алатките на земјата за замрзнување, управување и конфискување на криминално стекнатиот имот не се доволно ефективни. Потребна е систематска употреба на

конфискација или проширена конфискација за ограничен список на кривични дела. Потребен е вистински фокус на приходите од криминал.

Оперативна е посветената работна група за борба против **трговија со луѓе и илегална миграција** која вклучува претставници од Министерството за внатрешни работи и двајца обвинители од Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција. Во 2019 година, беа идентификувани шест жртви на трговија со луѓе, сите се женски, а четири се деца (две жртви на принуден брак, една на сексуална експлоатација и една на присилна работа, од кои едната е странски државјанин). Имаше конечни пресуди, вклучително и спогодувања за вина против 23 лица за трговија со луѓе или криумчарење мигранти. Во првиот квартал на 2020 година, пет лица беа обвинети за трговија со луѓе, а 11 лица беа обвинети за криумчарење мигранти. Во 2019 година имаше една конечна пресуда за **перење пари**, против едно лице. Беа покренати обвиненија против пет лица. Сите релевантни институции сè уште мора проактивно да го спроведуваат законодавството против перење пари.

Во поглед на **мало и лесно оружје,** има видливи резултати со запленети 100 парчиња огнено оружје. Во 2019 година беа уништени повеќе од 600 парчиња оружје. Во 2019 година се откриени 138 кривични дела за нелегално производство, поседување и тргување со оружје или експлозивни материи, за што беа казнети 153 сторители. Постојат специфични правила за увоз и продажба на оружје и муниција, вклучувајќи специфични режими и постапки за четири различни категории. Два од петте акциски денови на Циклусот политики на ЕУ/ЕМПАКТ се однесуваа на трговија со огнено оружје. Четворица вработени кај министерот за внатрешни работи беа номинирани како централни точка за огнено оружје.

Во врска со **сајбер-криминалот**, откриени се вкупно 56 компјутерски криминали во 2019 година (105 во 2018 година). Не се пријавени случаи на производство и дистрибуција на детска порнографија. Преземени се чекори за поддршка на спроведувањето на стратегијата за сајбер-криминал, вклучително и следење на темната мрежа. Северна Македонија треба да продолжи да го зајакнува спроведувањето на законот, фокусирајќи се на откривање, следење и гонење на сајбер-криминалците.

Проактивната борба против организираниот криминал и корупцијата останува фундаментална во борбата против криминалната инфилтрација на политичките, правните и економските системи.

**Соработка во областа на дрогата**

<u>Институционална поставеност и правно усогласување</u>

Законот за контрола на дрога и психотропни супстанции треба да се ревидира за да биде целосно усогласен со правото на ЕУ и да обезбеди систем за рано предупредување за откривање на нови психоактивни супстанции. Национална опсерваторија за droги постои од 2007 година во Министерството за здравство. Националната стратегија за дрога за 2014-2020 година е усогласена со Стратегијата за дрога на ЕУ за 2013-2020 година.

<u>Капацитет за спроведување и извршување</u>

До 31 март 2020 година, достигнувањата на Северна Македонија во запленување дрога и разбивање на организирани криминални групи продолжи да се подобрува. Зголемен е бројот на откривање на кривични дела поврзани со дрога и на бројот на сторители. Поднесени се 16 кривични пријави против 28 лица. Во целост, Министерството за внатрешни работи заплени 986 килограми разни наркотици (1538 килограми во 2018

година). Најголем дел било марихуана (977,2 килограми), потоа хероин (5.687,22 грама), кокаин (1853,3 грама) и хашиш (5.419 грама). Царинската управа заплени 410.663,72 грама марихуана. Истрагите резултираа во разбивање на шест организирани криминални групи (8 во 2018 година). Соработката со соседните земји е добра, вклучувајќи ја и *ад хок* соработката.

Оперативниот капацитет на Националната опсерваторија за droги сè уште треба да се зајакне за да може да ги спроведува своите задачи за следење на дрога. Собирањето податоци, анализата и известувањето во согласност со барањата и методологиите на Европскиот центар за следење на дрогите и зависностите од дроги бара понатамошно зајакнување. Во Северна Македонија сè уште нема национален систем за рано предупредување.

Недостигот на безбедно складирање дрога и прекурзори пред уништувањето останува проблем.

**Борба против тероризам**

<u>Институционална поставеност и правно усогласување</u>

Постои Национален координатор за борба против тероризам и спречување на насилен екстремизам и двајца заменици (едно место е празно) одговорни за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам. Тие се одговорни за координирање на меѓуинституционалната соработка. Координаторот раководи со Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам во кој се застапени клучните институции. Некои од нив со право одвоија средства за активности за спречување и спротивставување на насилниот екстремизам. На Канцеларијата на Националниот координатор и на Националниот комитет им се распределени двајца привремени вработени од Меѓународната организација за миграција што ги подобри капацитетите на Канцеларијата.

Полициските надлежности на расформираната Управа за безбедност и контраразузнавање (УБК) се пренесени на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал во рамки на Министерството за внатрешни работи. Создаден е Сектор за борба против тероризмот, насилниот екстремизам и радикализмот и тој е одговорен за кривични истраги.

**Правната рамка** е во голема мера усогласен со правото на ЕУ и меѓународните инструменти против тероризам. Прашањата поврзани со тероризмот се регулирани со Кривичниот законик кој беше изменет во 2014 година во согласност со Резолуцијата 2178/2014 на Советот за безбедност на ОН според која сите држави мора да обезбедат дека нивните правни системи предвидуваат гонење, како сериозни кривични дела, за патување заради тероризам или обука поврзана со тероризам, како и финансирање или олеснување на ваквите активности.

Северна Македонија има Национална **стратегија** за борба против тероризмот (за 2018-2022) и Стратегија за борба против насилниот екстремизам (за 2018-2022) и двете со поврзани акциски планови.

Во октомври 2019 година, земјата и ЕУ потпишаа билатерален договор за спроведување во кој се наведени конкретни мерки што треба да се исполнат во рамките на заедничкиот акциски план за борба против тероризмот. Северна Македонија го достави својот прв времен извештај за спроведувањето на договорот во јули 2020 година. Финализацијата на измените на Законот за кривична постапка е важен чекор во спроведувањето на акцискиот план. Работата на спроведувањето на сите пет цели на

заедничкиот акциски план треба да продолжи, особено во однос на создавањето заедничка проценка на заканата од тероризам.

Во март 2020 година, Владата ја донесе националната проценка на ризик за перење пари и финансирање на тероризам.

Капацитет за спроведување и извршување

Немаше антитерористички операции или судски случаи во 2019 година. Четири лица, од 23 кои беа осудени под обвинение за учество во странски воени, полициски и паравоени формации во 2016 година, беа ослободени од затвор во 2019 година. Вкупно, досега беа ослободени 10 лица (шест во 2018 година). Деветмина сè уште ја издржуваат казната.

Околу 156 граѓани на земјата заминале во зоните на конфликти (Сирија и Ирак) од 2012 година: од нив, 76 се вратиле, 37 биле убиени, а 17 сè уште се во конфликтни области (плус околу 23 деца). Ниту еден не заминал во 2019 година. Во февруари 2020 година, еден странски терористички борец беше протеран од Турција и беше обвинет за учество во странска армија, полиција или паравоени формации. Во март, една жена и две деца беа вратени од бегалскиот камп во Турција.

Постои редовна размена на информации преку Европол. Започна соработка со Единицата за упатување на интернет на Европол (ИРУ) за справување со терористички содржини преку интернет. Воведувањето на СИЕНА за БПТ во земјата ги зголеми можностите за директна и безбедна размена на информации за БПТ. Продолжи соработката помеѓу службите за спроведување на законот, разузнавачките служби и релевантните клучни државни институции (образование, здравство и социјални услуги). Потребно е да се засилат напорите за да се направи меѓуинституционална заедничка проценка на заканата. Во некои општини се воспоставени локални механизми за спречување и борба против насилниот екстремизам. Активни тимови на заедницата се формирани во најчувствителните области, односно Чаир, Гостивар и Кичево. Покрај тоа, локалниот совет за превенција е повторно активиран во Куманово и се планираат слични активности за други места. Овие механизми треба да го покажат нивниот капацитет да придонесат за рано идентификување на радикализацијата.

Беа направени напори да се воведат програми за дерадикализација во затворите. Затворскиот персонал доби обука, а повеќестрани тимови беа формирани во пет затвори за да работат со радикализирани затвореници на дневна основа. Треба да се направи повеќе за реинтеграција и ресоцијализација на повратниците.

Северна Македонија активно учествува во спроведувањето на Иницијативата на Западен Балкан против тероризам (WBCTi).

**Легална и нелегална миграција**

Институционална поставеност и правно усогласување

**Правната рамка** е во голема мера во согласност со стандардите на ЕУ. Кризната ситуација на границите на земјата беше продолжена, со што се дозволи продолжено распоредување на војската.

Министерството за внатрешни работи е главниот актер во областа на миграцијата. Поделбата на задачите меѓу **институциите** што се занимаваат со миграција останува, со што управувањето станува помалку ефективно. Постигнат е напредок во спроведувањето на стандардните оперативни постапки (СОП) за деца без придружба и одделени деца и за ранливи категории странци. Националната комисија за борба

против трговија со луѓе и илегална миграција организираше обука за голем број државни службеници од прва линија за да им помогне во спроведувањето на СОП.

Резолуцијата за миграциска политика донесена од Владата во 2015 година е главен политички документ во оваа област. Иако новата **стратегија** за интеграција на бегалци и странци беше подготвена пред три години, таа сè уште чека на донесување бидејќи нема политичка волја да се придвижи напред.

Земјата ја ратификуваше Конвенцијата за намалување на бездржавјанството од 1961 година.

Капацитет за спроведување и извршување

Земјата продолжува да игра активна улога во управувањето со мешаните миграциски текови. Останува на една од главните транзитни рути за нелегално мешано движење. Планот за непредвидени ситуации за управување со големите миграциски текови сè уште треба да се финализира и да се договори. Со поддршка на службеници од земјите членки на ЕУ, се обезбедува ефективна контрола на јужната граница.

Земјата сè уште нема воспоставено целосен систем за управување со миграцијата кој е чувствителен на заштита. Регистрацијата на сите лица кои се фатени во нелегално движење заради управување со миграција, сè уште треба да се изврши на посистематски начин. Регистрацијата треба да биде проследена со систематска заштита на профилирање чувствителни податоции упатување на сите за кои е утврдено дека имаат потреба од меѓународна заштита на националните механизми за заштита. Во отсуство на соодветен систем за управување со нелегални движења, наводно продолжила практиката на враќање на мигрантите надвор од законска и/или процедурална рамка. Постои систематско суштинско несогласување помеѓу бројките на пријавени илегални премини и присуството во транзитните центри, кои честопати се скоро празни.

Нелегалното движење низ територијата продолжи со зголемено темпо во споредба со претходните две години. Официјалниот број на нелегални пристигнувања во 2019 година изнесува 20 314, што е раст од 16% во споредба со 2018 година. Сепак, се проценува дека реалниот број на пристигнувања во 2019 година е многу поголем. Движењата се претежно кон север, од Грција кон Србија.

Профилот на мигрантите остана главно ист како и во претходните две години, со државјани на Пакистан (35%) и Авганистан (23%) кои ги сочинуваат најголемите групи, претежно неженети мажи. Луѓето кои се во нелегално движење остануваат мета на организирани криминални групи вклучени во криумчарење луѓе, кои честопати изнудуваат пари и ги злоупотребуваат на различни начини.

Бројот на откриени обиди за криумчарење се зголеми, и иако се случија полициски операции и некои апсења, криумчарењето продолжува во голем обем. Од декември 2019 година, околу 119 лица беа заглавени во земјата. Поднесени се 82 кривични пријави против 64 лица за криумчарење мигранти. Имаше пресуди против 23 лица. Бројот на криумчарени мигранти останува голем и борбата против мрежи на криумчарење мора да се подобри и да биде приоритет.

И приемните и транзитните центри на јужната и северната граница обезбедуваат краткорочно сместување за вкупно 971 лице. Ниту еден од транзитните центри не е погоден за долгорочни престои, а властите и понатаму не сакаат да дозволат повеќе од привремен престој.

Договорот за реадмисија со ЕУ се спроведува на задоволителен начин од страна на

земјата. Според ЕВРОСТАТ, на 3850 државјани на Северна Македонија им било наредено да заминат во 2019 година (3500 во 2018 година). Имало 3005 вратени по наредба за заминување (стапка на поврат од 78%) во 2019 година во споредба со 3470 во 2018 година (99%). Се спроведоа помошни постапки за доброволно враќање за 25 мигранти кон трети земји. Треба да се посвети внимание на успешна реинтеграција на повратниците.

Косовските[9] Роми-бегалци проценети на 343, остануваат во неизвесна ситуација, со неодреден статус. Освен ограничен број (16) признати бегалци, останатите имаат или супсидијарна заштита (198) или немаат статус (129), и само се толерираат во земјата. По две децении живеење во земјата, со разни статуси, потребно е властите да им најдат одржливо решение.

**Азил**

Институционална поставеност и правно усогласување

Законот за меѓународна и привремена заштита, донесен во април 2018 година, во голема мера е усогласен со правото на ЕУ.Донесени се подзаконски акти што произлегуваат од законот за меѓународна и привремена заштита. Останува јаз во областа на задржување на лица во нелегално движење, бидејќи моменталното законодавство не дава алтернативи на задржувањето. Законот предвидува право за обединување на семејството. Признатите бегалци можат да имаат корист од тоа веднаш, но останува загриженоста за одложено обединување на семејството за лица под супсидијарна заштита, за 2 години по признавањето на статусот. Бидејќи супсидијарната заштита станува распространета форма на заштита што се доделува во земјата, вклучително и за деца без придружба, ваквите одложувања можат значително да влијаат на правото на семејно единство и, во случај на деца, можат да го прекршат начелото на најдобар интерес на детето.

Нов Закон за странци стапи на сила во мај 2019 година. Меѓу другите придобивки, тој им овозможува долгорочен престој на луѓето кои уживале меѓународна заштита, олеснувајќи ја на тој начин нивната локална интеграција. Сепак, тие сè уште мора да достават доказ за редовен приход и регистрирано место на живеење за да имаат придобивка од оваа одредба. Со оглед на екстремната ранливост на некои баратели, постои ризик оваа нова одредба да остане само теоретска. Ваквите барања се особено тешки за косовските Роми кои сè уште се под дополнителна заштита. Нивниот статус се прегледува секоја година и ги спречува да стекнат долгорочно вработување.

Капацитет за спроведување и извршување

Постапката за азил сè уште треба да се спроведе целосно во согласност со правото на ЕУ.Редовниот капацитет за прием остана непроменет и е приспособен на тековните потреби. Продолжува произволното задржување на лицата фатени во нелегални движења во прифатниот центар за странци во општина Гази Баба за да се обезбеди нивното сведочење како сведоци во судските случаи против криумчарите. До крајот на ноември 2019 година, вкупно 214 баратели на азил (48% од сите барања за азил) беа задржани во центарот за странци во Гази Баба пред да бидат ослободени и примени во прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово (близу до Скопје). Безбедната куќа, со која претходно управуваше Језуитската служба за бегалци под надзор на Министерството за труд и социјална политика, веќе не е достапна.

---

[9] Оваа ознака не е во спротивност со ставовите за статус и е во согласност со Резолуцијата 1244/1999 на Советот за безбедност на Обединетите Нации и Мислењето на МСП за декларацијата за независност на Косово.

Следствено, практиката генерално да не се задржуваат жени и деца за цели поврзани со миграцијата се промени и, заклучно со крајот на ноември 2019 година, вкупно три жени и 32 деца, вклучително и 29 деца без придружба, беа задржани во Гази Баба, иако за краток временски период. Треба да се најде алтернативно решение за домување за најранливите. Сепак, поради кризата од КОВИД-19, Владата донесе одлука сите нови баратели на азил да бидат ставени во карантин за почетен период од 25 дена во транзитниот центар Винојуг, на јужната граница.

Продолжи да се обезбедува пристап до постапката за азил. Во 2019 година биле поднесени 490 барања за азил (163 во 2017 година и 299 во 2018 година), од кои 121 (27%) биле од Пакистан, 112 (25%) од Авганистан и 50 (11%) од Сирија. Барањата за азил беа навремено регистрирани и обработени. Постојната база на податоци за странци, која треба да обезбеди алатка за управување со случаи за обработка на барањата за азил, сè уште треба да се подобри преку развој на нов модул за азил. Нема заостанати случаи на азил, иако повеќето случаи се прекинати, поради високата стапка на напуштање на барањето. Со исклучок на статусот на супсидијарна заштита доделен во 2019 година по хуманитарна основа на едно лице од Косово, нема позитивни одлуки за давање азил од декември 2018 година. Одлуките за утврдување статус обично се придружени со автоматско решение за протерување без квалитетна проценка на тоа дали некое лице може да биде предмет на прогон по враќањето. Квалитетот на пресудата за азил останува загрижувачки, исто и на ниво на жалба. Судскиот преглед е административен, а Управниот суд и Високиот управен суд донесуваат одлуки на техничка, наместо на суштинска основа. Сепак, новиот Закон за управни спорови треба да подобри некои критични точки.

Во 2019 година, Секторот за азил ја продолжи практиката на прекинување на меѓународната заштита за бегалците од Косово на кои им беше дадена дополнителна заштита. Помеѓу јануари и декември 2019 година, 22 косовски Роми (14 случаи) ја изгубија супсидијарната заштита. Ваквите практики ги ослабуваат можностите за изнаоѓање трајно решение за преостанатите бегалци од Косово и затворање на долгогодишното прашање. Правната помош според изменетиот Закон за бесплатна правна помош, остана неефикасна. Ниту едно лице кое поминало постапка за азил не добило бесплатна правна помош финансирана од државата. Позитивен настан е запишувањето на деца кои бараат азил во локалните училишта, од септември 2019 година. Ова е во согласност со новиот Закон за основно образование, кој експлицитно предвидува вклучување на бегалци и баратели на азил во националниот образовен систем и утврдува мерки за олеснување на таквата интеграција.

Сè уште се потребни дополнителни подобрувања на системот за азил. По периодот кога тоа беше релативно високо на владината агенда, настаните се оставаат главно на техничко ниво во релевантните министерства. Земјата соработува со Европската канцеларија за поддршка на азил (ЕАСО) врз основа на сеопфатни патокази. Првиот Патоказ за поддршка на воспоставување системи за азил и прием во согласност со стандардите на ЕУ беше спроведен во периодот од 2017-2019 година, а новиот патоказ за периодот 2020-2022 година се финализира.

**Визна политика**

Од 2009 година постои оперативна врска помеѓу дипломатските и конзуларните мисии на земјата, Националниот визен информатички систем Н-ВИС и Визниот центар во Министерството за надворешни работи.

Визниот режим е во голема мера усогласен со оној на ЕУ. Третиот извештај на

Комисијата според Механизмот за суспензија на визите од јули 2020 година заклучи дека Северна Македонија продолжува да ги исполнува одредниците за визна либерализација. Визите за краток престој се еднострано укинати за државјани на трети земји кои се државјани со постојана или привремена дозвола за престој издадена од земја членка на ЕУ/Шенген, како и за државјани на трети земји кои поседуваат важечки повеќекратни визи за САД, Канада и Обединетото Кралство. Безвизниот режим помеѓу Северна Македонија и Украина стапи на сила.

Визната политиката треба дополнително да се усогласи за голем број земји што во моментов се наоѓаат на белата листа на ЕУ, од чии државјани сè уште се бара виза за влез во Северна Македонија. Тука спаѓаат Вануату, Кирибати, Соломонските острови, Доминика, Гренада, Маршалските Острови, Микронезија, Палау, Самоа, Света Луција, Свети Винсент и Гренадините, Источен Тимор, Тонга, Тринидад и Тобаго и Тувалу. Во тек се преговори за Грузија. Непречено продолжи да функционира безвизниот режим со ЕУ. Националните власти ја продолжија нивната соработка за справување со неосновани барања за азил направени во земјите членки на Шенген и придружните земји. Бројот на барања за азил кои се поднесуваат за прв пат од земјата во земјите поврзани со ЕУ и Шенген беше 2695, намален за 20% во споредба со 2018 година.

Визната политика не е целосно во согласност со списокот на ЕУ на земји чии државјани бараат виза. Северна Македонија иззема државјани од Русија и Азербејџан. Во тек се преговори со властите на двете земји за идните услови за меѓусебни патувања за нивните државјани. Северна Македонија не бара виза за влез ниту за граѓаните на Боцвана, Куба, Косово и Турција.

**Шенген и надворешни граници**

<u>Институционална поставеност и правно усогласување</u>

Одделот за гранични работи и миграција е специјализирана единица во рамките на Министерството за внатрешни работи. Граничната полиција е структурирана во четири регионални центри, во рамките на кои функционираат полициските станици за граничен надзор и за гранични контроли.

Законската рамка за управување со надворешните граници во голема мера е во согласност со стандардите на ЕУ. Стратегијата за интегрирано гранично управување за 2015-2019 година е усогласена со концептот на ЕУ за интегрирано гранично управување од 2006 година. Потребна е нова стратегија, како и појаснување за тоа кој е одговорен за водење на процесот. Воспоставени се концепт и методологија за управување со ризици. На тој начин се регулира управувањето и спроведувањето на анализата на ризик од страна на граничната полиција.

Шенгенскиот акциски план, донесен во 2008 година, мора да се надгради и да се приспособи на неодамнешниот развој во правото на ЕУ. Треба да се зајакне Националниот координативен центар за гранично управување, формиран за ефикасна координација, размена на податоци, размена на информации и поголема ефикасност.

<u>Капацитет за спроведување и извршување</u>

На јужната граница се распоредени мешани полициски патроли кои вклучуваат припадници на граничната полиција на Австрија, Хрватска, Чешка, Унгарија, Полска, Србија, Словенија и Словачка, заради управување на миграциските текови. Националните органи имаат опсежна соработка со Европската агенција за гранична и крајбрежна стража (Фронтекс), вклучително и како набљудувачи во заеднички операции. Текстот на договорот за статус помеѓу ЕУ и земјата кој ќе овозможи

распоредување од страна на Фронтекс на тимови на европска гранична и крајбрежна стража на територијата на Северна Македонија на нејзините заеднички граници со соседните земји членки на ЕУ беше парафиран во јули 2018 година. Во очекување на потпишувањето и ратификувањето на договорот, земјата соработува со Фронтекс за подготовка на оперативен план, така што тимовите можат брзо да бидат распоредени во земјата.

Иако Националниот координативен центар за интегрирано гранично управување подготвува редовни извештаи за анализа на ризик, сè уште треба да се зајакне институционалниот и оперативниот капацитет. Информатичката и техничката експертиза мора да се интензивира. Северна Македонија учествува во мрежата за анализа на ризик на Западен Балкан предводена од Фронтекс.

Граничната полиција, царината и другите тела сè уште немаат заеднички пристап до базите на податоци и нема формализирани и сигурни активности за размена на информации со соодветните служби за безбедност. Сè уште треба да се воспостави специфична евиденција за откривање, истрага и гонење на прекуграничниот криминал. Опремата е задоволителна.

Соработката со соседните земји продолжува да биде добра. Граничните договори со повеќето соседни земји се спроведуваат непречено. Сè уште не е склучен формален договор со Грција, но билатералната техничка соработка функционира во пракса. Заедничките гранични патроли со соседните земји и заедничките полициски контакт центри продолжија редовно да разменуваат информации. Во моментот има два заеднички гранични премини за локален сообраќај со Србија и Албанија. Постојниот граничен премин со Србија на северната граница стана заеднички премин и за меѓународен сообраќај. Северна Македонија и Србија потпишаа договор за отворање нов граничен премин кај Лојане-Миратовац. Новиот граничен премин прво ќе биде отворен за локален сообраќај, а подоцна ќе биде надграден за да се справува со меѓународниот сообраќај.

**Судска соработка во граѓански и кривични предмети**

Напредокот беше ограничен во однос на правната рамка за соработка во *граѓански и кривични предмети*.Во декември 2019 година, министерот за правда ги потпиша следниве Хашки конвенции: Хашката конвенција од 1996 година за надлежноста, применливото право, признавањето, спроведувањето и соработката во однос на родителската одговорност и мерките за заштита на децата; Конвенцијата за избор на суд од 2005 година; Конвенцијата од 2007 година за меѓународен надомест на детска поддршка и други форми на семејна поддршка и нејзиниот протокол за Законот применлив за поддршка. Постапките за пристапување и ратификација треба да бидат завршени. Новиот Закон за меѓународно приватно право што ќе се применува од февруари 2021 година е усогласен со релевантните регулативи на ЕУ. Земјата издаде 142 и прими 478 барања за граѓански предмети.

Земјата издаде или прими 3444 барања за заемна правна помош во граѓански и кривични предмети, од кои 2484 се однесуваат на кривични предмети, а 1000 се однесуваат на граѓански предмети. Земјата испрати 70, а прими 21 барање за трансфер на осудени државјани вратени во земјата на потекло. Таа издаде 244, а прими 78 барања за екстрадиција.

Вработените во Министерството за правда, Одделот за меѓународна правна помош, посетуваа курсеви за јазик.

Земјата продолжува да има добра соработка со ЕВРОЈУСТ преку обвинител за врска

назначен во ЕУРОЈУСТ и шест контакт точки. ЕВРОЈУСТ беше вклучен во 21 предмет, од кои пет беа отворени од обвинителот за врска.

*Сите аспекти од соработката во областа на царината сега се опфатени со Поглавје 29 – Царинска унија.*

## 3. „ОСНОВИ“: економски развој и конкурентност

| *Табела:*<br>**Северна Македонија - Клучни економски бројки** | **2011-16**<br>просек | **2017** | **2018** | **2019** |
|---|---|---|---|---|
| **БДП по глава на жител** (% од ЕУ-28 во стандарди на куповна моќ (СКМ)) | 35,3 | 36,0 | 37,0 | 38,0 |
| **Реален пораст на БДП** | 2,6 | 0,2 | 2,7 | 3,6 |
| **Стапка на економска активност за население на возраст од 15 -64 години** (%), вкупно | 64,6 | 65,3 | 65,4 | 66,3 |
| *жени* | *51,7* | *51,7* | *52,2* | *54,8* |
| *мажи* | *77,2* | *78,4* | *78,3* | *77,3* |
| **Стапка на невработеност** (%), вкупно | 28,4 | 22,5 | 21,0 | 17,4 |
| *жени* | *27,9* | *22,0* | *20,1* | *18,6* |
| *мажи* | *28,7* | *22,9* | *21,5* | *16,6* |
| **Вработеност** (годишен пораст%) | 2,0 | 2,4 | 2,5 | 5,1 |
| **Номинални надници** (годишен пораст%) | 1,4 | 2,6 | 5,8 | 5,1 |
| **Индекс на потрошувачки цени** (годишен пораст%) | 1,5 | 1,4 | 1,4 | 0,8 |
| **Девизен курс во однос на ЕУР** | 61,58 | 61,57 | 61,51 | 61,51 |
| **Биланс на тековна сметка** (% од БДП) | -2,2 | -1,1 | -0,1 | -2,8 |
| **Нето странски директни инвестиции, СДИ** (% од БДП) | 2,8 | 1,8 | 5,6 | 2,6 |
| **Општ државен биланс** (% од БДП) | -3,5 | -2,8 | -1,1 | -2,1 |
| **Општ државен долг** (% од БДП) | 35,3 | 39,4 | 40,6 | 40,2 |

*Забелешки:*

*Извор: Евростат и национални извори*

*Во согласност со заклучоците на Европскиот совет во Копенхаген во јуни 1993 година, пристапувањето во ЕУ бара постоење на функционална пазарна економија и капацитет за справување со конкурентниот притисок и пазарните сили во рамките на Унијата.*

*Во последните години, економското управување уште повеќе се централизираше во процесот на проширување. Следењето на Комисијата се одвива во два процеса: спроведувањето на Програмата за економски реформи и подоцнежната проценка на усогласеноста со економските критериуми за пристапување. Секоја земја од процесот на проширување изготвува годишна Програма за економски реформи (ПЕР), која утврдува среднорочна рамка на макрофискална политика и агенда за структурни реформи со цел да се обезбеди конкурентност и инклузивен раст. Програмите за економски реформи се основа за препораки за политиките специфични за земјите, заеднички донесени од страна на ЕУ и Западен Балкан и Турција на министерско ниво во месец мај секоја година.*

### 3.1. Постоење на функционална пазарна економија

Северна Македонија постигна **ограничен напредок** и е на **добро ниво на подготовка** за развој на функционална пазарна економија. Економскиот раст се забрза во 2019 година со зголемувањето на инвестициите, но, од април 2020 година, кризата од КОВИД-19 остави свој белег во економијата и јавните финансии. Властите презедоа низа мерки за поддршка на компаниите и домаќинствата, за да го ублажат економското и социјалното влијание на кризата. Во периодот на известување, фискалната транспарентност беше дополнително подобрена. Сепак, фискално значајните реформи во оданочувањето на доходот и системот на пензии, воведени на почетокот на 2019 година, забележуваат назадување. Покрај тоа, спроведувањето на јавните капитални трошоци остана значително ниско, а стабилизацијата на јавниот долг сè уште не е обезбедена. Пред да се појави кризата, стапките на невработеност дополнително се намалија, исто така, и кај младите работници, а неформалното вработување малку опадна. Сепак, влијанието на кризата со КОВИД-19 веројатно ќе ги сврти тие позитивни трендови. Стапките на учество остануваат на ниско ниво, и покрај тоа што учеството на жените на пазарот на трудот се зголеми. Финансискиот сектор остана стабилен и кредитирањето на приватниот сектор зајакна. Деловното опкружување продолжува да биде попречено од високиот удел на неформалната економија.

Со цел да се подобри функционирањето на пазарната економија, Северна Македонија треба особено:

→ да обезбеди фискален простор за поддршка на закрепнувањето по кризата од КОВИД-19 преку подобрување на наплатата на приходите, спроведување на повеќе трошења на јавната инфраструктура предизвикана од раст и подобрување на управувањето со јавните инвестиции;

→ да го зајакне фискалното управување, транспарентноста и одржливоста преку воспоставување фискални правила, соодветна среднорочна буџетска рамка и фискален совет;

→ да продолжи со спроведувањето на Стратегијата и акцискиот план за 2018 година за формализирање на неформалната економија и реализирање на основните стимулации за неформално вработување;

→ да ги подобри ефективноста и транспарентноста на државната помош.

Економско управување

**Владата го зајакна својот политички фокус на социјалната кохезија и ги смени неодамнешните реформи во услови на политички предизвици.** Важните реформи на персоналниот данок и индексирањето на пензиите, кои беа воведени во 2019 година за поддршка на фискална консолидација, беа обратни. Инвестициите и субвенциите за вработување за приватни компании беа дополнително засилени. Властите го зајакнаа управувањето и транспарентноста на јавните финансии со доследно спроведување на стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 година и други мерки. Од март 2020 година, Владата донесе голем број привремени мерки за ублажување на влијанието од кризата од КОВИД-19 врз вработувањето, ликвидноста на компаниите и приходите на домаќинствата, вклучувајќи ги и субвенциите за плати и одложувањата на даноците. Овие привремено ќе ја повратат предвидената фискална консолидација и намалување на долгот. За решавање на зголемените потреби за финансирање во 2020 година, на Владата и беше доделена помош во рамки на Инструментот за брзо

финансирање на ММФ, како и макрофинансиска помош од ЕУ и финансирање од Светска банка. Делумно е спроведено упатството за политика, заеднички договорено на економскиот и финансискиот дијалог во мај 2019 година помеѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција.

Макроекономска стабилност

**Економскиот раст се зголеми во 2019 година, како што домашната побарувачка зајакнуваше.** Поткрепен со значителна фискална стимулација на домаќинствата и на компаниите, БДП растот забрза на 3,6% во 2019 година, од 2,7% во 2018 година, на сметка на зајакнување на домашната побарувачка.[10]




Приватната потрошувачка, засилена со зголемувањето на платите, социјалните трансфери, уплатите од странство, и кредитите на населението, се зголеми побрзо отколку во претходната година, и придонесе позитивно на растот. Годишниот раст на инвестициите, кој беше слаб во изминатите две години и остана рамен во првата половина на 2019 година, значително се покачи во втората половина. Зголемувањето на извозот беше помалку нагласено од пред една година, додека растот на увозот забрза, воден од побарувачката за инвестиции поврзани со меѓупроизводи. Накусо, нето-извозот го намали годишниот раст на БДП, како во речиси секоја од изминатите пет години. Конвергенцијата со нивото на приходите на ЕУ останува слаба. Реалниот БДП по глава на жител се зголеми само маргинално во изминатите пет години, од 36% од просекот на ЕУ-28 во 2014 година на 37% во 2018 година.

**Почнувајќи од рана пролет, кризата од КОВИД-19 започна да остава трага врз економските перформанси.** Подобрувањето нагло заврши во март, кога кризата од КОВИД-19 бараше масовно затворање на економијата, а слични мерки кај главните трговски партнери доведоа до нарушувања на трговијата. Затворањето на продавниците и фабриките и полицискиот час за домаќинствата ја погодија домашната активност и надворешната трговија, додека забраните за патување имаа влијание врз туризмот и транспортот. Извозот е сериозно погоден, особено производството на странските компании кои се интегрирани во глобалните синџири на вредности и добиваат најголем дел од нивните придонеси од странство. Покрај тоа, како нето-извозник на руди од железо и челик и метали, и нето-увозник на обоени метали, економијата е чувствителна на флуктуации на цените на суровините. Поради овие реперкусии, економијата најверојатно ќе падне во рецесија во 2020 година. Во првиот квартал 2020 година, растот на БДП забави на 0,2% од година на година. Само потрошувачката на домаќинствата и Владата придонесе за раст. Од март, Владата усвои три пакети мерки за поддршка на економијата, во вкупна вредност од 500 милиони евра.




**Тековната сметка се влоши во 2019 година, но остана умерена.**Поттикнат од повисок

[10] Според првата проценка на националниот завод за статистика.

дефицит во трговијата со стоки, дефицитот на тековната сметка се прошири во 2019 година, во споредба со 2018 година, на 2,8% од БДП (2018: -0,1%). Приливот на приватни трансфери од странство зајакна, но, како удел во БДП, остана под неговиот просек во изминатите 5 години. Влезните директни странски инвестиции се подобрија во текот на летото 2019 година, по слабиот почеток на годината, во износ од 2,6% од БДП за целата година, што е под просечниот удел од претходните 5 години (3,1%). Сепак, имаше значително зголемување на СДИ во првиот квартал на 2020 година. Надворешниот долг, кој се зголеми за скоро 10 п.п. меѓу 2013 и 2018 година, како резултат на задолжувањето на јавниот сектор во странство и меѓукомпанискиот долг, се намали малку во 2019 година (-1.1 п.п. годишно на 72,2% од БДП), како што надворешниот долг на јавниот сектор се намали за повеќе од порастот на долгот на приватниот сектор. На крајот на мај, Владата издаде еврообврзница од 700 милиони евра за да помогне во покривање на финансиските потреби поврзани со кризата. Ова дополнително ги зголеми девизните резерви, кои на крајот на јули беа за 19% повисоки во споредба со истиот месец претходната година, покривајќи над 4 месеци потенцијален увоз.

**Монетарната политика останува прилагодена во услови на бенигна средина за цени.** Потрошувачките цени пораснаа поумерено во 2019 година отколку во претходната година, за 0,8% во споредба со 1,5%. Во првите седум месеци од 2020 година, зголемувањето забави дополнително, во просек за 0,7%. Умереноста на инфлацијата дојде главно како резултат на падот на цените на храната, енергијата и транспортот. Основната инфлација, исто така, остана прикриена. Централната банка го продолжи својот став за прилагодлива политика. Од летото 2018 година, таа ја намали клучната стапка на политика во шест последователни чекори од 25 базични пеони на историско најниско ниво од 1,50%. Таа брзо реагираше на почетокот на кризата од КОВИД-19 и донесе конкретни мерки за поддршка на економијата. Особено, таа обезбеди дополнителна ликвидност; повторно ја воведе нестандардната мерка што овозможува намалување на основицата на банките за задолжителни резерви за износот на новоодобрени и преструктуирани заеми за компаниите погодени од пандемијата; и им додели на банките поголема флексибилност за договорните услови на заеми за домаќинства и компании. Валутата е во стабилен, де-факто врзан режим на девизен курс со еврото. Генерално, ставот на монетарната политика е во согласност со тековните економски основи, умерената динамика на инфлација и зголемените домашни и надворешни ризици како резултат на кризата од КОВИД-19.

**Во услови на зголемувањето на ризиците, фискалните салда се подобруваа уште повеќе пред да започне кризата од КОВИД-19.**Фискалниот дефицит на централната влада е во опаѓање, во однос на БДП, секоја година од 2014 година, опаѓајќи под годишните цели на властите. Ова главно се појави како резултат на големото недоволно извршување на буџетските капитални расходи. Во 2019 година, фискалните перформанси дополнително се подобрија, поддржани од економското закрепнување и од неодамнешните мерки за приходи и расходи. На 2,1% од БДП, на општиот владин дефицит остана под целта (3%), бидејќи капиталните трошоци беа недоволно извршени со



78% во споредба со ребалансот на буџетот. Сепак, недостатоците во наплатата на приходите и големиот број даночни ослободувања кои ја намалуваат даночната основа, придонесоа за пад на односот на јавните приходи во последните години, додавајќи ги на фискалните ризици од зголемувањето на дефицитот во пензиите, големите задолжувања на јавните претпријатија и значителните заостанати буџетски долгови, што властите започнаа да ги расчистуваат во 2018 година. Во првите два месеци од 2020 година, приходот продолжи да расте, на годишно ниво (+ 4.3% во просек). Сепак, ненадејното запирање на економската активност како одговор на почетокот на кризата од КОВИД-19 и на кризата поврзана со фискалниот одговор, потоа нагло го зголеми буџетскиот дефицит. Заедно, во првите седум месеци од 2020 година, даночните приходи опаднаа за 10,8%, во споредба со истиот период една година порано, додека расходите пораснаа за 11,3%. Во мај, Владата го ревидираше буџетот за 2020 година, намалувајќи ги планираните приходи за 11,5% и зголемувајќи го предвидениот дефицит на централната влада на 6,8% од БДП. Претходно во пролетта, таа распореди средства од капиталните трошоци за финансирање на мерките за поддршка поврзани со кризата.

**Составот на јавната потрошувачка стана помалку пригоден за растот.** Структурата на владините трошоци е склона сѐ повеќе кон тековните трошоци и поддршката на приходите, за сметка на инвестициите што го зголемуваат растот. По забележителните зголемувања помеѓу 2009 и 2012 година, учеството на капиталните трошоци во вкупните трошоци на централната влада падна од 12% (2012 година) на 6% во 2018 година и се зголеми маргинално на 8,2% во 2019 година.[11] Спроведувањето на буџетските капитални расходи остана на ниско ниво во 2019 година, во износ од само 78% од ревидираниот буџет. Ова се случи по историски ниските стапки на извршување во претходните две години, кои се должеа на проблеми со прегледот и спроведувањето на проектот. Од друга страна, Владата го зголеми учеството на тековните трошоци со зајакнување на социјалните трошоци, вклучувајќи ги и пензиите, платите во јавниот сектор и поддршката на ниво на фирма. Во 2019 година, социјалните трансфери, вклучувајќи ги и пензиите, се зголемија за 7,6%, на годишно ниво, што е над половина од вкупните расходи.

**Неодамна воведените фискални мерки беа променети во 2019 година**. Во есента 2019 година, Владата се откажа од фискално значајните промени во политиката што ги воведе на почетокот на 2019 година. Го суспендираше воведувањето на втора, повисока стапка за оданочување на персоналниот доход и го врати ограничувањето на индексирањето на пензиите само на стапката на инфлација. Исто така, го стави на чекање и поголемото оданочување на капиталните добивки, кое беше планирано за 2020 година.

**Стабилизацијата на долгот останува предизвик што го влошува пандемијата.** Примарните фискални дефицити се подобрија од 2014 година, но сепак не доволно за да се обезбеди стабилизација на долгот. Јавниот долг се зголемува континуирано од 2013 година, со пораст од 8,6 п.п. на 48,9% на крајот на 2019 година (со стапка на државниот долг од 40,2%). Ова го вклучува долгот на јавните претпријатија (во најголем дел поддржан со државни гаранции), кој изнесуваше 8,7% од предвидениот БДП на целата година на крајот на 2019 година. Уделот на јавниот долг деноминиран во странска валута се зголеми во изминатите години, и останува покачен, на околу 77%, околу 14 п.п. над неговото ниво на крајот на 2013 година. Голем дел од јавниот

[11] Сепак ・挍вапак ・挍етставуваверијавувантставуваизвршенвадзвршенватскишенваектишенвазначајнааеначајнааој ачајнааедувајнаачителнааарограмаааограмааацииирамааадиирамааааардаамааа. даамааа даамааацентралната ентралнатаaентралнатакажаралнатаколуралнатаретиналнатвкупните инвестиции во јавниот сектор.

долг се состои од краткорочни достасувања. Уделот на непостојаната стапка (околу 35%) се намалува во последниве години како резултат на зголеменото издавање на еврообврзница. Финансиските потреби поврзани со кризата од КОВИД-19 придонесоа за значително зголемување на нивото на долг во првата половина на 2020 година. На крајот на јуни, јавниот долг беше поголем за скоро 18% во споредба со крајот на 2019 година, како резултат на зголемувањето на долгот на Владата кој произлегува главно од издавањето на еврообврзницата во мај. **Транспарентноста на јавните финансии дополнително се подобри.** Во согласност со Програмата за реформи во управувањето со јавните финансии од декември 2017 година, властите презедоа понатамошни мерки за зголемување на транспарентноста на јавните финансии. Владата објави информации за финансиите на јавните претпријатија во фискалната стратегија 2020-2022 година (мај 2019 година), вклучувајќи гио и износите пренесени од и во буџетот на централната влада. По измената на Законот за јавен долг од 2019 година, негарантираниот долг на јавните претпријатија, кој изнесува околу 0,3% од БДП во 2018 година, сега е вклучен во дефиницијата за јавен долг. Властите воспоставија и апликација за граѓаните да го следат спроведувањето на капиталните трошоци. Сепак, Северна Македонија е единствената земја во регионот што сè уште нема фискални правила и новиот Закон за буџетите (OBL), кој треба да предвиди такви правила, како и за независен фискален совет и сеопфатна среднорочната фискална рамка, сè уште не е ставен на јавна консултација. Покрај тоа, Владата сè уште не презема чекори за вклучување на вонбуџетни субјекти во секторот на општата влада, доколку тоа е оправдано со меѓународните статистички стандарди. Ова се однесува особено на Јавното претпријатие за државни патишта.

**Ставот на политиката има потреба од дополнително прилагодување за да се решат економските и фискалните предизвици.** Мешавината на предпандемиската политика на бавна фискална консолидација и прилагодена монетарна политика го поддржа закрепнувањето на економијата во услови на ниска инфлација, но не успеа цврсто да обезбеди стабилизација на долгот. Ова треба да се реши откако ќе стапат на сила мерките поврзани со кризата од КОВИД-19 и ќе се обезбеди економско закрепнување по КОВИД-19. Зголемувањето на поддршката за приход и државната помош, пресвртот на неодамнешните реформи во индексирањето на пензиите и недостатокот на трајни мерки за значително подобрување на наплатата на приходите, ги зголемуваат фискалните ризици во услови на веќе ограничен фискален простор и значителни отплати на долгови што претстојат. Покрај тоа, неодамнешното зголемување на платите претставува предизвик за надворешната конкурентност, во услови на слаба продуктивност на трудот и недостиг на вештини.

<u>Функционирање на пазарите на производи</u>

*Деловно опкружување*

**Финансиската дисциплина во трговските трансакции и извршувањето на договорите остануваат слаби.** Доцнењата во повратот на ДДВ и навремената наплата на побарувањата од јавните тела, доцните плаќања во трговските трансакции и проблемите за спроведување на нивното право за наплата на казни за одложено плаќање, продолжуваат да влијаат негативно врз ликвидноста на компаниите. Во јуни 2019 година беше усвоена измена на Законот за финансиска дисциплина за понатамошно усогласување со соодветната Директива на ЕУ за борба против доцнењето на плаќањето во трговските трансакции. Институционалниот капацитет за спроведување на законот треба дополнително да се подобри, а решавањето на трговски спор преку суд одзема многу време и чини скапо. Владата е посветена на намалување

на бројот на ненајавени инспекции и сложеноста на парафискалните давачки. Новиот Закон за инспекции на труд, кој се очекува да обезбеди транспарентни неселективни инспекции, беше донесен во 2019 година. Националниот портал за е-услуги започна со работа на крајот на 2019 година, но тој не вклучува регистар на парафискални давачки. Новиот закон за стечај, наменет за олеснување на излегувањето од пазарот со намалување на трошоците и времето на постапките, сè уште е во фаза на подготовка.

**Голема неформална економија тежи врз конкурентноста на формалниот приватен сектор.** Големата економија во сенка и корупцијата остануваат главни ограничувања за приватните компании во водењето деловни активности и влијаат негативно врз однесувањето на инвестициите. Обемот на неформалната економија, проценет од страна на Државниот завод за статистика (ДЗС) на околу 17,4% од вкупното производство во 2016 година (последната достапна бројка), всушност е веројатно многу поголем, според други студии и методологии.[11][12] Според ДЗС, процеот на неформалното вработување е намален за 3,9 п.п. помеѓу 2013 и 2017 година, на 18,1%, но останува значаен, особено за ниско квалификуваните лица. Просечниот даночен клин е многу регресивен во Северна Македонија на дното на распределбата на приходот, што значи дека просечната стапка на придонес е поголема за работниците со ниски примања. Спроведувањето на Стратегијата на Владата за 2018-2020 година за формализирање на неформалната економија е во тек. Во пролетта 2019 година, Владата го зголеми прагот на максимално дозволените плаќања во готовина по претходното намалување. За да се поттикне издавањето на фискални сметки, во декември 2019 година, Владата започна со надоместоци според програмата „Мој ДДВ", со која се враќаат плаќањата на ДДВ на граѓаните, но е скапа и административно оптоварена.

*Влијание на државата на пазарот на производи*

**Државната помош за приватните компании беше зголемена, додека транспарентноста останува нејасна.** Во 2019 година, Владата ја зајакна поддршката на ниво на фирма за инвестиции, извоз, иновации и вработувања од приватни фирми. Сепак, недостатоците во правилата и институциите за државна помош не се решени, со што се засилуваат постојните грижи за нејзината ефикасност и транспарентност. Голем дел од поддршката на ниво на фирма е финансирање на обртниот капитал на фирмите наместо да ги подобруваат нивните способности да се натпреваруваат преку подобрувања на продуктивноста или да се зголеми домашната додадена вредност. Со програмите за помош управуваат мноштво институции што доведува до чести преклопувања. Критериумите според кои фирмите се избрани да добиваат помош оставаат голем простор за дискреција. Во јануари, беше презентиран нацрт-законот за стратешки инвестиции без соодветно консултирање со Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК) и без соодветни јавни консултации. За подобро справување со контролата на државната помош, КЗК оштетена во своите капацитети заради недостиг на персонал и ресурси, би имала корист од техничка помош од меѓународни партнери, но Владата досега не одговори позитивно на нејзините барања. Особено, како прв чекор, сè уште недостасува ажуриран, целосен и транспарентен попис на државна помош, што ќе овозможи подобро следење на ефективноста на државната помош.

*Приватизација и преструктуирање*

**Либерализацијата на пазарите на електрична енергија е скоро завршена.** Во 2019 година беше укината регулативата за цените на електричната енергија за главниот

---

[12]ММФ го проценува учеството на неформалната економија на околу 38% од БДП, според неговиот Извештај од член IV од 2019 година.

производител на електрична енергија (државна компанија ЕЛЕМ). Законот за енергетика, во сила од јануари 2019 година, го либерализираше пазарот на електрична енергија за микро и мали претрпијатија и домаќинства. Сепак, врз основа на бројот на клиенти кои имаат право да изберат снабдувач, либерализацијата изнесува само 47,26% од вкупната количина. Понатаму, треба да се спроведе секундарно законодавство во врска со дерегулацијата на цените и заштитата на ранливите клиенти. Бројот на компании во кои Владата имаше удел остана ист во 2019 година како и во претходните три години (16 компании во целосна државна сопственост и 40 компании во делумна сопственост, повеќето од нив со државна сопственост под 1% од издадениот капитал.). Вкупната вредност на државната сопственост во претпријатијата остана на 10,7% од БДП, според владините податоци. [13]

Функционирање на финансискиот пазар

*Финансиска стабилност*

**Ризиците за финансискиот сектор останаа содржани во 2019 година, но се зголемија со оглед на економското влијание на кризата од КОВИД-19.** Банкарскиот сектор останува добро капитализиран и ликвиден. Соодносот на адекватност на капиталот остана стабилен во последните пет години (крај на 2019: 16,3%) и го надминува регулаторниот минимум. Ликвидните средства сочинуваат една третина од вкупните средства и опфаќаат повеќе од половина од краткорочната пасива. Квалитетот на портфолиото на кредити се подобрува постепено од крајот на 2014 година, со тоа што уделот на нефункционални во вкупните кредити се намали за 6,2 п.п. на 4,6% на крајот на 2019 година, а резервата за загуби на кредити останува висока (покриени се над 70% од нефункционалните кредити (НФК)). Централната банка е во тек со спроведувањето на својата Стратегија за подобро управување со нефункционалните кредити во декември 2018 година, која предвидува голем број регулаторни мерки за подобрување на управувањето со лошите заеми на банките. Централната банка понатаму ја спроведе својата стратегија за „денаризација“ на билансите на банките, со цел зголемување на учеството на заемите и депозитите деноминирани во валута во портфолиото на банките, а со тоа и ублажување на ризиците што произлегуваат од потенцијалните несовпаѓања на валутите. На крајот на 2019 година, уделот на вкупните заеми деноминирани во странска валута изнесуваше 43,8%, што е пониско за 3,4 п.п. во споредба со пет години претходно. Сепак, со оглед на големиот прекин на производството и тешката состојба на ликвидноста на компаниите предизвикани од кризата од КОВИД-19, веројатно е дека квалитетот на активата се влошил од пролетта 2020 година и дека условите на капиталот на банките, како и условите за снабдување со кредит се заострени во вториот квартал.

*Пристап до финансии*

**Банкарските заеми се зголемија понатаму во 2019 година и потоа.** Во 2019 година, кредитот кон приватниот сектор се прошири со побрзо темпо од една година порано, со просек од 7,3% годишно. Тој продолжи да расте со силно темпо во првите четири месеци од 2020 година. Растот на кредитот за домаќинства, што претставува најголем дел од порастот, забави, додека продолжувањето на кредитот кон нефинансиските приватни компании се забрза, иако изгуби одредена брзина во споредба со претходната година. Сепак, како дел од БДП, банкарските заеми изнесуваа малку повеќе на крајот на 2019 година отколку пред пет години (48,7% во споредба со 48,1%). Заемите за

[13]Пресметките на ЕБОР покажуваат дека средствата на акционерите во државни претпријатија со државна сопственост над 25 проценти биле на 27 проценти од БДП во 2016 година.

МСП, кои сочинуваат само една третина од сите деловни заеми, останаа намалени во последните години. Барателите на заем ги посочуваат строгите побарувања за гаранции и сложените процедури за аплицирање како проблеми за финансирање, што веројатно ќе се влоши со кризата од КОВИД-19. Постојната програма на гарантни кредити што ја нуди Банката за развој на Северна Македонија има мала прифатеност. За поддршка на банкарското кредитирање во поглед на кризата од КОВИД-19, централната банка ја намали основната каматна стапка во два чекори од по 25 б.п. од март и ги олесни условите за преструктуирање на заемот од страна на банките.

**Продлабочувањето на финансиите напредуваше понатаму, но финансиската диверзификација и посредувањето стагнираат.** Додека активата на банките беше близу 80% од БДП на крајот на 2019 година (+ 7 п.п. во споредба со пет години порано), доминацијата на банките во финансискиот сектор полека се повлекува: на крајот на 2018 година (најнова достапна бројка), банките учествуваат со 82% во секторот, во споредба со 87% пред пет години. Капитализацијата на берзата остана во стагнација во последните 5 години, на околу 26% од БДП. Пазарите на приватни обврзници се скоро непостоечки. Оттука, има голем простор за развој на алтернативни извори на финансирање, особено финансирање засновано врз пазари на капитал.

Концентрацијата во банкарскиот сектор опаѓа полека: околу 57% од средствата ги држат 3-те најголеми, од 15 банки, во споредба со 61% пред пет години. Учеството на странски во вкупниот капитал е постојано високо во изминатите пет години, околу 75%.

Функционирање на пазарот на трудот

**И покрај структурните недостатоци и поддржан од фискалната стимулација, пазарот на трудот се подобри понатаму пред почетокот на кризата од КОВИД-19**. Создавањето работни места остана во зголемување во 2019 година, со вработување поголемо за 5,1% отколку пред една година. Во првиот квартал на 2020 година, годишниот раст на вработеноста се намали на 2,7%, но сепак го надмина просекот на претходните пет години (2,4%). Сепак, голем број на нови работни места зависат од поддршката од Владата, во форма на јавен сектор за вработување, активни мерки или субвенции за работодавачот. Стапката на невработеност се намали на 16,2% на крајот на првиот квартал од 2020 година, од 21% во 2018 година. Работната сила малку се зголеми во 2019 година и потоа, во однос на 2018 година, како што повеќе жени влегоа на пазарот на трудот, надминувајќи го падот на машката работна сила. Сепак, структурните проблеми продолжија да нанесуваат штета на економскиот потенцијал за зголемување на продуктивноста. Стапките на учество остануваат ниски, особено за жените, дури и покрај тоа што родовиот јаз е стеснет понатаму во 2019 година, на 21.2 п.п. (76.7% од мажите, а 55% од жените учествуваат во пазарот на трудот), во однос на просекот на претходните 5 години (30 п.п.). Стапката на млади невработени, се намалува бавно но постојано во последните неколку години, паѓајќи од над 12 п.п. помеѓу 2015 година и првиот квартал на 2020 година, на 34,9%, главно на сметка на емиграција, но, исто



така, поддржано со програмата Младинска гаранција на Владата. Стапката на вработување се зголеми уште повеќе, но и понатаму е на ниско ниво. Околу 80% од невработените се долгорочно невработени, што главно ја одразува неусогласеноста на вештините.

**Притисоците на платите се зголемуваат бидејќи продуктивноста останува пригушена.** Растот на платите се забрза во 2019 година и понатаму во првиот квартал на 2020 година, поттикнат од неколку зголемувања на минималните плати и платите во јавниот сектор, како и субвенции на приватни работодавци за да се омекне влијанието од зголемувањето на платите. Минималните плати сега се на околу половина од просечните нивоа на плати, што претставува предизвик за конкурентноста со оглед на слабата продуктивност на трудот.

### 3.2. Капацитет за справување со конкурентскиот притисок и пазарните сили во Унијата

Северна Македонија постигна **одреден напредок** и е **умерено подготвена** да се справи со конкурентските притисоци и пазарните сили во ЕУ. Интеграцијата во ЕУ во трговијата и инвестициите дополнително се продлабочи. Извозот и производствениот аутпут се изменија понатаму кон производи со повисока вредност. Сепак, недостигот на вештини, како одраз на недостатоците во образовниот систем и одливот на квалификувани работници, како и јазот во инвестициите во инфраструктурата ја нарушуваат продуктивноста на трудот и конкурентноста на економијата. Додека во моментов преовладуваат мерките за ублажување на непосредното негативно влијание на кризата од КОВИД-19 врз растот и вработеноста, навремено решавање на овие структурни потреби би поддржало брзо закрепнување на економијата по кризата.

Со цел да се подобри конкурентноста и долгорочниот раст, Северна Македонија треба особено:

→ да спроведе реформа на образовниот систем со цел подобрување на вештините во согласност со потребите на пазарот на трудот;

→ да го подобри квалитетот на патната инфраструктура преку подобрена реконструкција и одржување, со цел подобрување на домашните и прекуграничните транспортни врски и интеграција на домашните компании во глобалните синџири на вредности;

→ да ја засили работата за диверзификација на изворите на енергија кон обновлива енергија и зголемување на енергетската ефикасност, особено преку формирање на Фонд за енергетска ефикасност и спроведување на Законот за енергетска ефикасност.

<u>Образование и иновации</u>

**Реформите во образовниот систем се во рана фаза.** Јавните трошоци за образование, во просек од околу 3,7% од БДП во последните 5 години, остануваат под просекот на ОЕЦД. Стапките на запишување и завршување на средното и постсредното образование се зголемија само маргинално во овој период. Резултатите од образованието се под повеќето регионални врсници, иако резултатите од рангирањето ПИСА од 2018 година укажуваат на подобрување во сите три проценети предмети: читање, математика и наука. Беа направени напори да се обезбеди непречено функционирање на Агенцијата за обезбедување квалитет во високото образование, иако сè уште е рано да се има соодветна проценка на резултатите. Системите за

собирање податоци за побарувачката на работна сила и за предвидување на идните потреби за вештини се во рана фаза на развој, ограничувајќи го креирањето политики. Владата неодамна ја основа својата Опсерваторија на вештини како оддел во Министерството за образование и наука, како и проект за воспоставување веб платформа со информации за програмите за образование. Сепак, практичната употреба на оваа платформа се кочи со недостаток на усогласување на податоците и меѓуинституционална соработка. Во исто време, јазот во вештините останува значителен, како и големата емиграција на високо-квалификувана работна сила, повикувајќи на интегриран пристап, комбинирајќи различни области на политиката.

**Иновативната активност останува на ниско ниво.** Со 0,4% од БДП, трошоците на економијата за истражување и иновации не се зголемија во последните години и остануваат значително под просекот на ЕУ. Само четвртина од вкупните трошоци за истражување и развој резултираат од приватни компании, кои генерално се бавни во усвојувањето нови технологии или ја користат поддршката на јавната иновација. Земјата останува скромен иноватор, според Европската табела за иновации во 2019 година. Поддршката за истражување и развој на ниво на фирми од страна на Владата главно се одвива преку програми за државна помош и се повеќе управувани од Фондот за иновации и технолошки развој, формиран во 2013 година. Средствата значително се зголемија во 2019 година, но имаа бавно преземање.

Физички капитал и квалитет на инфраструктурата

**Јазовите во транспортната поврзаност ја попречуваат трговијата.** Квалитетот на транспортната инфраструктура и трговската логистика остануваат ниски, вклучувајќи ги и одложувањата на граничните царини. Патниот коридор VIII треба понатаму да се надградува до нивото на автопатот. Почетокот на работите на поврзувањето на Коридорот X од Скопје до Косово е одложен. Модернизацијата на прекуграничните железнички врски и олеснување на премини, особено планираната заедничка железничка гранична станица со Србија, се одвива бавно. Потребно е подобрување на одржувањето и услугите на патиштата и железниците. Како резултат на тоа, потенцијалот на компаниите да се занимаваат со трговија и глобални синџири на производство е намален. Лошата состојба на повеќето локални патишта ги зголемува трошоците на компаниите во руралните области да учествуваат во трговијата.

**Дигитализацијата на економијата напредува понатаму, но останува на ниско ниво во споредба со ЕУ.** Процентот на домаќинства со пристап до интернет дома е зголемен за 11 п.п. помеѓу 2014 и 2018 година (79,3%), а мобилната широкопојасна пенетрација опфаќа 61% од населението.

Компаниите сè уште се соочуваат со ограничувања во врска со фиксниот широкопојасен пристап (19,4% во 2018 година во споредба со 17,2% во 2014 година).

**Подобрувањата во енергетската ефикасност и диверзификација остануваат бавни.** Економијата се карактеризира со висок енергетски интензитет и ниска ефикасност во производството и потрошувачката, стар систем на производство и голема зависност од јаглен и увоз. Изградбата на национален систем за дистрибуција на гас продолжува, додека врската со регионалните гасоводи напредува бавно. Плановите за интерконекција на гас со Грција, за поддршка на диверзификација на изворите на природен гас и олеснување на пристапот до транзитните цевководи, заостануваат од предвидениот рок. На крајот на 2019 година, Владата ја усвои Националната стратегијата за развој на енергетиката 2018-2040 година, во согласност со барањата на Енергетската заедница. Интеграцијата на системот во паневропските електрични

мрежи е бавна. Изградбата на интерконектор за пренос на електрична енергија со Албанија, обезбедувајќи ја врската што недостасува во коридорот за пренос на електрична енергија Исток-Запад што обединува 5 земји, сè уште е во подготвителна фаза. Владата спроведува годишни цели за зголемување на учеството на обновливи извори во потрошувачката на енергија.

Секторска структура и структура на претпријатија

**Уделот на производството во економскиот аутпут расте.** Секторската и бизнис структурата на економијата се трансформираше постепено, но бавно, во последните 5 години. Со над 60%, услугите сочинуваат најголем дел од бруто додадената вредност во 2019 година, приближно исто како и во 2013 година. Индустријата придонела 24%, од 19% во 2014 година, на штета на земјоделството, кое претставуваше 10% во 2019 година (остатокот е градежништво). Главно поради странски претпријатија, уделот на индустријата на стоки произведени со повисока додадена вредност (машини и опрема, хемиски производи) се зголеми на сметка на основните стоки (железо, челик и облека). Сепак, во 2019 година, домашните претпријатија во овие сектори придонесоа со поголем удел во вкупниот извоз. Над половина од работните места се обезбедени преку услугите во 2019 година, што е само малку повеќе отколку пред 5 години, потоа од индустријата (31%, во споредба со 30% во 2013 година) и земјоделството (16%, намалување од 19% во 2013 година). Над 99% од сите претпријатија се мали и средни претпријатија, кои обезбедуваат над 77% од додадената вредност во економијата и скоро еднаков износ на вработување. Владата ги поддржува малите и средните претпријатија преку Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво и Планот за економски раст. Сепак, влијанието на овие програми останува недоволно оценето.

Економска интеграција со ЕУ и конкурентност на цените







**Важноста на ЕУ како трговски и инвестициски партнер продолжува да расте.** Економијата објавува висок и растечки степен на трговска отвореност, на 130% од БДП на крајот на 2019 година, во споредба со 105% во 2013 година. Во периодот на известување, извозот во ЕУ, кој изнесува 86% од вкупниот извоз, се зголеми за 12% на годишно ниво, а увозот од ЕУ е поголем за 9%. Додека трговските количини со другите земји од Западен Балкан продолжија да се зголемуваат во годината до денес, нивниот удел во вкупната трговија дополнително се намали (-0,8 п.п. на 10,2% од вкупниот извоз, и -0,8 п.п. на 8% од увозот). Фирмите од ЕУ, исто така, го зголемија својот удел на странски инвестиции во земјата во изминатите години, со околу 90% од вкупниот износ на

крајот на 2019 година. Структурната трансформација на економијата останува управувана од странски инвеститори активни во производството со поголема додадена вредност. Меѓутоа, интеграцијата на домашните претпријатија во глобалните производствени мрежи останува недоволна, главно поради видот производи произведени од СДИ, како и позицијата на СДИ во структурата на вредносните вериги на глобалните претпријатија (т.е. нагорно и надолно по веригата), но, исто така, и заради технолошките и производствените недостатоци на локалните фирми, ниската динамика на иновации и неусогласеноста на вештините. Меѓународната трошковна конкурентност на економијата се влоши уште повеќе во годината до денес. И покрај тоа што порастот на бруто-платата забави, тој продолжи да го надминува слабиот раст на продуктивноста на трудот. Реалниот ефективен девизен курс (базиран на ИПЦ) остана стабилен меѓу 2014 и 2018 година, и се амортизираше малку во 2019 година, на сметка на поволни промени во цените.

**4. Ддобрососедски односи и регионална соработка**

Добрососедски односи и регионална соработка се суштински дел на земјата во процесот на приближување кон ЕУ. Тие придонесуваат за стабилност, помирување и клима погодна за решавање на отворените билатерални прашања и наследствата од минатото. Владата заседе позитивен пристап кон регионалната соработка и добрососедските односи. Северна Македонија продолжи да учествува активно во регионални иницијативи како што се Договорот за слободна трговија на Централна Европа (ЦЕФТА), Енергетската заедница, Транспортната заедница, Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПСЈИЕ), Советот за регионална соработка, РЕКОМ и Регионалната канцеларија за соработка со млади (РИКО)[14]. Во април 2020 година, Северна Македонија стана членка на Стратегијата на ЕУ за Јадранско-јонскиот регион (EUSAIR).

За време на кризата од КОВИД-19, инклузивната регионална соработка се покажа како неопходна. Воспоставувањето на зелени коловозни ленти во регионот го докажа капацитетот на регионот брзо и ефикасно да се справи со заедничките предизвици. Инклузивните регионални организации - Советот за регионална соработка, Заедницата за транспорт и ЦЕФТА - беа клучни во одговорот на кризата од КОВИД-19. Овие достигнувања треба да се претворат во одржливи подобрувања.

Врз основа на резултатите од претходните самити во регионот, самитот на Западен Балкан во Познан се фокусираше на зајакнување на регионалната соработка во областа на економијата и трговијата, дигиталната агенда, поврзаноста, безбедноста, борбата против корупцијата, промовирање на помирувањето и младите. Самитот одобри голем број достигнувања на овие полиња, особено Декларацијата за транзиција на чиста енергија потпишана во Подгорица, Регионалниот договор за роаминг потпишан во Белград, значителен пакет за поврзување и Декларацијата за интеграција на Ромите. Исто така, беше повод да се започне со подготовка на Зелена агенда за Западен Балкан. Бугарија и Северна Македонија се копретседавачи на Берлинскиот процес во 2020 година, чија цел е зајакнување на регионалната соработка на Западен Балкан.

Северна Македонија ги демонстрираше своите заложби да обезбеди обновен поттик за

[14]Северна Македонија, исто така, учествува во „процесот Брдо-Бриони“, Централноевропската иницијатива, Договорот за европска заедничка авијација, Регионалната иницијатива за миграција и азил, Регионалната школа за јавна администрација (ReSPA), итн.

регионалната соработка и зајакната регионална сопственост на Самитите во Нови Сад, Охрид и Тирана. Важно е регионалните иницијативи да ги вклучуваат сите партнери во Западен Балкан и да се засноваат на правилата на ЕУ, да се градат на обврските што претходно беа преземени во рамките на ЦЕФТА, Регионалната економска област (РЕА) или Договорот за транспортна заедница. Многу обврски и одлуки се веќе донесени во овие регионални рамки и тие треба брзо да се спроведат.

На Самитот во Загреб на 6 мај 2020 година, водачите на ЕУ и Западен Балкан се согласија дека продлабочувањето на регионалната економска интеграција треба да биде истакнат дел од напорите за закрепнување на Западен Балкан. За да го стори тоа, Северна Македонија треба да игра конструктивна улога во градењето на заеднички регионален пазар, што ќе биде клучно за да се зголеми привлечноста и конкурентноста на регионот. Тоа ќе и` помогне на Северна Македонија да го забрза закрепнувањето од последиците на пандемијата - особено со привлекување инвеститори кои бараат диверзификација на снабдувањето и пократки синџири на вредност. Таквиот заеднички регионален пазар треба да биде инклузивен, заснован на правилата на ЕУ и заснован на достигнувањата на повеќегодишниот акциски план на регионалната економска област.

Земјата остана конструктивно посветена на **билатералните односи** со другите земји од проширувањето и соседните земји членки на ЕУ.

Билатералните односи со ***Албанија*** се интензивираа. За време на периодот на известување, двете страни се согласија да формираат комисија за заедничко управување со природното и културното наследство од охридскиот регион и да се подобри спроведувањето на препораките на УНЕСКО. За време на периодот на известување се случуваа чести билатерални посети. Во октомври 2019 година, претседателот Пендаровски ја оствари својата прва официјална посета на Албанија во контекст на Самитот за мир во Југоисточна Европа. Во ноември 2019 година, Албанија отвори почесен конзулат во Битола. Во контекст на кризата од КОВИД-19, претседателите на двете земји остварија телефонски разговор во февруари 2020 година, а министрите за надворешни работи, исто така, одржуваа тесна комуникација.

Билатералните односи со ***Босна и Херцеговина*** се добри и воспоставени се неколку договори, меѓудругото и за соработка за интеграција во ЕУ. Во јануари 2020 година, член на Претседателството беше во посета на Скопје, каде се састана со претседателот Пендаровски.

Односите со ***Косово*** продолжија да се развиваат. Во април 2019 година, влезе во сила договор меѓу Косово и Северна Македонија за меѓусебно признавање на возачките дозволи. Полицијата од Косово и Северна Македонија потпиша протокол за формирање заедничка работна група. Во мај 2020 година, премиерите разговараа за нивната соработка за време на кризата од КОВИД-19.

Односите со ***Црна Гора*** останаа добри. Заедничката сесија меѓу владите на двете земји се одржа во Подгорица на крајот на мај 2019 година и на која беше потпишан голем број договори (Договор за заемна заштита на класифицирани информации; Протокол за соработка помеѓу Министерствата за внатрешни работи во областа на Европска интеграција; Договор за соработка во животната средина помеѓу министрите за туризам; Меморандум за разбирање во здравството помеѓу министрите за здравство). Претседателот на Црна Гора ја посети Северна Македонија, а премиерот на Северна Македонија ја посети Црна Гора есента 2019 година.

Односите со ***Србија*** се добри, меѓудругото и преку честа комуникација на министерско ниво. Во август 2019 година, премиерите Заев и Брнабиќ го инаугурираа заедничкиот

граничен премин Табановце-Прешево. Претседателот Пендаровски беше во официјална посета на Белград во ноември 2019 година. Во мај, двајцата министри за надворешни работи разменија искуства во борбата против пандемијата од КОВИД-19 и информации за епидемиолошката состојба.

***Турција***го ратификуваше протоколот за пристап на Северна Македонија во НАТО во јули 2019 година. Во контекст на кризата од КОВИД-19, Турција обезбеди помош, меѓудругото и со медицинска опрема.

За време на периодот на известување, посебен фокус беше ставен на Договорот за пријателство, добрососедство и соработка со ***Бугарија***. Премиерот Борисов беше во посета на Скопје во август 2019 година по повод втората годишнина од договорот. Претходно, во јуни 2019 година, првиот состанок на Заедничката меѓувладина комисија се одржа во Софија и ко-претседаваа министрите за надворешни работи на двете земји. За време на периодот на известување, двете страни потпишаа неколку договори, меѓудругото протокол за соработка во борбата против трговијата со луѓе, како и меморандум за соработка во областа на транспортот и прекуграничната тимска работа. Неколку состаноци на Заедничката мултидисциплинарна комисија за образовни и историски прашања се одржаа во периодот на известување. Бугарија обезбеди поддршка на земјата во контекст на кризата од КОВИД-19, вклучително и со обезбедување на медицинска опрема и поддршка на репатријацијата на заглавените граѓани.

За време на периодот на известување, посебен фокус беше ставен на Договорот од Преспа со ***Грција***, меѓудругото со зголемена соработка меѓу двете земји во областите трговија и економија, енергетика, одбрана и прекугранична соработка. Заедничкиот интердисциплински комитет на експерти за историски, археолошки и едукативни прашања беше формиран и одржа четири состаноци за време на периодот на известување. Во врска со трговски имиња и логоа, беше основана меѓународната група експерти и го одржа својот прв состанок во јуни 2019 година. Покрај тоа, во јуни 2019 година во Скопје се одржа и седмиот состанок на Постојаниот заеднички граничен комитет. Во согласност со договорот од Преспа, првиот грчки амбасадор во Северна Македонија му ги предаде акредитивните писма на претседателот на Северна Македонија во септември 2019 година. Продолжија политичките контакти на високо ниво. Грчкиот министер за надворешни работи Дендиас го посети Скопје во ноември 2019 година. Двајцата министри за здравство се состанаа во Атина во мај 2020 година за да разменат искуства за пристап до лекување и превенција од КОВИД-19, како и за предизвиците со кои се соочуваат земјите поради пандемијата.

## 5. Способност за преземање на обврските од членството

### 5.1 Поглавје 1: Слободно движење на стоки

*Слободното движење на стоки гарантира дека многу производи можат слободно да се тргуваат низ ЕУ врз основа на заеднички правила и процедури. Каде што производите се регулираат со национални правила, начелото на слободно движење на стоки ги спречува овие да создаваат неоправдани бариери во трговијата.*

Северна Македонија е **умерено подготвена** за слободно движење на стоки. Националното законодавство кое што дозволува со производите слободно да се тргува е добро утврдено и претежно следејќи го правото на ЕУ. **Немаше напредок** во однос на препораките од минатата година. Нетарифните бариери во трговијата остануваат и сè уште не се отстранети и капацитетот за надзор на пазарот останува недоволен. Препораките од минатата година остануваат важечки. Во наредната година, Северна Македонија треба:

→ да ги зајакне напорите за отстранување на нетарифните бариери во трговијата;

→ целосно да се усогласи со Општата директива за безбедност на производите;

→ да го зајакне административниот капацитет за спроведување на правна рамка.

Општи принципи

Институционалната рамка за **производство, дистрибуција и ставање на пазарот на индустриски производи** е воспоставена. Планови за понатамошно **усогласување на законодавството со правото на ЕУ**, како што е утврдено во националниот план за усвојување на правото на ЕУ, и во одделни стратешки документи за стандардизација, метрологија и акредитација, полека се спроведува. Како одговор на КОВИД-19 и по заедничка иницијатива на Постојаниот секретаријат на транспортната заедница и Секретаријатот на ЦЕФТА, Северна Македонија заедно со сите други влади на Западен Балкан успешно спроведе мерки за олеснување на транспортот и трговијата со основни добра во рамки на регионот.

Област која не е усогласена

Министерството за економија е главното тело задолжено за следење и спроведување на усогласеноста со **членовите 34-36** од Договорот за функционирање на Европската Унија (ДФЕУ). Девет нетарифни бариери за трговија сè уште не се отстранети.

Усогласена област: квалитетна инфраструктура

Правната основа и административната структура се во функција и се целосно оперативни за техничките регулативи, стандарди, проценка на сообразност, акредитација, метрологија и надзор на пазарот. Законот за општа безбедност на производот и Законот за технички барања на стоки се подготвени, но сè уште не се донесени.

Националниот институт за **стандардизација** , полноправна членка на Европскиот комитет за стандардизација (CEN) и Европскиот комитет за електротехничка стандардизација (CENELEC), усвои 25 032 европски стандарди како национални стандарди.

Постојат **232 тела за проценка на сообразност** за калибрација, тестирање, лаборатории за лекови, сертификација и проверка на производи и процеси. Институтот за **акредитација** е член на Меѓународниот форум за акредитација, Европската соработка за акредитација и Меѓународната соработка за лабораториска акредитација (ИАФ МЛА). Во 2020 година, Институтот за акредитација ја продолжи ИАФ МЛА сертификацијата за системи за управување со здравје и безбедност при работа. Не постојат национални програми за акредитација за сертифицирање на персонал и тестирање на вештини.

Бирото за **метрологија**, како официјално тело за метрологија, е официјална членка на Европската асоцијација на национални институти за метрологија и на Генералната конференција за тежини и мерки.

За **надзор на пазарот**, во 2019 година Државниот пазарен инспекторат изврши 359 инспекции според општиот **Закон за безбедност на производите** (помалку од 680 во 2018 година) и 573 инспекции според Законот за градежни производи (повеќе од 225 во 2018 година). По овие инспекции, Инспекторатот повлече **35** штетни производи од пазарот, главно играчки и детска облека. Операциите за надзор на пазарот на Инспекторатот се попречени од недостаток на инспектори, застарена опрема и недоволни средства за извршување на тестови за примероци од производи. Продолжија да се вршат заеднички инспекции во рамки на координативно тело. Државниот пазарен инспекторат имаше клучна улога во акциите против пандемијата од КОВИД-19 со разумно следење на мерките воведени за да се спречи ширењето на инфекциите.

Усогласена област: секторско законодавство

За „**новиот и глобален пристап“ кон законодавството за производи**, нивото на усогласеност со правото на ЕУ останува нерамномерно. Одреден напредок е направен во усогласување на националното законодавство со најновото право на ЕУ во областа на машинството, уреди со низок напон, опрема под притисок и пренослива опрема под притисок, додека 11 подзаконски акти беа подготвени во оваа област. Националните анекси на ЕВРОКОДОВИ сè уште не се донесени. Усогласувањето во другите области, особено возилата, играчките и медицинските помагала, остана предизвик.

Додека некои национални закони според „**стариот пристап**“ кон **законодавството за производи** беа дизајнирани да се усогласат со правото на ЕУ, немаше напредок во регулативата на ЕУ за регистрација, проценка, овластување и ограничување на хемикалии (REACH). Исто така, немаше напредок ниту во однос на хемикалии, класификација, етикетирање и пакување на супстанции и мешавини, добри лабораториски практики, ниту во однос на **ѓубрива** и **детергенти**.Додека националната правна рамка е дизајнирана да се усогласи со правото на ЕУ за **огнено оружје**, не беше постигнат напредок во зајакнувањето на административниот капацитет во оваа област.

За **процедуралните мерки**, Министерството за економија и Институтот за стандардизација се одговорни за **постапките за известување** за стандардите и техничките прописи. Јавните органи одговорни за релевантните проверки и надзор се воспоставени и целосно функционираат. Системите за лиценцирање, следење и контрола на деловните субјекти кои се занимаваат со **прекурзори за дрога** и **цивилни експлозиви** се, исто така, оперативни. Законодавството за враќање на **културните добра** незаконски отстрането од земја членка е дизајнирано да се усогласи со правото на ЕУ. Нема **проверка нанадворешната граница** за сообразност со правилата за безбедност на производите за производи увезени од земји што не се членки на ЕУ.

### 5.2 Поглавје 2: Слободно движење на работниците

*Граѓаните на една земја членка имаат право да работат во друга земја членка и мора да им се дадат исти работни и социјални услови како и на другите работници.*

Северна Македонија е во **рана фаза** во областа на слободно движење на работници. **Нема напредок** во периодот на известување, и сè уште важат препораките од минатата година. Во наредната година, земјата треба:

→ да продолжи да ја прилагодува правната рамка во согласност со правото на ЕУ за пристап до пазарот на трудот, особено во врска со недискриминацијата врз основа на националност врз работниците во ЕУ;

→ да преземе чекори во координирање на системите за социјално осигурување за да утврди кои административни мерки треба да бидат воведени за подготовка за идниот пристап.

**Пристапот до пазарот на трудот** за странските работници се уредува со закон. Нема напредок во усогласувањето на националното законодавство со правото на ЕУ. Не се прави разлика помеѓу странец и граѓанин на ЕУ во домашната правна рамка и граѓаните на ЕУ немаат пристап до работни места во јавната администрација. Секоја година, земјата одлучува за максимална квота на разни видови дозволи за работа за странци. Дозволи за работа за странски работници може да се добијат со поднесување единствена пријава до еден орган. Овој процес беше поедноставен со измените на Законот за странци, кои влегоа во сила во мај 2019 година. Не беа преземени мерки за подготовка за пристапување кон европската мрежа на услуги за вработување (**ЕУРЕС**) по пристапувањето.

Земјата има 23 билатерални **договори за координација на системите за социјално осигурување**, од кои 14 се со земји членки на ЕУ. Вкупно, има 18 договори за заемно здравствено осигурување кои им овозможуваат на луѓето од една земја да користат здравствени услуги во друга земја. Од нив, 12 договори се со земјите членки на ЕУ. Во 2020 година, земјата усвои упатства за регулирање на привремен престој на упатените работници во согласност со билатералните договори за социјално осигурување. Сè уште има 9 договори меѓу Северна Македонија и земјите членки на ЕУ за употреба на **Европската картичка за здравствено осигурување.**

### 5.3 Поглавје 3: Право на основање и слобода на давање услуги

*Физичките и правните лица на ЕУ имаат право да се основаат во која било земја членка и да обезбедуваат прекугранични услуги. За одредени регулирани професии, постојат правила за заемно признавање на квалификациите. Поштенските услуги постепено се отвораат за конкуренција.*

Северна Македонија е **умерено подготвена** за правото на основање и за слободата на обезбедување услуги. Постигнат е **одреден напредок** во текот на периодот на известување за ревидирање на националното законодавство во областа на услугите, така што компаниите и правните лица од Северна Македонија и ЕУ можат да обезбедат прекугранични услуги. Иницирани се првите чекори за лесен и директен пристап за компаниите до пазарот. Сепак, отворањето на поштенскиот пазар беше одложено повторно ограничувајќи го обезбедувањето квалитетни услуги за граѓаните и деловните субјекти. Потребни се повеќе напори за понатамошно усогласување со правото на ЕУ за признавање на професионалните квалификации. Препораките од минатата година беа делумно реализирани и остануваат валидни. Во наредната година,

Северна Македонија треба особено:

→ да продолжи со усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ, особено во однос на услугите и заемно признавање на професионални квалификации;

→ да воспостави точка на единствен контакт, меѓудругото и за регистрација на компанија, во согласност со Директивата за услуги;

→ да продолжи со усогласувањето на националното законодавство со правото на ЕУ за поштенските услуги и да ја заврши либерализацијата на поштенскиот пазар.

За **правото на основање** и **слободата на обезбедување прекугранични услуги**, земјата го ажурираше својот акциски план за решавање на неусогласеноста на секторските закони со новиот Закон за услуги, донесен во 2019 година. Таа ги започна подготовките за точка на единствен контакт, како што се бара со Директивата за услуги, но тие сè уште се во рана фаза. Исто така, го надгради својот портал за е-услуги за да вклучи каталог на услуги и да обезбеди подобри информации за граѓаните и деловните субјекти за постојните услуги. Сертификација за обезбедување квалитет на националните тела на јавната администрација од странски компании сè уште не може да се понуди, што ја попречува нивната слобода да обезбедуваат услуги.

Либерализацијата на **поштенските услуги** на пазарот повторно беше одложена за 1 јануари 2021 година, како нов рок за укинување на поштенскиот монопол. Поштата на Северна Македонија, назначен давател на универзална услуга, покрива повеќе од 90% од поштенскиот пазар. Законот за поштенски услуги треба дополнително да се усогласи со правото на ЕУ, меѓудругото и со Регулативата за услуги за испорака на прекугранични пратки. Се подготвува систем за сметководство на трошоци и раздвојување на сметководството и треба да се воведе кај давателот на универзални услуги. Властите треба да ја гарантираат независноста на регулаторот за пошти, што за возврат треба дополнително да ги зајакне неговите административни капацитети. Во 2019 година, 43 лиценцирани даватели на поштенски услуги беа активни на поштенскиот пазар, со лиценци кои опфаќаа различни услуги и географски области. Најновиот ревизорски извештај од Државниот завод за ревизија за Поштата во Северна Македонија укажа на наоди за повторливи неправилности.

Постигнат е **ограничен напредок во заемното признавање на професионалните квалификации**. Законот за признавање на професионални квалификации дизајниран да се усогласи со правото на ЕУ, е во фаза на ревизија, но не е усвоен. Властите треба да го прилагодат националното законодавство за да се усогласи со минималните услови за обука наведени во Директивата на ЕУ. Потврдувањето на податоците на електронскиот регистар за професионални квалификации сè уште треба да се финализира и да се вклучат акредитирани професионални квалификации.Треба да се подготви ажуриран и транспарентен список на сите регулирани професии, вклучувајќи ги и нивните оправдувања. Исто така, треба да се зајакне и институционалниот капацитет на одделот на Министерството за образование и наука што се занимава со меѓусебно признавање на професионалните квалификации.

## 5.4 Поглавје 4: Слободно движење на капитал

*Во ЕУ, капиталот и инвестициите мора да бидат во состојба да се движат без ограничување и постојат заеднички правила за прекугранични плаќања. Банките и*

*другите економски оператори применуваат одредени правила за поддршка на борбата против перење пари и финансирање тероризам.*

Северна Македонија е **умерено подготвена** во областа на слободното движење на капиталот. Во последните неколку години, земјата донесе мерки за намалување на ограничувањата за слободно движење на капитал и за олеснување на прекуграничните плаќања, но земјата треба да стори повеќе. Северна Македонија презема чекори во вистинска насока за откривање на сомнителни извори на пари. Постигнат е **одреден напредок** со започнување на спроведувањето на стратегијата и со зајакнување на досегашните резултати во борбата против перење пари и финансирање на тероризмот. Во наредната година, земјата треба особено:

→ да подготви патоказ со активности и временски рамки за примена на правилата на ЕУ во областа на слободно движење на капитал;
→ да го донесе и да го спроведе новото законодавство за платежни услуги и платни системи;
→ да го зајакне капацитетот на релевантните засегнати страни во борбата против перење пари и финансирање на тероризам, да обезбеди систематско спроведување на финансиски истраги во кривични случаи и дополнително да се усогласи со правото на ЕУ во оваа област.

Во однос на **движењата на капиталот и плаќањата**, земјата ги намали ограничувањата за слободно движење на капиталот, дозволувајќи инвестиции во хартии од вредност на странски пазари и купување недвижнини во странство. Сепак, остануваат други ограничувања на движењата на капиталот. На пример, жителите не можат да имаат банкарска сметка во странство, иако странците може да отворат банкарска сметка во земјата. Странците не можат да поседуваат земјоделско земјиште без договор на реципроцитет. Понатаму, сè уште нема регистар на вистински сопственици на правни лица.

Надзорот на **платните системи** редовно се спроведува од Народната банка.Сè уште не е донесен новиот Закон за платежни услуги и платни системи чија цел е усогласување на домашното законодавство со правото на ЕУ.

Во однос на **борбата против перењето пари и финансирањето на тероризам**, потребни се повеќе напори за усогласување со правото на ЕУ.Започна спроведувањето на стратегијата за борба против перење пари, која следи пристап базиран на ризик, а нејзината покриеност е проширена и на невладиниот сектор. Сè уште е потребно да се подигне свеста на органите за спроведување на законот за можното изложување и вклучување на правни лица во перење пари. Финансиските истраги треба да се спроведуваат посистематски. Донесена е националната проценка на ризик за борба против перење пари и финансирање на тероризам и ќе послужи како основа за ревизија на стратегијата. Народната банка го донесе својот прирачник за проценка на ризик во банките и небанкарските институции. Сепак, сè уште треба да се воспостави централен регистар на сметки и регистар на вистински сопственици на правни лица. Управата за финансиско разузнавање го зголеми својот персонал и го надгради софтверот за откривање случаи на перење пари. Во 2019 година, Управата објави 293 сомнителни трансакции, што е зголемување во однос на 194 поднесени во 2018 година. Управата испрати 54 извештаи (46 во 2018 година) за случаи на перење пари и финансирање на тероризам и 172 известувања (183 во 2018 година) за други активности до органите за спроведување на законот. Како резултат на тоа, пет лица беа обвинети и едно беше осудено за перење пари или финансирање тероризам. (Види исто така *Поглавје 23 -*

*Правосудство и фундаментални права и Поглавје 24 - Правда, слобода и безбедност*).

### 5.5 Поглавје 5: Јавни набавки

*Правилата на ЕУ гарантираат дека јавните набавки на стоки, услуги и работи во која било земја членка се транспарентни и отворени за сите компании од ЕУ врз основа на недискриминација и еднаков третман.*

Северна Македонија е **умерено подготвена** во областа на јавните набавки. Постигнат е **одреден напредок** со донесувањето на Законот за јавни набавки во областа на одбраната и безбедноста и на релевантното законодавство за спроведување на Законот за јавните набавки. Капацитетот на главните органи што ги спроведуваат јавните набавки треба да се зајакне и да се заврши нивната платформа за е-набавки. Земјата треба да ги зголеми напорите за спречување на неправилности и корупција за време на циклусот на набавка и за обезбедување на поефикасен систем на јавни набавки, следејќи ги начелата на транспарентност, еднаков третман, слободна конкуренција и недискриминација. Препораките на Комисијата од 2019 година не беа целосно спроведени и остануваат валидни. Во наредната година, Северна Македонија треба особено:

→ да обезбеди спроведување на Законот за јавните набавки, вклучително и надградба на порталот за е-набавки со нови модули и понатамошно усогласување со Директивите на ЕУ за концесии;

→ да гарантира дека извештаите за нерегуларности поврзани со јавните набавки соодветно се истражуваат, а сторителите се санкционираат;

→ да го зајакне со соодветен персонал административниот капацитет на Бирото за јавни набавки, Државната комисија за жалби и Државниот завод за ревизија за надзор и следење на јавните набавки и на Министерството за економија за управување со концесии и јавно-приватни партнерства.

<u>Институционална поставеност и правно усогласување</u>

**Правната рамка** за јавни набавки е во голема мера усогласена со директивите на ЕУ за јавни набавки од 2014 година во „класичниот“ и „јавниот“ сектор. Компаниите не можат повеќе да бидат исклучени од идните тендери поради професионална злоупотреба („негативна референца“) за време на фазата на спроведување на договорот, но сѐ уште се исклучени за време на фазата на набавка. Нивниот број е малку намален со примената на новиот закон. Практиката на исклучување на компаниите не е во согласност со јуриспруденцијата на Европскиот суд на правдата. Постигнат е одреден напредок за усогласување со Директивата за јавни набавки во областа на „одбраната и безбедноста“. Законодавството за јавно-приватно партнерство и концесии треба да се усогласи со директивите на ЕУ. Сите правни и финансиски инструменти кои се користат во областа на јавни набавки и концесии, вклучувајќи ги и меѓувладините договори склучени со земји кои не се членки на ЕУ за спроведување на заеднички проекти, треба да бидат во согласност со начелата на транспарентност, конкуренција, еднаков третман и недискриминација.

Јавните набавки, како составен дел од програмата за реформи во управувањето со јавните финансии за периодот 2018-2021 година (видете дел за *Реформа на јавната администрација*), редовно се следат врз основа на индикаторите за успешност.

**Бирото за јавни набавки**, главниот столб на системот за јавни набавки, има недостаток на персонал со соодветни компетенции за проширените надлежности за

надзор и мониторинг. Соработката помеѓу телата за јавни набавки и засегнатите страни, вклучително и Државната комисија за жалби, Комисијата за заштита на конкуренцијата и Државната комисија за спречување на корупција, остана ограничена.

Порталот за јавни набавки е надграден и прилагоден на новата правна рамка. Доделените договори, поврзани со известувањата за договори, сега се достапни во електронска форма. Повеќе планови за јавни набавки се објавуваат од страна на договорните органи, со што се зголемува транспарентноста и се намалува ризикот од отстапување во пост-договорната фаза. За да се надгради порталот за е-набавки, се развиваат делови за е-жалби, е-пазар за набавки од мала вредност и е-каталози.

Спроведување и капацитет за извршување

Во 2019 година, **пазарот за јавни набавки** претставуваше 11% од БДП на земјата и 24,79% од државниот буџет. Институциите на централната власт главно го исполнуваат барањето да ги објавуваат своите годишни планови за набавки. Општините и помалите договорни органи треба да ја зголемат транспарентноста и подобро да ги подготват циклусите на набавки преку годишните планови. Во однос на **следењето на доделувањето и спроведувањето на договорот**, процентот на вкупната вредност на јавните набавки доделени на МСП продолжи да се намалува, паѓајќи на 61,44% во 2019 година. Употребата на постапки на набавки со преговарање со и без претходно објавување на оглас, се зголеми на 9,08% од вкупната вредност на набавките во 2019 година. Овие постапки со преговарање главно беа користени од неколку големи договорни органи. Постои мало зголемување во однос на поништувањата на постапките за јавни набавки, достигнувајќи 18,23%. Како дел од своите нови овластувања во рамките на кризата од КОВИД-19, Владата издаде указ за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки за да одговори на итни потреби и Бирото за јавни набавки издаде известување за итни постапки за набавка. Договорните органи можат да ја користат постапката со преговарање без објавување и без барање на претходно мислење од Бирото за јавни набавки. По започнувањето на овие итни набавки, до април 2020 година беа потпишани 71 договор со вкупен износ од 1,5 милиони евра. За да се ублажат ризиците од измама, особено е важно да се одржуваат ревизорските траги. Објавувањето на сите информации за набавките поврзани со КОВИД-19 на владините портали ќе ги зајакне транспарентноста и довербата. Властите воспоставија алатка за е-набавки со податоци за јавни договори поврзани со кризата од КОВИД-19, со што се зголемија транспарентноста и достапноста. Истечените сертификати на службениците за јавни набавки беа продолжени до истекот на вонредната состојба. Се продолжи со употребата на е-аукции и најниската цена како единствен критериум за доделување, иако тие повеќе не се задолжителни. Само неколку договорни органи одлучија да го користат најдобриот соодноc помеѓу цената и квалитетот. По воведувањето на новата правна рамка, како што се обрасците за тендерска документација, сè уште недостасуваат обуки и јасни упатства за примена на овие критериуми.

Централизираното купување останува ограничено на неколку добра и услуги од заеднички интерес. Рамковните и повеќегодишните договори ретко се користат за повторливи набавки. Раздвојувањето во екстремно мали лотови ја прави понудата непривлечна за поголемите оператори и претставува ризик за ограничување на конкуренцијата. Фокусот треба да се насочи на понуди со соодветна големина и повторувачки договори потпишани за периоди подолги од една година. Некои понудувачи беа исклучени од евалуација на понудите поради мали административни пропусти. Постои значителен простор за подобрување на квалитетот на спецификациите на понудата и практиката на делење на набавката на лотови.

Зајакнувањето на мерките за внатрешна ревизија останува од витално значење за подобрување на спроведувањето и следењето на договорот (види *Поглавје 32 - Финансиска контрола*).

Министерството за економија, одговорно за концесии и јавно-приватни партнерства, има само двајца вработени кои се занимаваат со овие прашања. Нема соодветен регистар за концесии или јавно-приватни партнерства и податоците се недоволни. Концесиите за Аеродромот Скопје и за Градот Скопје не се достапни за јавноста.

**Капацитетот за управување со процесите на јавни набавки** сè уште е нееднаков и претставува посебен предизвик за помалите договорни органи. Професионализацијата на договорните органи треба да се подобри во согласност со новата законодавна рамка.

Регулаторните и институционалните системи за **интегритет и судир на интереси**, воспоставени за идентификување и справување со корупцијата, тајните договарања и измамнички практики, треба да се применат со силен интензитет. Сè уште треба да се развие соодветен систем за предупредување за ризик што сигнализира потенцијални проблеми со интегритетот во процесот на набавка. Државната комисија за спречување на корупцијата покрена неколку случаи за потенцијална злоупотреба на службената должност во областа на јавните набавки. Бројот на извештаи поврзани со интегритетот останува многу низок, а недостасуваат понатамошни истраги и соодветни казни.

Ефикасен систем за правна заштита

Законодавството за **правото на правен лек** е формално усогласено со правото на ЕУ.**Капацитетот за спроведување** на Државната комисија за жалби се зголеми благодарение на новите вработени за постапување со предмети. Бројот на жалби се зголеми од 737 во 2018 година на 902 во 2019 година. Стапката на завршни одлуки остана стабилна на 94%, во 2019 година. Повеќето прегледи на предмети се фокусирани на административни и правни аспекти без да се анализира суштината на жалбата (технички спецификации). Се прават напори за подобрување на пристапот до одлуките на Комисијата и нивно поврзување со системот за е-набавки. За помалку од една десетина од сите одлуки на Комисијата се поднесуваат жалби до судовите. Треба да се зајакне капацитетот на судовите за разгледување и донесување мериторни одлуки за предметите за набавки.

## 5.6 Поглавје 6: Право на трговски друштва

*ЕУ има заеднички правила за барањата за основање, регистрација и обелоденување на една компанија, со дополнителни правила за сметководствено и финансиско известување и законска ревизија.*

Северна Македонија има постигнато **добро нивона подготвеност** во областа на правото на трговски друштва.Земјата е добро напредната следејќи ги правилата на ЕУ за основање, регистрација, спојување и поделба на компании. За време на извештајниот период, постигнат е **одреден напредок** во понатамошното усогласување на Законот за трговски друштва со правото на ЕУ, но сè уште е потребно понатамошно усогласување со најновото право на ЕУ за корпоративно сметководство на компанијата и законска ревизија. Законот за сметководство и Законот за ревизија допрва треба да се донесат. Треба да се зајакне финансиската независност на Советот за унапредување и надзор на ревизијата, кој дејствува како независно надзорно тело. Бидејќи делумно беа третирани препораките од минатата година, во наредната година, Северна Македонија треба особено:

→ да ги донесе најновите измени на Законот за трговски друштва;
→ да ги донесе Законот за сметководство и Законот за ревизија и да ги усогласи со најновото право на ЕУ за корпоративно сметководство и законска ревизија.

Во однос на **правото на трговски друштва**, сѐ уште треба да се донесат измени на Законот за трговски друштва, насочени кон усогласување на законодавната рамка со Директивата на ЕУ за прекугранични спојувања.Националниот закон за банки вклучува кодекс за корпоративно управување за банкарскиот сектор и за неколку акционерски друштва котирани на берзата. Подготвена е измена на Законот за трговски друштва за проширување на овој кодекс за да ги опфати сите котирани акционерски друштва. Потребно е понатамошно усогласување на законодавството со правото на ЕУ, вклучувајќи ги правата на акционерите и барањата за транспарентност на котираните компании.

И Законот за сметководство и Законот за ревизија треба да се донесат. Законодавството за **корпоративно сметководство** е делумно усогласено со Директивата на ЕУ за сметководство. Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) се применуваат на сите компании без намалени обврски за МСП. Барањата за известување за нефинансиски информации не се исполнети. Во делот за **ревизија**, допрва треба да се донесе закон за истраги и санкции. Советот за унапредување и надзор на ревизијата делува како независно тело, но потребни се повеќе напори за зајакнување на неговата финансиска независност. Советот ги промовира интересите на сметководителите и ревизорите и служи како мост помеѓу институциите и Владата. Институтот на овластени ревизори е одговорен за сертифицирање и обука на ревизорите и за признавање на нивните квалификации.

### 5.7 Поглавје 7: Право на интелектуална сопственост

*ЕУ ги усогласи правилата за правна заштита на правата на интелектуална сопственост (ПИС) и за правна заштита на авторските права и сродните права. Правилата за правна заштита на ПИС опфаќаат, на пример, патенти и трговски марки, дизајни, биотехнолошки пронајдоци и фармацевтски производи. Правилата за правна заштита на авторските права и сродните права опфаќаат, на пример, книги, филмови, компјутерски програми и радиодифузија.*

Северна Македонија останува **умерено подготвена** во оваа област. Постигнат е **одреден напредок** во подигнувањето на свеста за борбата против фалсификување, шверц и увоз на фалсификувана стока, вклучително и зголемување на запленета стока. Препораките од 2019 година не беа целосно спроведени и остануваат валидни. Во наредната година, Северна Македонија треба особено:

→ да воспостави информативна платформа за институциите за спроведување на законот за размена на податоци за правата на интелектуална сопственост;

→ дополнително да ја подобри правната рамка за интелектуална сопственост, особено системот за управување со колективни права преку усогласување со Директивата за управување со колективните права и правата на индустриска сопственост преку усогласување со Директивата за спроведување и со Директивата за трговски тајни.

Измените на правната рамка за **авторско право и сродни права** за заштита на правата на засегнатите лица беа дополнително одложени.Следствено, со правата на авторите сè уште управува само една организација, Здружението за права на музички уметници, кое издава лиценци за колективно управување. Сепак, според сегашната правна рамка, паралелните организации собираат такси од автори без одобрение од Министерството за култура. Соодветното одделение во Министерството останува со недоволно вработени.

За **правата на индустриска сопственост**, Државниот завод за индустриска сопственост дополнително ја интензивираше соработката со Канцеларијата за интелектуална сопственост на ЕУ, одржувајќи добра соработка со Европската канцеларија за патенти и со Светската канцеларија за интелектуална сопственост. Оваа соработка ја подигнува свеста за фалсификувана стока и ја олеснува размената на добри практики за спроведување на ПИС.

Некои клучни активности планирани според тековната стратегија за правата на индустриска сопственост не се случија. Законот за индустриска сопственост сè уште не е усогласен со правото на ЕУ за трговски тајни, што дополнително ја зголемува недовербата на компаниите.

Отсуството на информативна платформа за органите за спроведување на законот за размена на податоци поврзани со ПИС е пречка за создавање на веродостојна евиденција за **спроведување** и за собирање веродостојни статистички податоци за институционалното постапување со прекршувањата на ПИС. Координативното тело за заштита на интелектуалната сопственост не е основано.

Борбата против фалсификувањето и пиратеријата и заштитата на правата на носителите на правата постигна одреден напредок. Претходните достигнувања на земјата во запленувањето на фалсификувана стока произведена на национално ниво, како и увезена од Турција и Кина се подобрени.

## 5.8 Поглавје 8: Политика на конкуренција

*Правилата на ЕУ ја штитат слободната конкуренција. Тие вклучуваат антимонополски правила против рестриктивни договори помеѓу претпријатијата и злоупотреба на доминантна позиција, а исто така вклучуваат правила за концентрации помеѓу компаниите кои значително ќе ја попречуваат конкуренцијата. Правилата на ЕУ, исто така, утврдуваат систем на контрола на државна помош. На владите им е дозволено да доделуваат државна помош само ако се исполнети рестриктивните услови, со цел да се спречи нарушување на конкуренцијата.*

Северна Македонија е **умерено подготвена** во областа на политиката на конкуренција. Главната законодавна рамка на државна помош и антимонопол и спојувања во голема мера е усогласена со правилата на ЕУ, но треба да се измени во однос на законодавството за спроведување што опфаќа различни области и сектори. Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК), како национален орган за конкуренција, нема административен и извршен капацитет, како во однос на персоналот, така и во однос на буџетот. Потребни се значителни напори за спроведување. **Нема напредок** во оваа област во текот на периодот на известување. Затоа, препораките од минатата година остануваат валидни. Во наредната година, Северна Македонија треба особено:

→ да ја подобри независноста и да го зајакне капацитетот на националниот орган за конкуренција за подобрување на перформансите на

спроведувањето, вклучително и во најпроблематичните случаи споменати подолу;

→ да ја зголеми транспарентноста за државната помош доделена од страна на Владата.

→ дополнително да го усогласи законодавството за спроведување во областа на државната помош.

Антимонопол и спојувања

**Законодавната рамка** на Северна Македонија е во голема мера усогласена со правото на ЕУ во областа на антимонопол и спојувања, иако некои преостанати делови од законодавството за спроведување допрва треба да се усогласат. Во однос на антимонополот, не постои политика на попустливост кон свиркачите.

Во однос на **институционалната рамка**, Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК) е одговорна за спроведување на Законот за заштита на конкуренцијата. КЗК, иако не е целосно развиена (види подолу), е оперативно независен орган со право да донесува извршни одлуки за антимонопол и спојувања. Таа има надлежност да истражува по службена должност и да постапува по жалби и известувања. Може да изрече казни, да предложи правни лекови или да издаде мислење, доколку се прекршат правилата за конкуренција. КЗК може да одобри спојувања со или без услови или да ги забрани истите. Таа доставува мислења во однос на нацрт-законодавство кое може да влијае врз конкуренцијата. Нејзините мислења не се правно обврзувачки. Сепак, нејзините одлуки се обврзувачки и нејзините одлуки можат да подлежат на жалба пред Управниот суд.

**Капацитетот за спроведување** на КЗК е ограничен бидејќи нема соодветен персонал и потребна е обука за да се зголеми нивото на експертиза. Покрај тоа, нејзиниот годишен буџет е недоволен (има најмал процент на БДП меѓу земјите од Западен Балкан) и варира секоја година. Ова го попречува ефективното проширување на нејзините надлежности и предизвикува загриженост за независноста и одржливоста на работењето. Исто така, треба да се зајакне капацитетот на националните судови кои се занимаваат со случаи на антимонопол и спојување.

Во однос на **спроведувањето**, бројот на одлуки за спојувања се намали од 61 во 2018 година на 49 во 2019 година, а бројот на донесени одлуки за картели и злоупотреба на доминантна позиција се намали од 5 во 2018 година на 3 во 2019 година. КЗК треба да ги подобри своите записи за спроведување со зголемување на теренските инспекции и со почесто користење на инструмент за попустливост. Исто така, треба да продолжи да прави целосна и транспарентна употреба на можноста за казнување, доколку е применливо. Недостатокот на капацитет на КЗК и на судовите кои се занимаваат со антимонополски случаи го попречуваат правилното спроведување.

Државна помош

**Законодавната рамка** за државна помош во голема мера ги рефлектира членовите 107 и 108 од ДФЕУ и нејзините соодветни одредби во Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА). Законот за државна помош и законодавството за спроведување на одредени форми на помош и за специфични сектори, вклучително и регулативата за доделување помош од мало значење (*де минимис*), треба дополнително да се усогласат со правото на ЕУ.Регионалната мапа за помош е застарена, а пописот на државна помош нема транспарентност.

Во однос на **институционалната рамка**, КЗК е, исто така, одговорна за спроведување на Законот за државна помош. Давателите на државна помош мора да ја известат Комисијата за нивните планови за доделување нова државна помош или за промена на постојната државна помош за да може да ја процени нивната компатибилност. Комисијата издава необврзувачки мислења и обврзувачки одлуки за државна помош. Доколку не е известено за некоја мерка за помош, таа има овластување да испита по службена должност и може да нареди нејзино враќање. Сепак, Комисијата досега не го користеше ова овластување.
За да се подобри нејзиниот **капацитет за спроведување**, персоналот на КЗК што се занимава со контрола и спроведување на државната помош се зголеми на четири, но тоа сè уште е недоволно. Буџетските ограничувања и застарената опрема го попречуваат нејзиниот оперативен капацитет. Потребна е и дополнителна обука за правото на ЕУ.

Во однос на **спроведувањето**, КЗК издаде 21 одлука и 14 мислења за државна помош во извештајниот период, од кои ниту едно не беше негативно или условно. Европската комисија изрази загриженост за три случаи. Прво, програмата финансирана според Законот за поддршка на финансиски инвестиции не е во согласност со правото на ЕУ за државна помош и треба да се измени.Второ, треба да се ревидира програмата за финансиски поттикнувања за аеродромите во Скопје и Охрид која обезбедува финансиска поддршка на домашните и странските авиокомпании за да се потврди дека таа е во согласност со правото на ЕУ за државна помош и ССА. Третата и најнова загриженост беше во врска со избрзаното донесување на Закон за стратешки инвестиции, без претходно известување до КЗК. Од април до јуни 2020 година, Владата објави три одделни повици за поддршка на деловните субјекти и граѓаните за надминување на кризата од КОВИД-19.

Либерализација

Антимонополските правила и правилата за државна помош се однесуваат и на државните претпријатија и претпријатијата со посебни или ексклузивни права, освен кога нивната примена би го попречила извршувањето на одредени задачи кои им се доделени. Досега, земјата не достави евиденција за спроведувањето на јавните претпријатија. Не постојат докази во однос на постоењето на монополи од комерцијален карактер, во рамки на значењето на член 37 од ДФЕУ.

## 5.9 Поглавје 9: Финансиски услуги

*Правилата на ЕУ имаат за цел да обезбедат фер конкуренција помеѓу финансиските институции, како и нивната стабилност, имено правилата за банкарство, осигурување, дополнителни пензии, инвестициски услуги и пазари на хартии од вредност. Тие вклучуваат правила за овластување, работење и надзор на овие институции.*

Во областа на финансиските услуги, земјата е **умерено подготвена**.Постигнат е **ограничен напредок** во насоките за адекватност на капиталот и либерализацијата на пазарите на капитал во согласност со втората фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА). Затоа, препораките од минатата година остануваат валидни. Во наредната година, земјата особено треба:

→ да продолжи да ги спроведува барањата на Базел III и да ги заврши активностите за назначување на орган за разрешавање на банките;

→ да собира податоци за нерегистрирани и неосигурени возила;
→ соодветно да се осврне на заштитата на потрошувачите.

За **банките и финансиските конгломерати**, во тек е спроведувањето на правилата на Базел III. Правилата за управување со ликвидносен ризик и ограничувањата на изложеност се надградени. Сега од банките се бара да го интегрираат интерниот процес на проценка на адекватноста на ликвидноста во нивниот систем за управување со ризици. Постигнат е напредок во измената на упатствата за адекватност на капиталот за да се овозможи посоодветен третман на ризикот од порамнување и кредитниот ризик на договорната страна. Рамката за макропрудентна политика сè уште не е воспоставена. Беа направени понатамошни напори, како што се едукативни активности и споделување информации за да се заштитат потрошувачите и да се спречат неправични банкарски практики. Правните одредби за органот за разрешување на банките сè уште не се во сила.

Како одговор на кризата од КОВИД-19, Народната банка презеде различни мерки во пролетта 2020 година, меѓу нив и ревизија на регулативата за кредитен ризик, за да ги поттикне банките за привремено преструктуирање на заемите, и ублажување на стандардите за класификација на заемот за нефункционални заеми.

Во однос на **осигурителните и професионалните пензии**, пазарот на осигурување продолжи да расте, како и активностите за заштита на потрошувачите. Постапката за донесување на законот што ги усогласува националните правила со Директивата за солвентност II сè уште не е започната. Со влегувањето во сила на втората фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација во 2019 година, на осигурителна компанија со седиште во ЕУ и е дозволено да отвори здружение во земјата, но лиценцата за нејзино работење сè уште треба да се добие од регулаторот и супервизорот на пазарот на осигурување. Сè уште е на сила законодавството со кое се овластува Министерството за финансии да утврди премии за осигурување на моторни возила, што е во спротивност со правото на ЕУ. Нема релевантни податоци за процентот на возила кои не се осигурени. Според анализата обезбедена од Националното биро за осигурување, кое управува со гарантниот фонд за неосигурени возила, годишното осигурување не се обновува навреме за околу половина од сите осигурени возила. Потребни се мерки за борба против неосигурено возење. Ограничувањето од 50% за инвестирање во домашни хартии од вредност од страна на пензиските фондови сè уште постои, спротивно на правото на ЕУ и втората фаза на ССА.

Нема напредок во поглед на **инфраструктурата на финансискиот пазар.** Усогласувањето со Директивата за финансиски колатерал и со Директивата за конечно порамнување останува нецелосно. Во однос на **пазарите на хартии од вредност и инвестициските услуги,** Законот за пазари на капитал со цел усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ сè уште не е донесен. Ова ги вклучува одредбите за ликвидност и солвентност за брокерски куќи.

## 5.10 Поглавје 10: Информатичко општество и медиуми

*ЕУ го поддржува непреченото функционирање на внатрешниот пазар за електронски комуникации, електронска трговија и аудиовизуелни услуги. Правилата ги штитат потрошувачите и поддржуваат универзална достапност на современи услуги.*

Земјата е **умерено подготвена** во областа на електронските комуникации и информатичкото општество. Постигнат е **одреден напредок** за време на извештајниот период, бидејќи земјата напредува во подготовките за долгорочна

стратегија за информатичка и комуникациска технологија (ИКТ), ја воспостави Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК) и има подобрени услуги за е-влада.Националниот регистар на население и националниот е-портал за услуги започнаа со работа, нудејќи дигитален пристап и електронски услуги на граѓаните и деловните субјекти.

Бидејќи некои од препораките за 2019 година не се целосно спроведени, во наредната година земјата особено треба:

→ да ја финализира долгорочната стратегија за информатичко-комуникациска технологија (ИКТ);
→ да ги зајакне независноста и капацитетот на медиумскиот регулатор и јавниот радиодифузен сервис;
→ да продолжи да го спроведува акцискиот план за воведување на бројот за итни случаи 112 и да ги распредели потребните финансиски средства.

Како дел од дигиталната агенда за Европа, земјата продолжи да ги спроведува приоритетите утврдени во националната стратегија за широкопојасен интернет 2019-2023 и националната стратегија за сајбер безбедност 2018-2022. Јавноста има корист од намалените цени на роаминг што произлегуваат од Регионалниот договор за роаминг. Во тек се подготовки за воведување на европски број за итни случаи 112.

Во областа на **електронските комуникации и информатичката технологија**, фиксната широкопојасна пенетрација малку се зголеми. Мобилниот широкопојасен интернет, вклучувајќи 2G/3G/4G се намали на 62,70%. Инвестициите во развој на електронските комуникации продолжија со слично темпо како и во 2018 година. Измените на Законот за електронски комуникации донесени во мај и јули 2019 година, како и уредбата донесена во јуни 2020 година, дополнително го регулираа финансирањето на новата Оперативно-техничка агенција (ОТА). Остануваат загрижености околу независноста на назначувањата на одборот и раководството на Регулаторната комисија. Законот за електронски комуникации и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги треба дополнително да се усогласат со правото на ЕУ.

За време на извештајниот период немаше релевантни случувања во однос на заштитните мерки на конкуренцијата. Потребни се дополнителни напори за подобрување на конкуренцијата во телекомуникацискиот сектор.

Во однос на **информатичкото општество**, се подготвува долгорочна стратегија за информатичко-комуникациска технологија (ИКТ). Започна изготвувањето на стратегијата за развој на дигитални вештини, а дигиталната писменост е приоритет во новата стратегија за образование. Електронските потписи можат да се користат во новиот е-портал за услуги во земјата од страна на поединци и деловни субјекти. Употребата на системот за интероперабилност малку се зголеми за време на извештајниот период, иако многу институции не го користат и покрај тоа што имаат инсталирано опрема и софтвер. Подготовките за општата рамка и услуги за е-влада продолжија. Потребни се поголеми напори и подобрена координација помеѓу институциите за модернизација и дигитализација на јавната администрација. За време на пандемијата од КОВИД-19, институциите понудија неколку нови е-услуги, како што се издавање дозволи за движење за граѓани и вработени во услови на ограничено движење за време на полицискиот час. Е-трговијата се зголеми за повеќе од 20% во споредба со претходната година. Прагот за увоз на производи од мала вредност се зголеми на 90 евра.

Што се однесува до **аудио-визуелната политика**, неуспехот на Собранието да ги

назначи членовите на медиумските регулатори и советите на јавните радиодифузери го одложи спроведувањето на изменетиот Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Законот беше дополнително изменет во февруари 2020 година за да се воведе барање за кабелските оператори да поднесуваат изјави под морална, материјална и кривична одговорност за регулирани права на интелектуална сопственост. За време на вонредната состојба од КОВИД-19, Владата усвои неколку уредби во обид да го реши проблемот, но допрва треба да се постигне одржливо решение. Медиумскиот регулатор продолжи да биде проактивен во издавањето предупредувања за навредувачки или дискриминаторски јазик, говор на омраза, непрофесионално новинарско известување, но и притисок и закани врз новинари и медиуми. Промовирањето на медиумската писменост, исто така, остана приоритет. Регулаторот продолжи да ја следи транспарентноста на сопственоста на медиумите. Сепак, започнувањето на постапките за скриена сопственост и незаконска концентрација на медиумите покажува дека меѓуинституционалната соработка треба дополнително да се подобри. Владата воведе акциски план за борба против дезинформациите и започна процес за подобрување на медиумската писменост во образовниот систем. И двата процеси се во рана фаза и бараат широка меѓуинституционална соработка.

За време на кризата од КОВИД-19, Владата донесе одлука за пристап до нејзините прес-конференции на сите радиодифузери и печатени медиуми регистрирани во регистарот на медиумскиот регулатор и на мрежните медиуми регистрирани во неформален регистар основан од Здружението на новинари и Советот за етика во медиумите. Оваа одлука е предмет на критика од страна на медиумскиот регулатор и некои медиумски здруженија. Како одговор на вонредната состојба од КОВИД-19, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги обезбеди финансиска помош на радиодифузерите за набавка на заштитна опрема и за производство и набавка и емитување на програми.

Продолжија да важат промените во изборниот законик воведени пред претседателските избори во 2019 година, со кои Државната изборна комисија го укина надзорот на емитување на интернет на платени политички реклами и платените политички реклами финансирани од државниот буџет. Во февруари 2020 година, изборниот законик беше дополнително изменет за да се вклучат одредби за регулирање на работата на медиумите за време на изборите. Властите направија неколку измени преку уредбите донесени за време на вонредната состојба, вклучително и измените на последниот ден пред почетокот на изборната кампања, дефинирајќи ја распределбата на зголеменото време за платено политичко рекламирање меѓу политичките партии. Измените беа критикувани од регулаторот и здруженијата на медиуми. Сè уште треба да се обезбедат независноста и финансиската стабилност на јавниот радиодифузен сервис. Ова, исто така, ќе ја зголеми ефективноста на неговото работење и управување. Аудиовизуелниот сектор продолжи да има корист од учеството на земјата во потпрограмата за медиуми „Креативна Европа“ со поддршка на пет проекти.

## 5.11 Поглавје 11: Земјоделство и рурален развој

*Со заедничката земјоделска политика (ЗЗП) се поддржуваат земјоделците и руралниот развој. Ова бара издржливи системи за управување и контрола. Исто така, постојат заеднички правила на ЕУ за политиката за квалитет и органско земјоделство.*

Северна Македонија останува **умерено подготвена** во областа на земјоделството и руралниот развој. Постигнат е **добар напредок** во извештајниот период,

особено во однос на спроведувањето на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој (ИПАРД II) и Мрежата за сметководствени податоци од фарма (ФАДН).

Бидејќи не се спроведени сите препораки од 2019 година, во наредната година земјата особено треба:

→ да донесе стратешки одлуки за раздвојување на директните плаќања и да ги зајакне улогата и капацитетот на платежната агенција во врска со интегрираниот административен и контролен систем (ИАЦС);

→ да спроведе активности за понатамошно институционално и правно усогласување со правото на ЕУ во областа на заедничката организација на пазарот;

→ да го зголеми административниот капацитет на Управниот орган на ИПАРД и Агенцијата за ИПАРД за да се обезбеди целосно спроведување на достапното финансирање за ИПАРД II.

Во однос на **хоризонталните прашања**, заврши функционалната ревизија на земјоделските институции, утврдувајќи препораки за институционална реорганизација. Постои напредок кај структурните реформи за консолидација на земјиште и земјоделски задруги. Системите за директно плаќање останаа поврзани со производството со ограничена примена или спроведување на правилата за вкрстена усогласеност. Северна Македонија продолжи да применува комплексни системи на директна исплата во комбинација со влезни субвенции и премии, како и дополнителни плаќања за планинските области, младите земјоделци и органското производство. Годишните буџетски алокации за директни плаќања останаа стабилни, на околу 100 милиони евра. Во 2019 година беше воведена нова програма за субвенции на гориво за земјоделците, како и новата програма за доброволни „мали земјоделци“. Потребни се дополнителни обврски за раздвојување на ниво на политика и за поедноставување на тешките процедури на платежната агенција.

Постигнат е добар напредок во усогласувањето на Мрежата за сметководствени податоци на фарма (ФАДН) со правото на ЕУ, во подобрувањето на нејзиниот квалитет и зголемувањето на нејзината употреба. Потребно е зголемување на човечките и финансиските ресурси за одржување на ФАДН системот. Јавните советодавни служби немаат доволен капацитет и ресурси за да соберат сметководствени податоци на фармите. Клучните елементи се воспоставени за интегрираниот административен и контролен систем (ИАЦС), во согласност со барањата на правото на ЕУ.Апликацијата за геопросторна помош е одложена бидејќи системот сè уште се базира на катастарски информации. Употребата на Системот за идентификација на земјишни парцели (ЛПИС), е ограничена на контроли на самото место. Забележано е одредено зајакнување на капацитетот на платежната агенција, особено за управување со ИТ системите. Потребни се дополнителни напори за да се заврши законодавната рамка за пренесување на регистарот на земјоделски производи и системот за идентификација на парцели на платежната агенција и да се финализира софтверот ИАЦС.

Реформите во земјоделскиот советодавен систем дополнително беа одложени затоа што треба да се процени коегзистенцијата на приватни и јавни советодавни услуги. Јавната советодавна служба продолжи да има недоволно вработени и недоволно финансиски средства за соодветно да го поддржува развојот на земјоделството.

Постигнат е добар напредок во усогласувањето со правилата на ЕУ за регистрирана **заедничка организација на пазарот**, со подготовка на режими специфични на стоки

за млечни производи, овошје и зеленчук и свинско месо.Потребни се дополнителни напори за спроведување на понатамошно институционално и законско усогласување со правото на ЕУ во областите на заедничка организација на пазарот, особено во признавањето на Организации на производители за земјоделски производи, Здруженија на производители и Меѓугранични организации.

Во областа на **руралниот развој**, постигнат е добар напредок во спроведувањето на програмата за претпристапна помош за рурален развој (ИПАРД II). Постигнат е одреден напредок за зголемување на бројот на вработени во Платежната агенција, иако е потребен поголем персонал во Агенцијата и Телото за управување за да се обезбеди успешна апсорпција на средствата од ИПАРД во следниот програмски период. Северна Македонија продолжи да обезбедува национална поддршка со најголем дел од своите средства наменети за изградба на големи системи за наводнување. Во 2019 година, беше поддржана пилот програма од типот на „LEADER“ („Врски помеѓу руралната економија и развојните акции“) со национално финансирање. Сè уште е потребен напредок за прилагодување на стратегиите за рурален развој и усогласување на управувањето и спроведувањето на националната политика за рурален развој со релевантното право на ЕУ.

Во однос на **политиката за квалитет**, основното законодавство е воспоставено. Сепак, сè уште се потребни напори за спроведување и контрола на политиката и за понатамошно развивање и промовирање на системи за квалитет.

Во однос на **органското земјоделство**, законодавството е воспоставено. Надлежниот орган, контролните тела и системот за акредитација и сертификација се основани и функционални. Во 2019 година, беше акредитирано трето сертификационо тело. Потребни се дополнителни напори од надлежниот орган и назначените контролни тела за да се обезбеди строга контрола и спроведување на органските правила и прописи.

## 5.12 Поглавје 12: Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика

*Правилата за хигиена на ЕУ за производство на храна обезбедуваат високо ниво на безбедност на храната. Здравјето и благосостојба на животните и безбедноста на храната од животинско потекло и исхрана на животните се зачувани заедно со квалитетот на семето, материјалот за заштита на растенијата и заштитата од штетни организми.*

Земјата има **добро ниво на подготвеност** во областа на безбедноста на храната и ветеринарната политика. Постигнат е **добар напредок** во земјата,особено во подобрувањето на контролата на болести кај животните предизвикани од штетни организми..

Сепак, бидејќи не се спроведени сите препораки од 2019 година, во наредната година земјата особено треба:

→ и понатаму да го усогласува законодавството за службена контрола со правото на ЕУ;
→ да ги зајакне капацитетите за анализа на податоци за безбедноста на храната;
→ да донесе и спроведува законодавство за контрола на заштитата на растенијата.

Во однос на **општата безбедност на храната**, Законот за безбедност на храната беше изменет за да се усогласи со новата регулатива на ЕУ за службени контроли.

Националниот совет за безбедност на храната и добиточната храна продолжи да обезбедува научна и техничка поддршка за активностите на Агенцијата за храна и ветеринарство. Развиени се нова методологија за идентификација на ризици и регистри на ризици. Стратегија за здравје на животните допрва треба да се донесе. Националниот систем за брзо предупредување за храна и храна за животни, како и системите за внатрешна ревизија и обука на Агенцијата се оперативни. Агенцијата активно учествува во научните мрежи на Европскиот орган за безбедност на храната. Започна флексибилен процес за спроведување на правилата за безбедност на храната.

Во однос на **ветеринарната политика**, законодавството за спроведување на системот за внатрешна контрола на пазарот и за некомерцијалното движење на домашни миленици, е усогласено со правото на ЕУ. За системот за контрола на увозот, Агенцијата обезбедува редовни надградби на мерките за заштита при увоз и барањата за увоз на живи животни и производи од животинско потекло. Агенцијата ги измени правилата за ветеринарни проверки при увоз на домашни миленици и идентификува и регистрира коњи и други копитари за време на извештајниот период.

Постигнат е добар напредок во контролните мерки за болести кај животните. Агенцијата продолжи да ги вакцинира лисиците против беснило и говедата против болеста на јазлеста кожа. По успешното спроведување на мерките за контрола и искоренување, престана и задолжителната вакцинација против класичната свинска чума.Воведени се мерки за контрола и биосигурност поврзани со африканската свинска чума. Агенцијата продолжи со активности за надградба на мерките за биосигурност на одгледувалиштата на свињи. Агенцијата, исто така, на националниот центар и локалните центри за контрола на болести им ја обезбеди потребната опрема. Беа усвоени планови за непредвидени состојби за класична свинска чума, вариола кај овци и кози и болести на аквакултура. Потребно е да се подобри службената контрола на аквакултурата.

Агенцијата продолжи да ја спроведува програмата за следење на антимикробната резистенција. Националната програма за следење во 2019 година за контрола на остатоците од ветеринарно-медицински производи и загадувачи кај живи животни и прехранбени производи од животинско потекло е во согласност со правото на ЕУ за говеда, овци, свињи, живина, аквакултура, млеко, јајца и мед. Агенцијата продолжи да го спроведува акцискиот план за заштита на животните. Контролата на кучињата скитници не беше правилно управувана во сите општини. Микро-чипирање при регистрација на домашни миленици е стандардна практика во земјата. Треба да се подобри капацитетот за понатамошно усогласување со правото на ЕУ за зоотехничките прашања.

Постигнат е добар напредок во **пласирањето на храна, храна за животни и нуспроизводи од животинско потекло на пазарот** со донесување на законодавството за спроведување за усогласување со правото на ЕУ. Законот за нуспроизводи од животинско потекло беше ревидиран со цел да се опфати планираната работа на фабриката за рендерирање на животински нуспроизводи, но истиот допрва ќе се донесе. Владата го усвои патоказот за активности и одговорности за воспоставување систем на нуспроизводи од животинско потекло во земјата.

Агенцијата ја продолжи својата програма за фарми за млечни производи во целосна усогласеност со здравствените и хигиенските стандарди на сурово млеко.

Постигнат е и добар напредок во однос на **правилата за безбедност на храната**.Законодавството беше усогласено со правото на ЕУ за етикетирање, храна за посебна употреба во исхраната, брзо замрзнати прехранбени производи и јонизирачко

зрачење. Сепак, проверките не беа систематски извршени според стандардите на ЕУ. Постапките за одобрување на здравствени тврдења и пуштање во промет на додатоци на храна и храна за специјална употреба во исхраната се поедноставени. Агенцијата продолжи да спроведува програма за следење на безбедноста на храната, но податоците треба дополнително да се анализираат.

Во однос на **специфичните правила за добиточна храна**, законодавството е усогласено со правото на ЕУ за ставање во промет и употреба на добиточна храна, адитиви за добиточна храна и непожелни материи. Спроведувањето на програмата за подобрување на безбедноста на добиточната храна треба да се подобри.

Постигнат е одреден напредок за усогласување со **фитосанитарните** стандарди на ЕУ.На пример, статусот на штетници во земјата редовно е ажуриран и Фитосанитарната дирекција го ажурираше списокот на штетни организми во согласност со новото право на ЕУ. Законот за производи за заштита на растенијата допрва треба да се донесе. Системот за контрола на употребата на пестициди е слаб, но фитосанитарната инспекција започна да воведува мерки за искоренување на штетници преку програмите за мониторинг и контрола. Подготвени се планови за вонредни состојби за два штетни организми, а фитосанитарниот информациски систем започна со работа. Фитосанитарната управа ги зголеми своите капацитети за анализа на собраните податоци со вклучување на универзитети и научни тела во програмата за мониторинг. Подобрена е координацијата помеѓу релевантните органи.

Целта на Законот за **генетски модифицирани организми** беше усогласување со правото на ЕУ, но забраната за производство, пласирање на пазар и увоз на храна и добиточна храна од генетски модифицирани организми спречува целосно усогласување пред пристапувањето. Земјата ги евидентира одобрените генетски модифицирани организми.

## 5.13 Поглавје 13: Рибарство

*Со заедничката политика за рибарство се утврдуваат правила за управување со риболов, се заштитуваат живите ресурси на морето и се ограничува влијанието на животната средина врз рибарството. Ова вклучува поставување на квоти на улови, управување со капацитетот на флотата, правила за аквакултура, како и поддршка за рибарството и крајбрежните заедници.*

Земјата е **умерено подготвена** во областа на рибарството. Постигнат е **ограничен напредок** во секторот со спроведување на структурни активности за поддршка на инвестициите во рибарството. Продолжи борбата против нелегалниот, непријавен и нерегулиран риболов. Во наредната година, земјата особено треба:

→ да ги засили своите напори за понатамошно усогласување и спроведување на релевантното право на ЕУ во областа на рибарство;

→ да го подобри системот за собирање податоци и известување;

→ да постави повеќегодишни програми за поддршка на структурни мерки.

Бидејќи Северна Македонија има само внатрешен риболов во езера и аквакултура, голем дел од правото на ЕУ за рибарство не е применлив. Националната правна рамка не ги одразува промените во заедничката политика за рибарство.

Административните капацитети за **управување со ресурсите и возниот парк** и **инспекциите и контролата** на политиката за рибарство остануваат недоволни, како и

капацитетот за контрола на нелегалниот риболов.

Воспоставени се некои **структурни мерки** за поддршка на инвестициите во аквакултурата. Мерките за зголемување на рибниот фонд се ограничени како резултат на намалувањето на финансирањето на годишната програма за рибарство.

Не е постигнат напредок во **политиката на пазарот**.Мерките на политиката за усогласување со регулативата на ЕУ за јагулите се во очекување.

За време на извештајниот период немаше големи случувања во однос на политиката на пазарот, државната помош или меѓународните договори.

## 5.14 Поглавје 14: Транспортна политика

*ЕУ има заеднички правила за техничките и безбедносните стандарди, безбедноста, социјалните стандарди, државната помош и пазарната либерализација во патниот сообраќај, железничкиот сообраќај, внатрешниот воден сообраќај, комбинираниот сообраќај, воздухопловството и поморскиот сообраќај.*

Земјата е **умерено подготвена** во областа на транспортот. Постигнат е **ограничен напредок** во извештајниот период, но само во врска со поврзаноста. Потребна е уште поголема политичка посветеност за спроведување на неопходните секторски реформи и потребни се повеќе напори за зајакнување на административните и оперативните капацитети за сите видови на транспорт. Нема напредок во завршувањето на клучните секторски реформи и препораките за 2019 година остануваат валидни. Во наредната година, земјата треба:

→ да го зајакне оперативниот и административниот капацитет на инспекциските тела и да ги развие капацитетите за спроведување заради намалување на жртвите во патната и железничката инфраструктура;

→ во реформите на железницата, да ги спроведува реформските мерки за поврзаност и да го отвори пазарот на железнички транспорт, да воспостави национален систем за континуирано собирање податоци за сообраќајни несреќи и да ги финализира договорите/протоколите за граничен премин;

→ да донесе законодавство за интелигентни транспортни системи (ИТС) и комбиниран транспорт и да вложи дополнителни напори да создаде стратешка рамка за спроведување на ИТС и основните мрежи.

Во однос на **општото право за транспорт**, клучните стратешки документи за транспорт и неговите потсектори се веќе воспоставени. Националната стратегија за транспорт 2018-2030 сè уште нема наменски акциски план. Нема напредок во зајакнување на оперативниот и административниот капацитет за сите видови на транспорт. Законот за истрага на воздушни и железнички несреќи е веќе во сила. Сепак, сè уште има одложувања во формирањето на независен орган за истражување на железнички несреќи. Потребни се дополнителни напори за спроведување на законодавството на ЕУ за права на патниците во сите видови на транспорт. Потребни се и понатамошни напори за целосно транспонирање на Директивата за интелигентен транспортен систем (ИТС) и воведување на релевантни национални закони. Потребна е сеопфатна стратегија за ИТС со придружни ресурси.

Законската рамка за **патен транспорт** е во голема мера усогласена со правото на ЕУ.Законодавството за опасни материи е усогласено со правото на ЕУ.Не е постигнат напредок во проценката на сообразноста на постојната опрема за транспорт на опасни материи. Потребни се понатамошни напори за усогласување со правото на ЕУ за

социјални и безбедносни прашања. Потребни се и дополнителни напори за воспоставување на национален систем за континуирано собирање на податоци за сообраќајни несреќи. Акциските планови за инспекција и ревизија на безбедноста на патиштата треба да се следат и спроведуваат. Државниот инспекторат за транспорт треба да ги зајакне своите капацитети за спроведување и техничките капацитети. Потребно е понатамошно усогласување за казните за непочитување на Европскиот договор за работа на екипажите на возилата што вршат меѓународен патен превоз (AETR). Не е постигнат напредок во транспонирањето на законодавството за чиста енергија и енергетски ефикасни возила за патен транспорт и интелигентни транспортни системи или за одобрување на петгодишните планови за одржување на патиштата и железницата.

Во однос на **железничкиот транспорт**, главниот услов на правото на ЕУ - да се направи националното управување со инфраструктурата независно од државната железничка компанија е исполнето. Железничкиот сектор во земјата сè уште треба да се трансформира и има одложувања во одвојувањето на сметките за патници и за товарните работи. Натамошното усогласување и транспонирање на големи делови од правото на единствената Европска железничка област беа одложени. Не е постигнат напредок во отворањето на железничкиот пазар кон коридорот Ориент-Источен Медитеран. Законодавството за безбедност на железницата е усогласено, но потребни се понатамошни напори за правилно спроведување. Договорот за прекугранична железничка соработка со Грција допрва треба да се потпише, а договорот со Косово допрва треба да се спроведе во целост. Сè уште не е формиран орган за истраги и несреќи. Во ноември 2019 година, железничките власти ја потпишаа Европската декларација за култура на безбедност во железничкиот сектор, која има за цел да ја подигне свеста и да промовира позитивна култура на безбедност во целата индустрија.

Во однос на **поморскиот транспорт**, земјата е страна потписничка на сите основни транспортни конвенции на Меѓународната поморска организација.

Во областа на **внатрешниот воден транспорт**, земјата е усогласена со поголемиот дел од правото на ЕУ, освен Регулативата за признавање на сертификација и превоз на стока и патници. Не постои закон за трговска испорака, бидејќи не се превезува стока по внатрешните водни патишта. Земјата активно учествува во Меѓународната комисија за сливот на реката Сава, но сè уште не учествува во Стратегијата на ЕУ за развој на Дунавскиот регион.

Што се однесува до **воздухопловството**, Северна Македонија одржува добро ниво на усогласеност со правото на ЕУ и делумно се усогласи со законодавството за безбедност во воздухопловството.Поддршката на ЕУ му помага на органот за цивилно воздухопловство да ги почитува барањата на Спогодбата за европски заеднички воздухопловен орган. Усогласувањето и спроведувањето на законодавството за Единствено европско небо сè уште треба да бидат проверени од Европската агенција за безбедност на воздухопловството (EASA). Потребни се дополнителни напори за олеснување на инспекциите за стандардизација на EASA.

Во поглед на **комбинираниот транспорт**, потребен е напредок во поставувањето мултимодален јазол во близина на Скопје и во усвојувањето на специфично законодавство усогласено со правилата на ЕУ.

## 5.15 Поглавје 15: Енергетика

*Енергетската политика на ЕУ опфаќа снабдување со енергија, инфраструктура,*

*внатрешен енергетски пазар, потрошувачи, обновлива енергија, енергетска ефикасност, нуклеарна енергија и нуклеарна безбедност и заштита од радијација.*

Земјата продолжи да биде **умерено подготвена** во оваа област.Постигнат е **добар напредок**, особено преку донесување на законодавството за спроведување во врска со третиот енергетски пакет. Во наредната година, земјата особено треба:

→ да заврши со раздвојување на операторот на системот за пренос на гас;

→ да го зголеми бројот на вработени, како и техничкиот/инженерски капацитет на Секторот за енергетика во Министерството за економија и Агенцијата за енергетика;

→ да го донесе и спроведе законодавството за спроведување на енергетската ефикасност.

Донесена е националната стратегија за енергетика што ќе трае до 2040 година. Таа ги рефлектира приоритетите на енергетската и климатската политика на ЕУ и целите од 2030 година, како и интегрираната стратегија за енергетика и клима.

Што се однесува до **безбедноста на снабдувањето,** достапноста на јаглен за термоцентралата во Битола сè уште треба итно да се реши, вклучително и со инвестирање во нови ресурси. Влегувањето во сила на Законот за задолжителни резерви на нафта е повторно одложено, овој пат до 2021 година. Залихите на нафта одговараат на 74 дена на просечна дневна потрошувачка, но методот за нивно пресметување е несоодветен. Донесувањето на законодавството и акциските планови за спроведување кои се во согласност со Директивата за залихи на нафта, исто така, беше одложено. Нафтената индустрија добива надоместок за чување на итни резерви на нафта.

Во тек е изградбата на нова 400kV интерконективна линија за пренос на електрична енергија со Албанија. Во областа на гасоводни интерконекции, Владата презеде мерки за да се обезбедат потребните финансиски средства за изградба на интерконективна линија со Грција и Србија. Се подготвува физибилити студија за интерконективната линија со Косово. Операторот на системот за пренос на електрична енергија учествува во регионалната аукциска канцеларија во Југоисточна Европа. Патоказот за спојување на електрична енергија со Бугарија е во очекување на воспоставувањето на претстојниот пазар во Северна Македонија.

Во однос на **внатрешниот пазар на енергија**, постигнат е добар напредок во понатамошното усогласување на земјата со третиот енергетски пакет на ЕУ за гас и електрична енергија. Пазарите за електрична енергија и гас се отворени за конкуренција и земјата е на добар пат да го донесе соодветното законодавство за спроведување. Операторот на системот за пренос на електрична енергија во Северна Македонија го заврши раздвојувањето на сопственоста и е сертифициран. Операторот на системот за пренос на гас не е раздвоен, како што налага третиот енергетски пакет, поради тековниот спор за сопственоста на цевководот за пренос на гас, што треба наскоро да се реши. Операторот на системот за дистрибуција на електрична енергија е правно и функционално раздвоен и воведена е можност да се ослободи операторот на системот за дистрибуција на гас од раздвојување кога има помалку од 100,00 корисници.

Националниот оператор на пазар на електрична енергија во Северна Македонија (МЕМО), основан како самостојно претпријатие на операторот на системот за пренос, започна со работа на 1 октомври 2019 година. Регулаторната комисија за енергетика одобри нови пазарни правила. Во октомври 2019 година, Владата донесе уредба за

работа на операторот на организиран пазар и го назначи МЕМО како организиран оператор на пазарот на електрична енергија.

Новиот механизам за балансирање е целосно ориентиран кон пазарот.

Малопродажниот пазар беше либерализиран на 1 јули 2019 година. Универзалното снабдување и снабдување во краен случај го врши снабдувачот избран преку конкурентни постапки.

Пристапот на трети страни до природен гас е во согласност со првото на ЕУ, но треба да се подобри транспарентноста. Во тек се работите за изградба на цевководот за пренос на гас помеѓу Неготино-Битола и Скопје-Тетово-Гостивар.

Регулаторната комисија за енергетика е во функција, но нејзината независност е попречена од политичко мешање.

Во однос на **јаглеводородите**, Законот за минерални суровини има за цел да се усогласи со Директивата за лиценцирање на јаглеводороди во ЕУ.

Изменетиот национален акциски план за **обновлива енергија** има за цел да ја исполни ревидираната обврзувачка цел за 23% од енергијата што доаѓа од обновливи извори на енергија до 2020 година и 24% до 2025 година. Во 2018 година, земјата оствари само учество од 18,12%.

Законот за енергетика на земјата е целосно усогласен со Директивата на ЕУ за енергетика на обновливи извори, по донесувањето на неколку подзаконски акти за спроведување на правилата за обновливи извори на енергија.

Повластени тарифи остануваат во сила, а премиите се воведени во рамките на програма за поддршка на соларните електрани. Во 2019 година се одржаа првите аукции за 62 MW соларна електрана. Склучувањето на договори и градењето на мали хидроцентрали не е систематско или транспарентно.

Одредбите за одржливост на биогорива сè уште не се усогласени со правото на ЕУ.

Треба да се отстрани капацитетот ограничувања по вид на технологија за обновлива енергија за да се исполни целта за обновлива енергија за 2020 година. Инвестиции во хидроенергија треба да се усогласат со релевантното право на ЕУ за животната средина.

Четвртиот акциски план за **енергетска ефикасност** не е донесен. Донесен е нов Закон за енергетска ефикасност кој има за цел усогласување со Директивите на ЕУ за енергетска ефикасност и енергетски перформанси. Тековното законодавство треба да се спроведе. Донесувањето на законодавството за спроведување останува предизвик поради ограничените човечки и технички ресурси во секторот за енергија на Министерството за економија и Агенцијата за енергетика.

Финансирањето за унапредување на енергетска ефикасност треба да се зголеми, вклучувајќи и формирање на Фонд за енергетска ефикасност. Греењето на домаќинствата е сериозен проблем и има големо влијание врз загадувањето на воздухот. Општините треба да преземат чекори за целосно почитување на нивната обврска за развој и спроведување на општински програми за енергетска ефикасност.

Во однос на **нуклеарната енергија, нуклеарната безбедност и заштитата од радијација**, земјата ги ратификуваше релевантните меѓународни конвенции за нуклеарна безбедност и заштита од радијација и е полноправна членка на Системот на Европската заедница за рана размена на информации во случај на радиолошки

вонреден настан. Владата донесе национална политика за управување со радиоактивен отпад. Сè уште нема долгорочен и безбеден објект за складирање на радиоактивен отпад во земјата.

### 5.16 Поглавје 16: Оданочување

*Правилата на ЕУ за оданочување опфаќаат данок на додадена вредност, акцизи и аспекти на корпоративно оданочување. Тие, исто така, ја опфаќаат и соработката меѓу даночните администрации, вклучувајќи и размена на информации за спречување на даночно затајување.*

Земјата е **умерено подготвена** во оваа област. Постигнат е **одреден напредок** во донесувањето на Законот за акцизи и ратификување на Конвенцијата на ОЕЦД за заемна административна помош за даночни прашања. Сепак, реформите воведени во 2019 година за оданочување на персоналниот доход сега се ставени во мирување. Бидејќи не се спроведени сите препораки од извештајот за 2019 година, во наредната година земјата особено треба:

→ да го подобри капацитетот на централната и локалната даночна администрација преку донесување и ефикасно спроведување на Стратегијата за даночен систем;

→ да развие нов интегриран ИТ-даночен модел за Управата за јавни приходи, да го подобри неговото управување со ризици преку автоматизирани процеси и понатамошно проширување на е-услугите за даночните обврзници.

Во однос на **индиректното оданочување**, додека Законот за данок на додадена вредност (ДДВ) сè уште содржи одредени ослободувања кои не се во согласност со правото на ЕУ, повратот на ДДВ се обработува побрзо и одложувањата, доколку ги има, се пократки. Постигнат е напредок во однос на акцизите со новиот закон кој влегува во сила на 1 јануари 2020 година. Тој предвидува електронска контрола на движењето на акцизни стоки под царинска суспензија. Законот вклучува електрична енергија, гас и јаглен во својот делокруг и ги исклучува моторните возила, со што понатаму се усогласува со правото на ЕУ.

Во однос на **директното оданочување**, повеќето од реформите во персоналното оданочување воведени во 2019 година сега се суспендирани. Од 1 јануари 2020 година и во следните 3 години, сите видови персонален доход (со исклучок на добивките од игри на среќа) повторно се оданочуваат со стапка од 10%, а не подлежат на прогресивни стапки од 10-18% како што беше претходно предвидено. Каматата за заштеди и капитална добивка на хартии од вредност повторно се изземени.

Во однос на **административна соработка и заемна помош**, Северна Македонија до денес потпиша 50 договори за двојно оданочување, вклучувајќи ги сите земји членки на ЕУ, освен Португалија, Грција, Кипар и Малта. Извештај од експертска ревизија на Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации за даночни цели ги оцени транспарентноста и размената на информации во голема мера усогласени со меѓународниот стандард. Во септември 2019 година, земјата ја ратификуваше Конвенцијата на ОЕЦД за заемна административна помош за даночни прашања. Северна Македонија останува посветена на спроведувањето на Инклузивната рамка на ОЕЦД за спречување на ерозија на основата и пренасочување на профитот.

Во однос на **оперативниот капацитет, компјутеризацијата и неформалната економија**, Управата за јавни приходи (УЈП) сè уште треба да ги подобри своите деловни процеси, да спроведе нов интегриран ИТ даночен модел, да го подобри

управувањето со ризиците преку автоматизирани процеси и понатамошно проширување на е-услугите. Во 2019 година се случија внатрешни унапредувања и нови вработувања, вклучувајќи и зголемување на вработени во канцеларијата за големи даночни обврзници во земјата. Стратегијата за даночен систем, која опфаќа фер оданочување, наплата на приходи, даночна транспарентност, квалитет на услуги и зелено оданочување, сè уште не е донесена. УЈП поддржува доброволно усогласување со издавање на пополнети Годишни даночни пријави на својата електронска платформа за персонален данок. Тоа е борба против неформалната економија и подобрување на наплатата на даноците преку обезбедување паричен стимул за потрошувачите да бараат сметки и потврди при набавките и преку учество во заеднички инспекции со други национални тела за идентификување на неплатени даночни обврски и нерегистрирани даночни обврзници.

## 5.17 Поглавје 17: Економска и монетарна политика

*Правилата на ЕУ бараат независност на централните банки и им се забранува директно финансирање на јавниот сектор. Земјите членки на ЕУ ги координираат нивните економски политики и се предмет на фискален, економски и финансиски надзор.*

Земјата останува **умерено подготвена** во областа на економската и монетарната политика. Постигнат е **одреден напредок** во транспарентноста и отчетноста на буџетските расходи. Препораките за 2019 година беа делумно спроведени. Во наредната година, Северна Македонија треба да преземе дополнителни мерки за:

→ измена на Законот за државни службеници со цел давање на целосна независност на централната банка;

→ Донесување на новиот Закон за буџети кој вклучува фискални правила, аранжмани за независен фискален совет и воведување соодветна сеопфатна среднорочна буџетска рамка;

→ да обезбеди спроведување и проценка на економското, социјалното и влијанието врз животната средина на мерките воведени за поддршка на деловните субјекти погодени од кризата од КОВИД-19, особено микро, мали и средни претпријатија и самовработени.

Во областа на **монетарната политика**, усогласувањето на правната рамка на земјата со правото на ЕУ е во напредна фаза. И покрај тоа, не е постигнат напредок во дополнителното усогласување на законодавството за целосно обезбедување на финансиска и институционална независност на централната банка. Согласно Законот за НБРМ се забранува монетарно финансирање на јавниот сектор и јавниот сектор нема привилегиран пристап до финансиски институции. Ценовната стабилност е основната цел на Централната банка, што е целосно во согласност со примарната цел на Европскиот систем на централни банки. Централната банка соодветно одговори на предизвиканата КОВИД-19 кризата со намалување на стапката на монетарна политика и спроведување на регулаторни измени за да ги охрабри банките да ги преструктуираат долговите на висококвалитетни должници погодени од пандемијата.

Во однос на **економската политика**, се напредна работата на солидни буџетски политики и понатамошното усогласување на фискалната политика со Директивата за барања за буџетски рамки со подготовката на Нацрт-законот за буџети, чие донесување е во тек. Нацрт-законот за буџети предвидува воспоставување на фискални правила,

независно тело за фискален надзор и среднорочна буџетска рамка. Постигнат е напредок во транспарентноста и отчетноста на буџетските трансакции што ги исплаќа Министерството за финансии со воведувањето на новата веб-платформа „Отворени финансии“. Дефиницијата за јавен долг е проширена за да го вклучи негарантираниот долг на јавните претпријатија и акционерските друштва, фискалното известување и известувањата според постапката за прекумерен дефицит се во согласност со Европскиот систем на национални и регионални сметки „ESA 2010“. Делумно беше спроведен Акцискиот план за 2019 година на Програмата за реформи за управувањето со јавните финансии 2018-2021 година.

**Програмата за економски реформи** 2020-2022 година беше доставена на време. Земјата беше меѓу најдобрите изведувачи за спроведување на Програмата за економски реформи 2019-2021. За да се изберат најсоодветните мерки за структурни реформи, земјата треба дополнително да го развие капацитетот за проценка на економските и социјалните влијанија.

## 5.18 Поглавје 18: Статистика

*Правилата на ЕУ бараат од земјите членки да се во можност да изготват статистики врз основа на професионална независност, непристрасност, веродостојност, транспарентност и доверливост. Предвидени се заеднички правила за методологијата, обработката и ширењето на статистичките информации.*

Земјата е **умерено подготвена** во областа на статистиката. Постигнат е **добар напредок**, особено во спроведувањето на пилот фазата од пописот на населението и тестирањето на новата методологија за попис, што делумно се потпира на административните податоци. Подобрувања се забележани во сите статистички области и понатамошно усогласување на секторските статистики со стандардите на ЕУ. Потребни се континуирани напори за подобрување на обемот и квалитетот на податоците на макроекономските и социјалните статистики. Бидејќи беа спроведени препораките од минатата година, во наредната година земјата особено треба:

→ да го донесе законодавството и да ги обезбеди потребните административни капацитети за спроведување на пописот на населението во 2021 година;

→ да продолжи да ги усогласува финансиските сметки и кварталните национални сметки со Европскиот систем на сметки 2010 (ESA 2010);

→ да обезбеди соодветен персонал и доволно финансиски средства за Државниот завод за статистика.

Правната рамка за **статистичка инфраструктура** е во голема мера усогласена со практиката на Европскиот статистички кодекс. Во 2019 година, Собранието го формираше Советот за статистика и ги назначи своите членови. Формиран е координативниот комитет на националните органи одговорни за спроведување на статистички истражувања. Ресурсите на државниот статистички систем треба дополнително да се зголемат. Во однос на другите главни даватели на статистички податоци, централната банка е целосно посветена на статистичките стандардни од Кодексот на практики и го подобрува својот капацитет за да го примени. Министерството за финансии сѐ уште не назначи шеф за статистика. ИТ системите се надградуваат за да се зголеми брзината, меѓусебната поврзаност и капацитетот за складирање. Алатките за ширење беа подобрени.

Во однос на **класификациите и регистрите**, главните класификации се во согласност

со правото на ЕУ и редовно се ажурираат. Беше забележан напредок во користењето на административни извори на податоци, вклучувајќи и подготовка на пописот на население. Регистарот на население беше ставен во функција. Достапноста и квалитетот на податоците се подобрени, но сепак треба да се оптимизираат. Преносот на податоци до Евростат дополнително се зголеми, но останува нецелосен.

Државниот завод за статистика (ДЗС) постигна добар напредок во однос на **макроекономските статистики**. Податоците за годишниот и кварталниот БДП во актуелни и постојани цени се собираат и се пренесуваат во согласност со упатствата на ESA 2010, како и годишните секторски сметки. Сезонски прилагодени квартални национални сметки треба да бидат доставени до Евростат. Годишните секторски сметки се изработуваат во согласност со ESA 2010 година. Редовно се подготвуваат табели за набавка/употреба. Постигнат е напредок во подобрувањето на статистичките податоци за државните финансии (GFS) и известувањата за процедурата за прекумерен дефицит (EDP). Во податоците за GFS и EDP, даноците сега се евидентираат на пресметковна основа. Во 2019 година, финансиските сметки беа подготвени и доставени во форма на експериментални податоци. Централната банка подготвува статистички податоци за билансот на плаќања и за странските директни инвестиции според најновите стандарди.

Структурните **деловни статистики** и краткорочните статистики за индустрискиот и градежниот сектор се добро развиени. Моделот на деловен регистар се ревидира и ажурира со ново разграничување на групите на претпријатија. За статистиката на странски филијали (FATS), објавени се податоци за 2016 и 2017 година за внатрешни FATS. Статистичките податоци за истражување и развој и за информатичките и комуникациските технологии се доволно усогласени. За статистиката на услугите, индексите на промет сега редовно се подготвуваат, шират и пренесуваат до Евростат во согласност со регулативата. Во однос на туризмот, ДЗС во 2019 година воспостави редовно истражување за патувањата на домашното население и податоците се пренесуваат на Евростат. Започна прелиминарната работа за поставување туристичка сателитска сметка. Статистиката за транспорт се подобри со преносот на микроподатоците за патни товари до Евростат.

Постигнат е добар напредок во однос на **социјалните статистики**, со успешно завршување на пилот пописот на населението со употреба на комбинирана методологија и лично интервју со помош на компјутер. Сепак, Собранието допрва треба да го донесе Законот за попис и пописот се одложува за 2021 година. Истражувањето за статистички податоци за приходите и условите за живот редовно се спроведува. Напредок беше постигнат со подобрувања во статистичките податоци за социјална заштита. Статистиките за миграција треба дополнително да се подобрат. Статистиките за пазарот на трудот е во голема мера се усогласени со правото на ЕУ. Во тек се активности за подобрување на статистичките податоци за криминалот, образованието и статистичките податоци за јавно здравје. Усогласениот индекс на податоците за потрошувачките цени се пренесува до Евростат секој месец.

**Земјоделската статистика** само делумно е во согласност со правото на ЕУ. Прегледувањето на структурата на фармите продолжува редовно да се спроведува. Методологијата на ЕУ за годишната статистика на култури беше тестирана за истражувања и постапката за уредување на податоците. За статистикички податоци за одгледување животни, таа разви модели за предвидување и проценка. Агромонетарните статистики се подготвуваат во согласност со правото на ЕУ. **Статистичките податоци за енергетика и животна средина**, вклучувајќи ги и

трошоците за заштита на животната средина, отпадот, водата и даноците поврзани со животната средина, главно се во согласност со правото на ЕУ. Земјата, исто така, обезбедува краткорочни статистички податоци за енергија и енергетски биланси. Започна подготвувањето сметки за емисии на воздухот и сметки за физички проток на енергија. Изготвени се сметките за материјални текови, иако салдата на материјални текови сè уште не се вклучени.

### 5.19 Поглавје 19: Социјална политика и вработување

*Социјалните правила на ЕУ вклучуваат минимум стандарди во областа на трудово право, еднаквост, здравје и безбедност при работа и недискриминација. Тие, исто така, промовираат социјален дијалог на ниво на Европската Унија.*

Земјата останува **умерено подготвена** во оваа област. Во периодот на известување имаше **одреден напредок** во намалувањето на стапката на невработеност и зголемувањето на придобивките од социјалната помош. Шемата за Младинска гаранција беше успешно спроведена на територијата на целата земја, вклучувајќи ги и неразвиени региони. Програмата за вработување и социјални реформи е делумно спроведена. Спроведувањето на новиот Закон за социјална заштита треба да ја намали стапката на сиромаштија, која останува сериозен проблем. Како продолжение на кризата од КОВИД-19, Владата на Северна Македонија презеде голем број олеснителни социо-економски мерки.

Бидејќи препораките од претходната година не беа целосно спроведени, тие остануваат валидни. Во наредната година, земјата особено треба:

→ да продолжи да спроведува мерки за активирање на долгорочно невработени и неквалификувани лица, вклучувајќи жени, лица со попреченост и Роми;

→ да ги подобри капацитетите на Државниот инспекторат за труд и да го зајакне бипартитниот социјален дијалог помеѓу работодавачите и работниците;

→ да продолжи со обезбедување помош за сите ранливи групи во општеството, истовремено решавајќи ја сиромаштијата и антидискриминацијата.

Постојното трудово законодавство овозможува фер и еднаков третман на работниците и обезбедува релативно добра заштита во случај на отпуштање. Сепак, спроведувањето на законодавството продолжува да заостанува во многу области. Во тек е консултација за новиот **Закон за работни односи**. Донесени се измени на Законот за минимална плата, кои предвидуваат постојан пораст на минималната плата, со цел да се зајакне економијата преку приватна потрошувачка. Професионалното работење на Државниот инспекторат за труд останува на ниско ниво. Немаше поголеми проблеми во врска со детскиот труд.

Во однос на **здравјето и безбедноста при работа**, административниот капацитет малку се подобри со вработување на дополнителни инспектори. Сепак, капацитетот е сè уште недоволен за да се обезбеди спроведување на законските одредби. Бројот на инспекции се интензивираше за време на епидемијата на КОВИД-19 и се фокусираше првенствено на заштитата на здравјето на работниците и усогласеноста на работодавачите со препорачаните заштитни мерки. Делумно беше спроведена Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2017-2020 година. Започната е ревизија на тековниот Закон за безбедност и здравје при работа. Меѓуинституционалната координација и соработка беа слаби, како и спроведувањето на законодавството за безбедност и здравје при работа. Според извештаите на граѓанската организација, во 2019 година имало 141

пријавена повреда на работно место, од кои 22 биле фатални.

Постигнат е ограничен напредок во однос на **социјалниот дијалог**.Економско-социјалниот совет беше активно вклучен во измената на Законот за работни односи. Трипартитните структури за консултации беа воспоставени во 12 општини. Бипартитниот социјален дијалог во приватниот сектор останува слаб, како и посветеноста на социјалните партнери за зајакнување на колективните договори. Членството во синдикат се намалува, поткопувајќи ја застапеноста на работниците. Генерално, се влошува довербата на работниците во капацитетот на синдикатите да функционираат на независен начин. Спроведувањето на Законот за мирно решавање на работните спорови останува слабо. Генерално, социјалниот дијалог е несоодветен, а капацитетите на социјалните партнери остануваат слаби. Од 79 ратификувани конвенции на Меѓународната организација на трудот, 77 се во сила, без нови Конвенции ратификувани за време на периодот на известување. Изразена е загриженост дека новиот Закон за основно образование и Законот за средно образование содржат одредби, кои овозможуваат замена на штрајкувачите во основно и средно образование, што отстапува од Конвенцијата 87 на Меѓународната организација на трудот за слобода на здружување и заштита на право на организација.

Во однос на **политиката за вработување**, стапката на невработеност се спушти на најниско ниво од независноста на земјата со 16,2% во првиот квартал од 2020 година пред почетокот на пандемијата со КОВИД-19, учеството на жените на пазарот на труд, исто така, се зголеми малку (55,5% од 15-64 година стари). Сепак, овие позитивни трендови веројатно ќе бидат обратни како резултат на КОВИД-19 кризата. Вработувањето на Роми, долгорочно невработени и неквалификувани лица и лица со попреченост е поддржано од шемата за гарантирана минимална помош воведена со Законот за социјална заштита и се очекува да донесе понатамошно намалување на сиромаштијата преку поголема покриеност и поголема корист. Од март 2020 година, Владата донесе голем број привремени социо-економски мерки за ублажување на влијанието на пандемијата со Ковид-19 врз вработувањето. Спроведувањето на Акцискиот план за вработување 2018-2020 година, кој се однесува на вклучување на ранливите групи на пазарот на труд, напредува. Стапката на невработеност кај младите се намали во споредба со претходните години на 35,6% во четвртиот квартал од 2019 година. Сепак, останува главна грижа, која се решава со понатамошното спроведување на Шемата за Младинска гаранција на целата територија на земјата. Делумно беа спроведени мерки за непријавена работа според Стратегијата за формализација на неформалната економија 2018-2020 година. Описот на занимања беше дополнително развиен со 45 описи на занимања објавени со првиот квартал од 2020 година. Капацитетот на Агенцијата за вработување треба да се зајакне со регрутирање дополнителен персонал, особено имајќи го предвид зголемениот и разновиден обем на работа создаден со новодонесените мерки на политиката. Иако бројот на Роми кои имаат корист од активни мерки за вработување е зголемен, тој сепак е 10-пати помал отколку кај корисници кои не се Роми. Треба да се прегледаат критериумите за учество во активни шеми за вработување за да се обезбеди зголемено учество на ранливите лица, вклучувајќи ги и Ромите.

Ревидираната програма за економски и социјални реформи беше донесена од Владата во декември 2019 година, по консултација со релевантни засегнати страни.

Подготовките за учество во **Европскиот социјален фонд** продолжија. Формиран е Секторски комитет за следење за поддршка на образованието, вработувањето и социјалната политика.

Продолжува напредокот во однос на **социјална инклузија и заштита**.Донесен е новиот Закон за социјална заштита, означувајќи почеток на реформа на системот на социјална заштита. Како одговор на епидемијата на КОВИД-19, беше донесена уредба за изменување на Законот за социјална заштита со цел да им се овозможи на луѓето кои се соочуваат со загуба на заработка да имаат право на гарантирана минимална помош од наредниот месец. Процентот на вработени лица во ризик од сиромаштија беше 8,8%, додека за пензионерите 7,9%. Џиниевиот коефициентот за мерење на нееднаквоста во распределбата на приходот беше 31,9. Ромите и лицата со попреченост остануваат да бидат со најголем ризик од сиромаштија.

Социјалната пензиска шема беше вклучена во новиот Закон за социјална заштита, која обезбедува помош за лица над 64 години. Капацитетот на центрите за социјална работа мора дополнително да се зајакне за да им се овозможи да го спроведат новодонесеното законодавство, во согласност со политиката на земјата за децентрализација на социјалната помош.

Спроведувањето на Националната стратегија за **деинституционализација** 2018-2027 година започна и веќе придонесе за вклучување на децата со попреченост во општеството. Во тек е преселување на деца и возрасни од институционална грижа до згрижувачки семејства или домување во заедницата. Релевантните институции се високо посветени на процесот на деинституционализација, но го потценија времето потребно за подготовка на процесот и исполнување на предусловите. Ова доведе до негативни реакции од страна на локалните заедници каде што се поставени групни домови. Условите во установите за сместување на возрасни лица со попреченост остануваат многу лоши.

Во однос на **еднаквоста меѓу жените и мажите во областа на вработување и социјална политика**, објавен е првиот Индекс на родова еднаквост, покажувајќи значителни родови разлики во учеството и квалитетот на работата. Жените имаат помала веројатност да бидат вработени со полно работно време отколку мажите. Во 2019 година, стапката на вработеност кај мажите беше 64,4% во споредба со 44,7% кај жените.

Иако постои национален Закон за заштита од вознемирување на работно место и обука на работници во јавниот сектор за родова еднаквост со цел унапредување на родовата еднаквост и елиминација на сексуалното вознемирување на работното место, нема постоечки податоци за дејствија на сексуално вознемирување на работното место или систем за истражување такви дејствија. Според Законот за здравствено осигурување, жените треба да работат најмалку 6 месеци кај истиот работодавач за да имаат право на породилно отсуство. Се преземаат мерки за зголемување на грижата за децата и предучилишните капацитети, што треба да им помогне на жените да се вратат на работното место. И понатаму постојат и родовата стереотипизација и родовиот јаз во платите.

Во однос на **недискриминација при вработување и социјална политика**, во мај 2020 година, Уставниот суд го укина Законот за спречување и заштита од дискриминација по процедурална основа, со што ја лиши земјата од сеопфатна правна рамка за недискриминација. Годишниот извештај на Народниот правобранител за 2019 година се однесува на 60 жалби по основ на дискриминација, од кои Народниот правобранител констатирал дискриминација во 24 случаи. (види исто така *Поглавје 23 – Правосудство и фундаментални права*)

## 5.20 Поглавје 20: Претпријатија и индустриска политика

*Претпријатијата и индустриската политика на ЕУ ја зајакнуваат конкурентноста, ги олеснуваат структурните промени и ја охрабрува пријателската средина за бизнис која ги стимулира малите и средни претпријатија (МСП).*

Земјата е **умерено подготвена** во оваа област. Постигнат е **одреден напредок** во спроведувањето на стратегијата за борба против неформалната економија, зголемување на финансиската поддршка на компаниите и подобрување на структурата на јавниот дијалог со бизнисите. Бидејќи не беа целосно спроведени сите препораки од претходната година, во наредната година Северна Македонија треба:

→ да ја консолидира институционалната поставеност и понатамошно да ги разјасни мандатите на јавните органи и да обезбеди ефикасно спроведување, следење и евалуација на донесените и спроведените стратегии и мерки на политика;

→ да продолжи со спроведување, проценка и обновување на стратегијата и акцискиот план за формализирање на неформалната економија, со посебно внимание на нејзината компонента на деловното опкружување;

→ да ги елаборира понатамошните мерки за зголемување на продуктивноста за зголемување на конкурентноста на домашните компании и да ја олесни нивната интеграција во глобалните синџири на вредности.

Во однос на **Начелата на претпријатијата и индустриската политика**, Планот за економски раст (EGP) стана главно претпријатие и индустриска политика на земјата. Неколку други стратегии и годишни мерки на политика спроведени од страна на голем број јавни институции се исто така релевантни, иако тие генерално имаат релативно скромно финансирање. На Планот недостасуваат индикатори за влијание и систематска евалуација на минатите интервенции, како и понатамошни мерки за зголемување на продуктивноста за домашните компании, комплементарни на дејствијата во другите области на политиката.

Додека во повеќето јавни органи е воспоставен механизам за набљудување заснован на импути, механизмите за евалуација се недоволни за повеќето национални стратегии, а достапните индикатори треба да се разгледаат. Затоа, може да се добијат малку докази дали воведените мерки придонесуваат за целокупна конкурентност и економски раст. Сè уште има голем број јавни органи со преклопување и спротивставени мандати. Некои органи во голема мера користат надворешни изведувачи за извршување на своите задачи наместо да ги зголемуваат сопствените ресурси. Управувањето со јавните инвестиции придонесува за недоволно високо ниво на инвестиции што доведува до неповолни последици за конкурентноста.

Постигнат е одреден напредок во решавањето на структурните пречки во деловното опкружување со спроведувањето на стратегијата и акцискиот план за формализирање на неформалната економија. Честите промени на регулаторната рамка, како што се зголемување на минималната плата, воведување и потоа пресврт на прогресивно оданочување и прагови за готовински плаќања, се прават без доволно консултации со бизнисите. Недостатокот на транспарентност на парафискалните давачки, нерамномерно извршување на деловните регулативи и несовпаѓањето на вештините на пазарот на трудот сè уште се големи пречки за водење бизнис.

Електронскиот систем на Владата за консултации со приватниот сектор за предложеното законодавство е во функција. Сепак, ретко се користи за закони поврзани со деловните активности. Донесена е нова стратегија за енергетика со која се

утврдуваат мерки за подобрување на ефикасноста на системот во производствената индустрија.

Во однос на **инструментите на политиките**, аспектите на Директивата за задоцнето плаќање кои се однесуваат на обврските за плаќање на јавните органи сè уште не се целосно усогласени со правото на ЕУ. Законот за финансиска дисциплина треба да се измени за да се подобрат изгледите на бизнисите за наплата на побарувања од јавни органи.

Генерално, јавното финансирање на мерките за поддршка на бизнисот се зголеми дополнително во 2019 година. Најголем дел од средствата, околу 40 милиони евра, беа исплатени како грантови на околу 120 компании во рамките на EGP. Дополнителна сума од околу 27 милиони евра беше доделена на приватниот сектор за трансфер на технологии и иновации. Иако распределбата на грантови во рамките на EGP се спроведува по јавни повици, целокупниот процес на доделување грантови не е доволно транспарентен. Новиот Закон за стратешки инвестиции, кој поставува специфични правила за финансирање на стратешки инвестициски проекти, беше донесен без соодветни јавни консултации и без потребните претходни консултации со органот за државна помош. Треба да се разјаснат политичките цели на законот. Фондот за иновации го зголеми бројот на вработени со полно работно време од четири на осум.

Банкарското кредитирање останува главен извор на финансирање на приватниот сектор, при што други финансиски инструменти се скромни. Вкупно, четири инвестиции беа финансирани од Единицата за развој на претпријатија и иновации (ЕДИФ) и осум проекти имаа корист од Програмата за конкурентност на МСП (КОСМЕ) откако беа воспоставени овие инструменти. Потребни се напори за подигнување на свеста во приватниот сектор за тоа како подобро да се користат КОСМЕ и ЕДИФ. Организациите од Северна Македонија успешно учествуваат во КОСМЕ финансирана од Enterprise Europe Network и Еразмус за млади претприемачи.

Во однос на **секторските политики**, се подготвува нова национална стратегија за развој на туризмот. Со три одделни групи на програми за развој на туризмот управуваат Министерството за економија, Агенцијата за туризам и Кабинетот на заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања.

## 5.21 Поглавје 21: Трансевропски мрежи

*ЕУ ги унапредува трансевропските мрежи во областите на транспорт, телекомуникации и енергетика за зајакнување на внатрешниот пазар и за придонес во растот и вработувањето.*

Земјата одржува **добро ниво на подготвеност** во областа на трансевропски мрежи. **Ограничен напредок** е постигнат во текот на периодот на известување. Нема напредок во завршувањето на реформите во секторот и препораките за 2019 година останууваат валидни. Во наредната година, земјата особено треба:

→ понатамошно да го зајакне оперативниот и техничкиот капацитет на сите управни институции и институции на засегнати страни кои се вклучени во развојот и на Трансевропска транспортна мрежа (ТЕН Т) и Трансевропска енергетска мрежа (ТЕН Е) и усогласување на правната рамка со Регулативата за трансевропска мрежа;

→ да мобилизира доволно ресурси за спроведување на Договорот за транспортна заедница;

→ да го потпише Протоколот за граничен премин на железницата со Косово кој што е во очекување.

Во однос на **транспортните мрежи**, земјата активно учествува во Договорот за транспортна заедница и е активно вклучена во нејзините состаноци. Органите на Северна Македонија се охрабруваат да ја интензивираат соработката според овој Договор. Како реакција на пандемијата со КОВИД-19, зелените коридори беа воспоставени и ефикасно функционираат низ поголемите коридори.

Патниот Коридор X е функционален, но работите долж Коридорот Xd се одложуваат. Изградбата на железничкиот Коридор VIII кон Бугарија се соочува со значителни доцнења со завршени само 28%. Ова ќе има сериозни последици за отворање на последната делница од Коридорот Ориент/Источен-Мед. Потребен е сериозен напор за забрзување на напредокот во сите фази на овој Коридор и другите приоритетни делници за основна мрежа како во железничкиот, така и во патниот сообраќај. Недостатокот на политика за задржување на персоналот од страна на институциите и органите вклучени во големи инвестициски проекти значително го попречува завршувањето на стратешките проекти. Затоа, политиките за задржување на персоналот треба значително да се подобрат. Исто така, треба да се посвети поголемо внимание на реформските мерки кои се однесуваат на поврзливост, со цел да се обезбеди одржливост на инфраструктурите. Договорот за граничен железнички премин со Грција сè уште не е финализиран и не се преземени активности за потпишување на преостанатиот протокол за граничен премин со Косово што треба да се финализира без натамошно одложување. Треба да започнат подготовките за изградба на соодветна инфраструктура во близина на границата со Србија, на железничката станица на граничниот премин Табановце. Не беше постигнат напредок во донесувањето на петгодишните планови за одржување на патиштата и железницата.

Во однос на **енергетските мрежи**, во тек се прелиминарни работи за изградба на делот за интерконекција на електрична енергија Битола-Елбасан (Албанија) 400 kV. Во областа на гасоводни интерконекции, Владата презеде мерки за да се обезбедат потребните финансиски средства за изградба на интерконективна линија со Грција и Србија. Во тек е прелиминарна студија за гасоводни интерконекции со Косово. Државниот оператор за пренос на гас ја заврши изградбата на цевководот за пренос на гас Клечовце-Штип. Активностите на цевководот за пренос на гас Штип-Неготино се во тек.

## 5.22 Поглавје 22: Регионална политика и координација на структурни инструменти

*Регионалната политика е главната инвестициска политика на ЕУ за одржлив и инклузивен економски раст. Земјите членки носат одговорност за спроведување, што бара соодветен административен капацитет и стабилно финансиско управување со дизајнирањето и извршувањето на проектот.*

Земјата е **умерено подготвена** во областа на регионалната политика и координација на структурните инструменти. Постигнат е **одреден напредок** во зајакнувањето на националниот капацитет за стратешко планирање и секторско програмирање и следење. Воспоставените управувачки и контролни системи се функционални и го поддржуваат спроведувањето на Инструментот за претпристапување (ИПА). Во наредната година, земјата особено треба:

→ да го надгради административниот и техничкиот капацитет низ структурите за управување со ИПА, да ја донесе политиката за задржување и да ја подобри динамиката во спроведувањето на проектите финансирани од ЕУ, особено во областите на транспорт и животна средина;

→ значително да ја зајакне политиката за регионален развој, да ги подобри финансиските инструменти воспоставени за нејзино спроведување и да го подобри административниот капацитет на централно и локално ниво;

→ да обезбеди одржливост на резултатите од проектот.

Во однос на **правната рамка**, беше постигнат одреден напредок во усогласувањето на националното законодавство со правото на ЕУ преку создавање предуслови за спроведување на постојните и идните структурни ЕУ фондови. Подобрувањето вклучува закони за јавни набавки, за спречување и заштита од дискриминација и за класификација на NUTS. Воведувањето на нова среднорочна буџетска рамка, подобрена класификација на буџетот, нови фискални правила, финансиска контрола и внатрешна ревизија сè уште е во очекување.

Во 2019 година беа донесени клучни стратешки документи за поддршка на економската и социјалната кохезија со ЕУ, како што се програмата за економски реформи и ревидираната програма за економски и социјални реформи. Иако постепено ги зголемува годишните трошоци за политиките за регионален развој, земјата и понатаму треба да воспостави интегриран систем за планирање, управување и следење на регионален развој. Целта е да се решат разликите меѓу регионите на NUTS 3 и да се прилагодат политиките според специфичните потреби на областите кои страдаат од економски и демографски пречки.

**Институционалната рамка** за управување со претпристапната помош од ЕУ (ИПА) е воспоставена и е во функција. Земјата ги достави годишните декларации за управување за 2019 година за сите тековни програми на ЕУ со кои се потврдува веродостојноста на сметките, употребата на ЕУ фондови за наменетата цел и законитоста и регуларноста на основните трансакции.

**Административниот капацитет** значително се влоши во 2019 година и не беше постигнат напредок во политиката за задржување на персоналот. Високата стапка на обрт на средното управување во секторот за централно финансирање и склучување договори и ресорните министерства значително ги ослабна функциите на внатрешната контрола и го намали квалитетот на процесот на набавки и склучување договори. Улогата на Националниот ИПА координатор (НИПАК) како основен координатор и

контакт точка на ЕУ за управување со ЕУ фондови треба да се зајакне. ИПА Центарот за обука сè уште не ја докажа својата ефикасност во следењето на потребите за градење на капацитетите на воспоставените структури и предлагањето кредибилни програми за обука. Потребно е да се зголеми капацитетот во целиот систем, што бара итен одговор од органите.

ИТ капацитетот на оперативните структури е зголемен. Благодарение на надградбата, информацискиот систем за управување сега овозможува добро следење на набавките и управувањето со договорите.

Во однос на **програмирањето**, секторскиот пристап има позитивно влијание. Рамката за инклузивно креирање политики и известување се покажа како ефикасна во водењето на национални и донаторски инвестиции. Тековната стапка на програмирање на ЕУ фондови за финансиската рамка 2014-2020 година изнесува 104% и програмирањето е целосно интегрирано во националните платформи за креирање политики. Националниот инвестициски комитет е во функција. Единственалиста на проектие во фаза на ревизија. Сепак, капацитетот за управување со капитални и инфраструктурни инвестиции треба значително да се подобри, особено на ниво на ресорните министерства, кои се соочуваат со сериозни доцнења во подготвувањето зрели и квалитетни проекти и обезбедување на одржливост на резултатите.

Постигнат е одреден напредок во областа на **следење и евалуација**.Земјата разви секторска рамка за проценка на успешноста што овозможува транспарентно креирање политики и „на теренот“ известување на јасни показатели за резултати и влијанија, како и основните линии и цели. Сите потребни комитети за следење на ИПА се оперативни и нивната ефикасност се зголемува. Сепак, земјата треба да го подобри своето следење и известување за спроведувањето на препораките од состаноците на ИПА Комитетот и поврзаниот ИПА мастер план.

Во однос на **финансиското управување, контролата и ревизијата**, иако набавката и склучувањето договори со ЕУ фондови, постепено се подобрува, остануваат прашање што загрижува. Недостатокот на квалитет на тендерските предвидувања, процедури и документи и слабостите во институционалната поставеност ги ставаат големите инвестиции на ЕУ околу мрежата на Трансевропски мрежен транспорт (ТЕН Т) на значителен ризик.

Функцијата за надворешна ревизија е добро воспоставена. Капацитетот на Органот за ревизија се подобри, додека Државниот завод за ревизија го зголеми своето учество во ревизијата на програмите на ЕУ. Постигнат е одреден напредок и во однос на внатрешната ревизија, особено внатрешните ревизори го зголемија своето знаење и во постапката беше воведена ревизија на успешноста. Сепак, треба да се подобри регуларноста, покриеноста и гарантирањето на квалитетот на внатрешната ревизија на ЕУ фондови, и треба да се зголеми бројот на надлежни внатрешни ревизори. Сè уште се потребни напори за да се осигури дека службата за координација во борба против измама работи ефикасно во рамките на секторот за финансиска инспекција. Подобрена е транспарентноста во користењето на ЕУ фондови.

## 5.25 Поглавје 25: Наука и истражување

*ЕУ обезбедува значителна поддршка за истражување и иновации. Сите земји членки може да имаат придобивки од програмите за истражување на ЕУ, особено онаму каде што постои научна извонредност и цврсти инвестиции во истражувањето.*

Земјата има **добро ниво на подготвеност** во областа на науката и истражувањето. Постигнат е **одреден напредок** во капацитетите за истражување и иновации во јавниот и приватниот сектор и во развојот на Стратегијата за паметна специјализација. Од препораките од минатата година, земјата се осврна на инвестиции во иновации во приватни компании и започна развој на Стратегија за паметна специјализација (S3). Според тоа, во наредната година, земјата треба:

→ да обезбеди повисоко ниво на инвестиции во истражувањето и да ги интензивира напорите за зголемување на учеството во Хоризонт 2020 и идните програми на ЕУ за истражување и иновации;

→ да продолжи да работи на комплетирање на S3 за поддршка на националните истражувања и стратегии за иновации и политики.

Постигнат е одреден напредок во **истражувањето и иновациите**.Стратегијата за иновации 2012-2020 продолжува да биде главен политички документ на земјата за подобрување на иновациите во приватните компании. Инвестициите во истражување и иновации остануваат ниски и значително под просекот на ЕУ, 0,4% од БДП, со занемарливо, но благо подобрување на учеството на приватниот сектор, што изнесува 0,1% од БДП. Потребна е поблиска соработка помеѓу академските институции и приватниот сектор.

Постигнувањата на земјата во **рамковната програма** Хоризонт 2020 продолжија да бидат ниски. Субјектите од Северна Македонија учествуваа 95 пати во 72 акции за соработка, акции Марија Склодовска-Кири, акции на Европскиот совет за истражување и инструмент за мали и средни претпријатија на Хоризонт 2020, примајќи 10,6 милиони евра. Стапката на успех на Северна Македонија во Хоризонт 2020 година беше 11%, во споредба со вкупниот просек од 12%. Во 2019 година не беа организирани значајни активности за промовирање на програмата или поддршка на апликантите.

Северна Македонија соработува со Европската програма за соработка во науката и технологијата, Меѓународната агенција за атомска енергија, Централноевропската програма за размена за универзитетски студии.

Во однос на **Европската истражувачка област**, истражувачкиот капацитет на земјата е низок, во споредба со просекот на ЕУ. Центарот за трансфер на технологија и иновации, деловниот акцелератор во рамките на Државниот универзитет „Св. Кирил и Методиј“, како и програмата за субвенции за млади истражувачи треба да ги подобрат изгледите за истражување на земјата. Земјата започна со подготовка на националниот патоказ за истражувачка инфраструктура. Северна Македонија е член на Европскиот стратешки форум за истражувачки инфраструктури (ESFRI). Од јануари 2020 година, Северна Македонија учествуваше во две ознаки на ESFRI[14] и во два проекти за развој на истражувачки инфраструктури.

Во однос на **иновациите**, земјата се сметаше за „скромен иноватор“ во Европската табела за иновации во 2019 година, покажувајќи пад во споредба со 2018 година. Неговите најниски индикатори беа за апликациите за патенти, апликациите за дизајн и јавно-приватните публикации. Фондот за иновации и технолошки развој продолжи да ги стимулира иновациите преку грантови за иновации и поддршка на „старт ап“ бизниси и компании.

---

[14]Ознаките се METROFOOD-RI-инфраструктура за промовирање на метрологијата во областа на храната и исхраната (ЗДРАВЈЕ и ХРАНА) и METROFOOD-PP-подготвителна фаза.

Земјата ја заврши првата фаза од подготовките за **Стратегијата за паметна специјализација** (S3) и во тек е работата за започнување на квалитативна анализа на шесте идентификувани приоритети со одредени одложувања како резултат на КОВИД-19 кризата. Еднаш воспоставена, S3 ќе ја зголеми политиката за истражување и иновации во земјата и ќе ги подобри своите стратегии на терен.

## 5.26 Поглавје 26: Образование и култура

*ЕУ ја поддржува соработката во образованието и културата преку програмите за финансирање и координација на политиката на земјите членки преку отворениот метод на координација. ЕУ и земјите членки, исто така, мора да спречат дискриминација*[15] *и да обезбедат квалитетно образование за децата на работниците мигранти, вклучувајќи ги и оние од загрозени средини.*

Земјата е **умерено подготвена** во оваа област. Постигнат е **одреден напредок** со донесувањето на новиот Закон за основно образование и новиот Закон за наставници и соработници во основните и средните училишта и со реформите во стручното образование и обука. Воведувањето мерки од сеопфатната Стратегија за образование 2018-2025 напредува бавно. Препораките од извештајот за 2019 година беа само делумно решени и затоа остануваат валидни. Во наредната година, земјата особено треба:

→ да ја спроведе новата стратешка рамка за образование, особено целите за предучилишно образование;

→ да ја зголеми поддршката за обука на наставници и професионален развој на наставници и да обезбеди ефикасен процес на проценка;

→ да го подобри пристапот до квалитетно образование за сите, особено во однос на запишување во предучилишно образование, децата со посебни потреби и децата од ромските заедници.

Јавните трошоци за **образование и обука** беа на 3,7% од БДП во 2019 година. Како резултат на КОВИД-19 кризата, активностите за рано детско образование и грижа беа пренесени на виртуелни преноси на државен ТВ канал „ТВ училница“ и наставниот процес за основно и средно образование беше организиран преку учење на далечина.

Владините инвестиции во образованието и грижата во раното детство се зголемија и беа достапни 1284 дополнителни јавни предучилишни места во 2019 година. Сепак, целокупното ниво на запишување останува на ниско ниво. Со оглед на тоа што целта на ЕУ за образование и обука за 2020 година за учество во образование и грижа во рано детство е поставена на 95%, само 40,2% од децата од 3-6 годишна возраст во Северна Македонија беа запишани во лиценцирани институции за образование и грижа во рано детство во 2019/2020 учебна година.

Вкупно 185 955 ученици беа запишани во основно образование и вкупно 68 087 во средно образование во учебната 2019/2020 година. Новиот Закон за основно образование и новиот Закон за наставници и соработници во основните и средните училишта имаат за цел да го подобрат квалитетот на образованието. Тие вклучуваат

[15] Во правото на ЕУ, се обезбедува еднаков третман во областа на образованието, без оглед на расно или етничко потекло (види Директива 2000/43/ЕЗ на ЕУ од 29 јуни 2000 година), но не во врска со други можни основи на дискриминација. Во однос на стручната обука, правото на ЕУ предвидува еднаков третман без оглед на расно или етничко потекло, сексуална ориентација, возраст, попреченост и религија или убедување (види ги Директивата 2000/43/ЕЗ на ЕУ и Директивата 2000/78/ЕЗ на ЕУ од 27 ноември 2000 година).

мерки за да се направи образованието поинклузивно и да се зајакне професионалниот развој на наставниците.

Резултатите од Програмата на ОЕЦД за меѓународно оценување на учениците во 2018 година укажуваат на подобрување на успехот на учениците. Од земјите учеснички, Северна Македонија беше земја во регионот со најголемо подобрување, рангирана на 11. место од дното, во споредба со 4-тото од дното во Проценката за 2015 година. Сѐ уште е потребно значително подобрување во квалитетот на основното и средното образование со оглед на целокупниот низок ранг на земјата, исто така, во споредба со земјите во регионот. Северна Македонија учествуваше во Меѓународната студија по математика и природна група предмети во 2019 година и започна со подготовки за учество во Студијата за напредокот во описменување и читање на меѓународно ниво во 2021 година и Програма за меѓународно оценување на ученици во 2021.

Образовниот систем е ранлив на политичко влијание и корупција. Пристапот до редовното образование за деца и ученици со попреченост останува слаб со ограничен пристап до училишните згради, недостаток на соодветна опрема и материјали за учење и недоволна поддршка за наставниците. Децата и учениците од ромските заедници и понатаму се соочуваат со бариери за редовно и квалитетно образование и обука. Новиот Закон за основно образование значително ги зајакнува законските услови за инклузивно образование. Сепак, потребни се и владини инвестиции. Од јануари 2019 година, трошоците за 400 деца Роми запишани во рано детско образование и грижа се покриваат од државниот буџет преку блок донации за 20 општини. Продолжува поделбата по етничка линија во образованието и обуката. Пречките за интегрирано образование и обука остануваат значајни.

Во високото образование, вкупната стапка на запишување на студенти беше 33,3% за академската година 2018/2019, 26,4% за мажи и 40,4% за жени. Сепак, стапката на завршување останува ниска. Националната агенција за квалитет на високото образование, е основана во декември 2019 година.

Според системот за националната рамка на квалификации, од јуни 2019 година се создадени три нови стандарди на квалификации. Во ноември 2019 година беше формиран нов Национален одбор за рамка на квалификации.

Ревизиите направени на Законот за стручно образование и обука (VET), усвоени во декември 2019 година, вклучуваат јасно упатување на регионалните центри за стручно образование и обука, со што се поставува основа за инвестиции. Во текот на 2019 година, реформираната четиригодишна програма за стручно образование и обука беше спроведена низ сите училишта во земјата. Потребни се дополнителни напори за решавање на несовпаѓањето помеѓу вештините што ги бара пазарот на трудот и резултатите од образованието и обуката. Воспоставувањето соработка помеѓу училиштата за стручно образование и обука и пазарот на трудот е позитивен чекор во таа насока. Зголемени инвестиции на владиниот и приватниот сектор во стручно образование и обука и поблиско следење на резултатите од стручно образование и обука, како што е статусот на пазарот на трудот на дипломираните студенти, сѐ уште се препорачува. Земјата е активна членка на Европската алијанса за практиканство (EAfA) и се залага за спроведување и следење на заклучоците за стручно образование и обука донесени во Рига во 2015 година.

Земјата продолжува активно да учествува во програмата Еразмус + и, како програмска земја, е на исто рамниште со земјите членки на ЕУ. Успешните апликации од Северна Македонија за програмата Еразмус + се зголемуваат од година во година.

Националната агенција за европски образовни програми и мобилност сега е член на Европската асоцијација за младински картичка.

Националната стратегија за развој на културата 2018-2022 година сѐ уште е во рана фаза на спроведување и треба да се интензивира работата. Донесувањето на законите за култура и заштита на културното наследство, како и националната стратегија за заштита на културното наследство беа дополнително одложени. Потребно е подигање на свеста, редовни и соодветни распределби на буџетот за да се заштити културното наследство. Органите мора да ја засилат меѓуинституционалната соработка во заштитата на културното наследство и да спречат дивоградби на места со статус „културно наследство со особено значење", како што се Охрид и Старата чаршија во Скопје. Активностите за спроведување на Конвенцијата на УНЕСКО од 2005 година за заштита и унапредување на различноста на културните изрази беа одложени за 2020 година.

Исплатата на средствата во рамките на годишната програма за проекти од значаен национален интерес, што предизвика критики од бројни културни оператори за работата на Министерството за култура и политичкото влијание врз неговите одлуки, сѐ уште не е разјаснета. Капацитетот на Министерството за култура треба да се зајакне, во согласност со начелата на јавната администрација, за да се обезбеди раст на културните и креативните сектори и да се зголеми толеранцијата меѓу заедниците. Нивото на учество на земјата во Програмата „Креативна Европа" продолжува да биде задоволително.

Во декември 2019 година, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност го започна „Европскиот корпус на солидарноста", кој конкретно го поддржува учеството на младите, социјалното вклучување и волонтирањето. Локалниот огранок на Канцеларија за регионална младинска соработка продолжи да организира активности за градење на капацитети и обука за граѓанските организации и училиштата и учествуваше во законодавната реформа за младински и студентски стандарди.

Новиот Закон за основно образование налага физичкото и здравствено образование од 1-5 одделение да го предаваат наставници со специјализирана обука. Ова треба да го подобри квалитетот на **спортот** и физичкото образование. Годишниот буџет за спорт во 2019 година се зголеми за 5% во споредба со буџетот за 2018 година. Беа направени измени на Законот за данок на персонален доход и на Законот за спорт што помогна во зголемувањето на распределбата на финансиите за спортот преку ваучер систем.

### 5.27 Поглавје 27: Животна средина и климатски промени

*ЕУ промовира силна климатска активност, одржлив развој и заштита на животната средина. Правото на ЕУ содржи одредби кои се однесуваат на климатските промени, водата и квалитетот на воздух, управувањето со отпад, заштита на природата, индустриско загадување, хемикалии, бучава и цивилна заштита.*

Земјата е на **одредено ниво на подготвеност** во оваа област. Постигнат е **ограничен напредок** во областа на заштитата на природата, цивилната заштита и климатските промени. Сепак, спроведувањето во сите сектори сè уште заостанува.

Во наредната година, земјата се охрабрува значително да ги засили амбициите кон зелена транзиција и треба особено:

→ да ја подобри меѓусекторската координација и да ги зголеми финансиските ресурси за намалување на загадувањето на воздухот на локално и национално ниво;

→ да воспостави интегриран регионален систем за управување со отпад;

→ да го спроведе Договорот од Париз, вклучувајќи го и развивањето на сеопфатна климатска стратегија и донесување закон, во согласност со рамката на ЕУ 2030 и да развие Национален план за енергија и клима, во согласност со обврските на Енергетската заедница.

Животна средина

Во однос на **хоризонталните прашања**, административниот капацитет на сите нивоа останува слаб, а финансиските ресурси сè уште не се доволни за спроведување на постојното законодавство. Постои континуиран дијалог со граѓанското општество, но потребни се дополнителни напори за подобрување на пристапот до информации, учеството на јавноста и консултациите во процесите на донесување одлуки. Формиран е првиот Архус центар во земјата и истиот ќе го поддржува учеството на јавноста во прашања поврзани со животната средина. Потребно е дополнително да се подобрат проценката на влијанието врз животната средина и процедурите за стратегиска оценка на животната средина. Треба дополнително да се подобри квалитетот на студии и процеси на јавни консултации, особено за проекти поврзани со хидроенергија, рударство и инфраструктура. Законот за инспекција во животната средина допрва треба да се донесе. Постигнат е одреден напредок во однос на Директивата ИНСПИРЕ и директивите за еколошки криминал, но нема никаков напредок во областа на еколошката одговорност.

Во однос на **квалитетот на воздухот**, недоволната координација помеѓу централните и локалните власти, како и слабата меѓусекторска соработка го ограничуваат спроведувањето на мерките за намалување на загадувањето на воздухот. Напредокот на програмата за намалување на загадувањето на воздухот е бавен. Националната мрежа за следење на квалитетот на воздухот е обновена со замена на неколку анализатори, но сè уште е потребно значително зајакнување. Бројот на надминувањата на загадувачките супстанции останува далеку над границите на ЕУ, а загадувањето на воздухот е големо во поголемите градови во текот на зимата. Неколку градови имаат подготвено план за квалитет на воздухот, но темпото на нивно спроведување треба да се зголеми. Постои зголемена побарувачка од јавноста за итни и построги мерки против загадувањето на воздухот. Првата тужба за загадувањето на воздухот и неуспехот да се заштитат граѓаните од негативните ефекти на загадувачките супстанции е поднесена до Граѓанскиот суд.

Во врска со **управувањето со отпад,** законите за управување со отпад и посебни текови на отпад сè уште не се донесени. Процесот на воспоставување на интегриран регионален систем за управување со отпад продолжува да се соочува со одложувања како резултат на недоволните административни и финансиски ресурси и истиот страда од недостаток на сопственост. Економските стимулации за промовирање на рециклирање и спречување на создавање отпад остануваат ограничени. Не постои

системски пристап за санација на жариштата во животната средина. Ова ги зголемува ризиците по здравјето на луѓето и животната средина, како што е прикажано со неконтролираното истекување на депониран метил акрилат на поранешната индустриска локација ОХИС.

Во однос на **квалитетот на водата**, беше постигнат ограничен напредок. Преземени се дополнителни чекори за обезбедување средства за изградба на пречистителна станица за отпадни води во Скопје, а работата на колекторите на отпадни води е во тек. Финализирањето и спроведувањето на плановите за управување со речните сливови се приоритет. Потребен е систем за следење на квалитетот и квантитетот на површинските и подземните води и потребни се повеќе напори за намалување на неприходната вода. Земјата треба да вложи значителни напори за спроведување на правото на ЕУ во оваа област. Треба да се зајакнат административните капацитети и меѓуинституционалната координација.

Во врска со **заштитата на природата**, постигнат е одреден напредок во мапирање на природните живеалишта и идентификување на потенцијалните области на НАТУРА 2000. Подготвени се студии за валоризација и планови за управување за неколку заштитени подрачја, но сè уште недостасува долгорочно финансирање. Развиена е петгодишна национална програма за следење на биодиверзитетот. Спроведувањето на Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени видови на дива фауна и флора сè уште е во рана фаза. Развиена е национална црвена листа за водоземци и влекачи и утврден е статус на конзервација за сите 46 видови. Преземени се неколку чекори за спроведување на заклучоците на УНЕСКО за природното и културното наследство Охридскиот регион. Сепак, сè уште се потребни значителни напори, особено за да се спречи неговото вклучување на листата на загрозено светско наследство.

За **индустриското загадување и управување со ризик,** продолжуваат да се издаваат интегрирани дозволи. Недоволното преземање одговорност на загадувачот го спречува воспоставувањето на систем за спречување на индустриски и хемиски несреќи. Потребни се напори за усогласување со Директивата Севесо III, регулативите за еколошка ознака на ЕУ и системот за ревизија на управувањето со животната средина.

Не е постигнат напредок во загадувањето со **бучава** за време на извештајниот период. Што се однесува до **хемикалиите**, беше ратификувана Минимата Конвенцијата за жива.

Постигнат е одреден напредок во однос на **цивилната заштита**. Воспоставена е национална платформа за намалување на ризиците од катастрофи за да се подобри ублажувањето и одговорот на катастрофи. Тим од експерти за национална заштита и спасување беше испратен во Албанија да им помогне на властите по земјотресот во ноември 2019 година. Преземени се одредени чекори за финализирање на техничката врска со Заедничкиот комуникациски и информативен систем за вонредни состојби на Комисијата (ЦЕЦИС). Северна Македонија е силно охрабрена да ги спроведува препораките од Оценската мисија за 2018 година, вклучително и подобрување на соработката и координацијата помеѓу Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи.

КОВИД-19 ја истакна потребата од зајакнување на правната рамка и институционалните капацитети, како и човечките и финансиските ресурси на органите за цивилна заштита и во врска со здравствените итни случаи. Северна Македонија се охрабрува да ја засили нивната соработка во рамките на Механизмот за цивилна заштита на Унијата (УКПМ), кој беше активиран во контекст на кризата од КОВИД-19.

Климатски промени

Усогласувањето на правната рамка со правото на ЕУсѐ уште е во рана фаза.Подготовката на закон за клима и сеопфатна стратегија за климатска активност, во согласност со рамката ЕУ 2030, е во тек. Потребни се повеќе напори за спроведување на Договорот од Париз. Четвртата национална комуникација е во фаза на подготовка, додека третиот двогодишен извештај за ажурирање на Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени (УНФЦЦЦ) е финализиран. Подготовката на Националните планови за енергетика и клима во согласност со обврските на Енергетската заедница и за вклучувањето на климатските активности во други сектори е во завршна фаза. Земјата е прва договорна страна во рамките на Енергетската заедница што ги интегрираше столбовите на енергетскиот и климатскиот пристап во националната енергетска стратегија. Беше ратификуван амандманот Кигали на Протоколот од Монтреал. Потребни се значителни напори за усогласување со правото на ЕУ за клима и за зајакнување на техничките и административните капацитети.

## 5.28 Поглавје 28: Заштита на потрошувачи и здравствена заштита

*Правилата на ЕУ ги заштитуваат економските интереси на потрошувачите и во однос на безбедноста на производите, опасните имитации и одговорноста за неисправни производи. ЕУ, исто така, обезбедува високи заеднички стандарди за контрола на тутун, крв, ткива, клетки и органи и лекови за употреба од страна на луѓето и ветеринарна употреба. ЕУ, исто така, обезбедува високи заеднички стандарди за почитување на правата на пациентите во прекуграничното здравство и сериозно справување со прекуграничните здравствени закани, вклучително и заразни болести.*

Северна Македонија останува **умерено подготвена** во оваа област. Во извештајниот период **не е постигнат напредок** во областа на заштитата на потрошувачите ниту во областа на здравствената заштита. Во наредната година, земјата особено треба:

→ да ја усогласи правната рамка со правото на ЕУ за заштита на потрошувачите, особено во врска со Законот за заштита на потрошувачите, и да ги зајакне оперативните структури за заштита на потрошувачите;

→ да ги интензивира напорите за контрола на тутунот;

→ да објави извештаи за регистрите за рак и индивидуални ретки болести и да обезбеди соодветно финансирање и специјализирани знаења за рано откривање и лекување, врз основа на податоците од регистрите.

Заштита на потрошувачите

Нема напредок во **заштитата на потрошувачите**, ниту во усогласувањето на националните правила за безбедност на производот со правото на ЕУ. Бројот на инспекции извршени од Државниот пазарен инспекторат и Државниот санитарен и здравствен инспекторат незначително се зголеми. Планираната веб-платформа што обезбедува информации за заштита на потрошувачите сѐ уште не е развиена. Програмата за медијација е сѐ уште скапа и тешко пристапна за потрошувачите. Потребни се дополнителни напори во однос на постапката со која се регулираат жалбите на потрошувачите и начините на надомест.

Јавно здравје

И покрај измените на законот за здравствена заштита, кои овозможуваат зголемување на платите и подобрена политика на задржување, **јавниот здравствен** сектор сè уште се соочува со загуби на медицински персонал, особено специјалисти, кои ја напуштаат земјата за да работат во странство. Напредната здравствена опрема сè уште е недоволно искористена или воопшто не се користи, поради недостаток на обучен кадар. Пристапот до лекарите специјалисти во јавниот здравствен систем останува проблематичен. Приближно една третина од сите здравствени услуги се платени од страна на пациентите без да им бидат надоместени средствата, што ги зголемува социјалните разлики.

Ситуацијата за **контрола на тутунот** дополнително се влоши. Иако Северна Македонија го потпиша Протоколот за елиминирање на недозволената трговија со тутунски производи во 2014 година, тој сè уште не е ратификуван. Пушењето на јавни места, кафулиња и ресторани е зголемено, а спроведувањето на правилата за пушење на јавни места е ослабено.

Во однос на **заразните болести**, земјата донесе акциски план за зајакнување на надзорот, превенцијата и контролата на заразни болести по препорака од извештајот за техничка проценка за 2016 година. Донесена е нова национална стратегија за контрола на антимикробната отпорност за 2019-2023 година. Сепак, потребни се дополнителни напори, особено за усогласување со стандардите на ЕУ, за да се обезбеди одржливост на системите за надзор и управување со кризи, вклучувајќи лабораториски капацитет и да се воведат системи за електронско известување и контрола на инфекциите поврзани со здравствената заштита. Во 2019 година беа преземени брзи мерки за справување со епидемијата на морбили, со кампања за вакцинација која опфати речиси 30 000 деца во училиштата и градинките. Министерството за здравство обезбеди и 28.000 дози на вакцина против грип, што бесплатно им беше овозможена на стари лица, лица со хронични заболувања, деца до 5 годишна возраст и бремени жени.

Властите дадоа брз првичен одговор на пандемијата на КОВИД-19 во март 2020 година, со доволен број тестови и рестриктивни мерки како што се полициски час и карантин на целата територија на земјата, насочени кон ризичните категории кај населението. Рестриктивните мерки: социјално дистанцирање, забрана за јавни собири и верски церемонии, спортски, културни настани и рекреативни активности и затворени училишта, ресторани и кафулиња постепено се укинаа од почетокот на мај, со план во три фази. Во летото, земјата се бореше со вториот бран на инфекции, што сериозно ги оптоваруваше капацитетите на здравствениот систем.

Северна Македонија позитивно одговори на механизмите на ЕУ за поддршка во врска со КОВИД-19. Стана членка на Договорот за заедничка набавка и набљудувач во Комитетот за здравствена безбедност на ЕУ, кој, исто така, им овозможува пристап до системот на ЕУ за рано предупредување и одговор. Исто така, на системот за собирање податоци на ЈРЦ (Здружен истражувачки центар) му обезбедува податоци за КОВИД-19 и номинира дописник за Европскиот центар за контрола и превенција на болести.

ЕУ обезбеди непосредна поддршка од 4 милиони евра за обезбедување медицинска опрема и заштитна опрема за зајакнување на капацитетот на здравствениот систем за борба против КОВИД-19.

Нема напредок во областа на **крв, ткива, клетки и органи**. Сè уште се потребни соодветно финансирање и дополнителни заложби со цел усогласување на националните правила со правото на ЕУ. Не е постигнат напредок во однос на **правата напациентите во прекуграничната здравствена заштита,** а националното

законодавство сè уште не е усогласено со правото на ЕУ.

Во однос на **здравствената нееднаквост**, програмата за активна здравствена заштита на неколку целни групи им овозможува пристап до здравствената заштита, вклучително и ромската заедница, луѓето што живеат во оддалечени области, луѓето кои живеат со ХИВ/СИДА, корисници на дрога и лица со попреченост. Истата програма помага и во обезбедувањето контрацептивни средства за жени од социјално ранливи групи, иако дистрибуцијата се врши преку болници. Сепак, Владата сè уште треба да донесе нова повеќегодишна стратегија за борба против ХИВ.

Финансирањето за **скрининг на рак** е недоволно. Податоците од националните и регионалните регистри за рак не се јавно достапни. Не постои национална програма за скрининг на рак на дојка и рак на грлото на матката.

Во извештајниот период нема напредок во однос на **лековите за употреба од страна на луѓето и за ветеринарна употреба**.Во извештајниот период нема напредок ниту во областа на **менталното здравје**, ниту во однос на **подобрувањето на здравјето, исхраната и физичката активност**.

Националните регистри за **ретки болести** се во функција, но потребни се соодветни средства. Дефиницијата за ретка болест сè уште треба да се усогласи со меѓународните стандарди.

### 5.29 Поглавје 29: Царинска унија

*Сите земји членки се дел од царинската унија на ЕУ и следат исти царински правила и постапки. Ова бара усогласување на законодавството, соодветен капацитет за спроведување, примена и пристап до заедничките компјутеризирани царински системи.*

Северна Македонија одржува **добро ниво на подготвеност** во делот на Царинската унија. Постигнат е **добар напредок** во извештајниот период. Земјата изработи, примени и одржува нов електронски систем за обработка на царински декларации и акцизни документи. Започна со работа новоизградениот царински терминал со Албанија. Воспоставен е едношалтерски систем за контрола на границата со Србија.

Препораките од минатата година се спроведени. Во наредната година, земјата треба:

→ да продолжи со консолидација и целосна примена на нејзините ИТ системи, да обезбеди нивна надградба и одржување и да обезбеди континуитет во работењето;

→ целосно да го спроведе Протоколот 5 на ЦЕФТА за олеснување на трговијата.

**Царинското законодавство** е високо усогласено со правото на ЕУ.Царинската тарифа за 2019 година е донесена во согласност со најновите измени во Комбинираната номенклатура на ЕУ. Царинската управа интензивно го промовираше концептот на овластени економски оператори (ОЕО) и 15 компании се стекнаа со уверение за ОЕО. Земјата потпиша договор со Србија за заемно признавање на уверенијата за ОЕО. Северна Македонија е членка на Конвенцијата за заеднички транзит, применувајќи ги правилата на ЕУ за транзитни движења и претседаваше со годишниот состанок на заедничкиот комитет. Земјата треба да ја финализира постапката за ратификување на Протоколот за елиминирање на недозволена трговија со тутунски производи.

Во однос на **административниот и оперативниот капацитет**, беа применети

стандардите за професионален интегритет и контрола на квалитетот. Наплатените приходи од Царинската управа во 2019 година се зголемија за 5,4% во споредба со 2018 година, најмногу благодарение на систематската примена на автоматско управување со ризици со повеќе таргетирани контроли и подобра меѓуагенциска соработка. Ова, исто така, го олесни запленувањето на дрога и фалсификувана стока.

Новоизградениот царински терминал на главниот премин со Албанија беше пуштен во употреба. Постигнат е напредок во воспоставувањето на едношалтерски систем за гранична контрола со Србија на преминот Табановце-Прешево во август 2019 година. Започнаа подготовките за воспоставување на едношалтерски систем за контрола со Албанија, мерка што доби официјално одобрување од двете влади. Постигнат е добар напредок со финализирањето на новиот електронски систем „без хартија" за обработка на царински декларации и акцизни документи и со неговата примена од 1 јуни 2019 година. Се зголеми употребата на системот за Интегрирана тарифна околина (ИТО). Бројот на обработени декларации преку новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС) се зголеми за 25% во 2019 година. Царинската управа потпиша договори за одржување на системите НКТС и ИТО.

Царинската управа учествуваше во 14 меѓународни операции за борба против недозволена трговија со дрога, фалсификувана стока и лекови, акцизна стока, оружје, експлозиви, опасен отпад и хемикалии, диви животни и растенија, културни добра и борба против трговија со луѓе. Продолжија соработката и размената на разузнавачки информации со царинските агенции во поширокиот регион. Земјата досега има склучено 24 билатерални договори за царинска соработка, од кои 12 се со земјите членки на ЕУ. Северна Македонија беше домаќин на 14-та конференција „Партнерство во царинското академско истражување и развој" на Светската царинска организација.

## 5.30 Поглавје 30: Надворешни односи

*ЕУ има заедничка трговија и трговска политика кон трети земји, заснована на мултилатерални и билатерални договори и автономни мерки. Исто така, постојат правила на ЕУ во областа на хуманитарната помош и развојната политика.*

Северна Македонија е **умерено подготвена** во областа на надворешните односи и **одреден напредок** е постигнат во исполнувањето на препораките од 2019 година за време на извештајниот период. Земјата ја продолжи добрата соработка со ЕУ, вклучително и во рамки на Светската трговска организација (СТО). Институционалниот капацитет за целосно учество во трговските, развојните и хуманитарните политики на ЕУ сè уште е недоволен. Во текот на наредната година, земјата особено треба:

→ да го зајакне целокупниот административен капацитет во однос на трговската политика, Централно европскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА) и обврските во рамките на СТО, особено ефикасно да го спроведе повеќегодишниот акциски план за развојот на Регионалната економска област (РЕА) во Западен Балкан;

→ да ги спроведе активностите кои се дел од повеќегодишниот акциски план за развој на РЕА: особено, да осигури целосно спроведување на Дополнителниот протокол 5 на ЦЕФТА за трговија со стоки, да го ратификува и спроведе Дополнителниот протокол 6 на ЦЕФТА за трговија со услуги , да се вклучи во преговорите и да осигури брзо спроведување на Дополнителниот протокол 7 на

ЦЕФТА за решавање на спорови, да донесе регионални стандарди за меѓународни договори за инвестиции и да го изврши спроведувањето на „индивидуалниот реформски акционен план“ (ИРАП) за инвестиции.

Во однос на **заедничката трговска политика**, Северна Македонија продолжи да ги координира своите позиции и сè повеќе да ги усогласува своите политики со позициите и политиките на ЕУ, вклучително и во рамки на СТО. Втората ревизија на трговската политика го заврши во јули 2019 година, во рамките на СТО. Земјата ги спроведе повеќето одредби од договорот за олеснување на трговијата. Националниот комитет за олеснување на трговијата се состана двапати во 2019 година. Административниот капацитет на институциите надлежни за трговската политика, особено Министерството за економија, мора дополнително да се зајакне.

Северна Македонија го продолжи своето активно учество во ЦЕФТА. Земјата допрва ќе го спроведува Дополнителниот протокол 5, особено врз основа на одлуките донесени од страна на Заедничкиот комитет на ЦЕФТА за овластени економски оператори (ОЕО), овошје и зеленчук и стратегијата за управување со царински ризик. Брзата ратификација и спроведување на новоусвоениот Дополнителен протокол 6 за либерализација на трговијата со услуги сè уште треба да се заврши. Во однос на Дополнителниот протокол 7 за решавање на трговски спорови, конструктивната улога на Северна Македонија е важна за обезбедување на завршувањето на преговорите во 2020 година. Во рамките на РЕА, сè уште треба да се усвојат стандарди за инвестиции на регионално ниво за да се рефлектираат најновите развојни процеси во политиките на ЕУ, кои ќе се користат при преговарање за договори за инвестиции со трети земји и кои ќе се рефлектираат во Билатералниот договор за инвестиции (БДИ) чиј образец е во подготовка.

Системот за контрола на извозот на **стоки и технологии со двојна употреба** е во функција. Земјата ја усогласи својата листа на стоки со двојна употреба со Регулативата 2018/1922 на ЕУ за извоз, трансфер, посредување и транзит на стоки со двојна употреба. Имаше редовни активности за информирање на индустријата за законските измени.

Северна Македонија го донесе Законот за контрола на надворешно трговскиот промет со необработени дијаманти во јули 2019 година, кој е усогласен со Регулативата 2368/2002 на Советот за спроведување на шемата за сертификација во рамки на Процесот Кимберли за меѓународна трговија со необработени дијаманти. Бројот на **билатерални договори со трети земји** е 40, од кои 19 се со земји членки на ЕУ. Земјата продолжи да работи на ажурирање на постојниот модел на договор за БДИ.

Нема напредок во **развојната политика** и **хуманитарната помош**.Земјата се охрабрува да воспостави рамка на политиките во областите на развој и меѓународна соработка, како и хуманитарна помош кон земји кои не се членки на ЕУ, во согласност со применливите политики и начела на ЕУ.

## 5.31 Поглавје 31: Надворешна безбедносна и одбранбена политика

*Земјите членки мора да бидат способни да спроведат политички дијалог во рамките на надворешната, безбедносната и одбранбената политика, да ги усогласат со изјавите на ЕУ, да учествуваат во активностите на ЕУ и да применуваат договорени санкции и рестриктивни мерки.*

Земјата и понатаму е **умерено подготвена** во оваа област. Постигнат е **одреден напредок** во текот на извештајниот период, со континуирано учество во мисиите и активностите на ЕУ за управување со кризи. Северна Македонија стана полноправна членка на НАТО во март 2020 година. Во наредната година, земјата особено треба:

→ да продолжи да ја подобрува усогласеноста со заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ.

Редовниот **политички дијалог** за прашања од надворешната и безбедносната политика помеѓу ЕУ и земјата продолжи со два состанока одржани заедно со другите партнери од Западен Балкан во јуни и декември 2019 година. Воспоставена е институционална рамка за учество на земјата во заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) и заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП). Во однос на **заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП)**, земјата се усогласи, кога беше поканета, со 84 од вкупно 91 декларација на високиот претставник во име на ЕУ и одлуките на Советот, што претставува стапка на усогласеност од 92% во 2019 година. Додека земјата продолжува да не се усогласува со рестриктивните мерки против Русија, таа се усогласи со сите други рестриктивни мерки и декларации, вклучително и со оние во врска со неовластените активности за дупчење на Турција во Источен Медитеран во декември 2019 година.

Северна Македонија и натаму го одржува билатералниот договор за имунитет со САД, давајќи им на американските државјани исклучоци од јурисдикцијата на **Меѓународниот кривичен суд.** Тоа не е во согласност со заедничките ставови на ЕУ за интегритетот на Римскиот статут или со поврзаните водечки начела на ЕУ за билатерални договори за имунитет. Затоа, потребно е усогласување со ставот на ЕУ.

Во врска со **непролиферација**, Северна Македонија учествува во Иницијативата за безбедност од пролиферација и Хашкиот кодекс на однесување, но не и во Групата на снабдувачи на нуклеарен материјал, Австралиската група или режимот за контрола над ракетната технологија. Земјата е посветена да ги исполни барањата да се приклучи на Васенарскиот договор.

Северна Македонија остана активно ангажирана во спроведувањето на Регионалниот патоказ за одржливо решение за нелегалното поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје и муниција за истото во Западен Балкан.

Земјата продолжи активно да **соработува со меѓународни организации** и да се усогласува со изјавите на ЕУ доставени во меѓународните организации (ОН, ОБСЕ и Советот на Европа). Протоколот за пристапување во НАТО, потпишан во февруари 2019 година, беше ратификуван од сите сојузници на НАТО, а Северна Македонија се приклучи на Алијансата во март 2020 година. За време на извештајниот период, освен вонредната состојба, единствените **безбедносни мерки** беа оние што се однесуваат на граничната безбедност во контекст на миграциската и бегалската криза. Законот за класифицирани информации, заснован на одлуката на Советот од 2013 година, влезе во сила во јануари 2020 година.

Земјата продолжи активно да учествува во операциите на ЕУ за управување со кризи во рамките на **заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП)**, имено ЕУФОР Алтеа во Босна и Херцеговина (1 лице). Учеството во мисијата за воена обука во Централноафриканската Република (EUTM RCA) со двајца штабни офицери беше одобрено од ПБК (Политичкиот и безбедносен комитет) и распоредувањето е планирано во 2020 година. Земјата продолжува да придонесува за мисијата „Одлучна

поддршка“ во Авганистан предводена од НАТО со 44 лица. Земјата продолжи да придонесува за КФОР преку Координативниот центар за поддршка на земјата домаќин и има за цел да стане оперативен партнер и да распореди штабни офицери. Продолжува формалната соработка со Европската агенција за одбрана.

Беше спроведено истражување за хибриден ризик со Северна Македонија и земјата одговори на прашалникот во јули 2019 година, како дел од процесот насочен кон идентификување на ранливоста на хибридните закани.

## 5.32 Поглавје 32: Финансиска контрола

*Врз основа на меѓународните стандарди, ЕУ ги развива реформите на националните системи за управување со цел подобрување на раководната одговорност и стабилното финансиско управување со приходите и расходите и надворешна ревизија на јавните средства. Правилата за финансиска контрола дополнително ги штитат финансиските интереси на ЕУ против измама во управувањето со средствата на ЕУ и против фалсификување на еврото.*

Северна Македонија е **умерено подготвена** во оваа област. Постигнат е **одреден напредок** со спроведувањето на новиот документ за политиките за јавна внатрешна финансиска контрола и националната стратегија за борба против измама. Препораките за подобрена внатрешна контрола и ефективно следење на надворешната ревизија допрва треба да се спроведат. Финансиската инспекција сè уште не е ефикасна. Независноста на Државниот завод за ревизија (ДЗР) сè уште не е уставно загарантирана. Бидејќи не беа спроведени сите препораки од 2019 година, во наредната година земјата особено треба:

→ да обезбеди подобрена раководна одговорност и транспарентност преку ефективно спроведување на стандардите за внатрешна контрола во процесите на управување со организациите од јавниот сектор;

→ да го подобри квалитетот на надворешната ревизија и проследувањето на препораките на ДЗР од страна на Владата и Собранието;

→ да ја зајакне улогата на Службата за координација на борба против измами (АФКОС), да ја воспостави мрежата АФКОС и да го подобри управувањето со неправилностите преку Системот за управување со неправилности.

<u>Јавна внатрешна финансиска контрола</u>

**Стратешката рамка** на јавната внатрешна финансиска контрола (ЈВФК) се одразува во документот за политика на ЈВФК 2019-2021 и во програмата за реформи на управувањето со јавните финансии (УЈФ) 2018-2021 и нејзините годишни акциски планови. Спроведувањето е надгледувано од Комитетот на ЈВФК, кој се состанува двапати годишно и поднесува извештаи до Советот на УЈФ со кој раководи министерот за финансии. Владата усвои два полугодишни извештаи за напредокот за спроведувањето на документот за политиките на ЈВФК. Формалното донесување на голем број на упатства и прирачници за спроведување подготвени во 2019 година чека на донесувањето на нов закон за ЈВФК, кој е одложен заради доцното финализирање на новиот закон за буџетите. (*Видете го и делот за Реформа на јавната администрација*)

Донесениот документ за политика на ЈВФК е камен-темелник за водење на развојот на внатрешната контрола со посебен фокус на **раководнатаодговорност.**Раководната одговорност не е ефикасно распространета во јавната администрација и таа допрва треба кохерентно да се применува во пракса на централно и локално ниво. Има

ограничено делегирање на одлучување на средно ниво на управување. Подготвен е нов прирачник за раководна одговорност заснован на меѓународни стандарди и неговото донесување чека на донесувањето на новиот закон за ЈВФК.

Правната рамка за **внатрешна контрола** во голема мера е во согласност со меѓународните стандарди, но сè уште не е ефикасно спроведена. Изработени се нови прирачници и упатства за финансиско управување и контрола (ФУК), кои допрва ќе бидат донесени. Правилниците и прирачниците за внатрешна контрола треба дополнително да се ажурираат и спроведуваат од страна на буџетските корисници на централно и локално ниво. Регистрите за управување со ризици се донесени од повеќето буџетски корисници, но не се вметнати во процесите на управување. Административните капацитети за централизирана буџетска инспекција беа зајакнати во Министерството за финансии. Треба да се развијат методолошки алатки за да се осигури дека буџетската инспекција ја надополнува внатрешната ревизија. Потребно е понатамошно усогласување на правната основа за внатрешна контрола и финансиска инспекција, како и на развојот и спроведувањето на стабилна практика за финансиска инспекција низ целата јавна администрација, со цел да се обезбеди посеопфатен пристап. Годишниот извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор за 2019 година беше подготвен и доставен до Владата за одобрување. Исклучителните постапки за управување и контрола или отстапувања што ги применуваат властите за време на кризата од КОВИД-19 треба да бидат добро документирани, придружени со соодветни заштитни мерки и да се земат предвид за посебни ревизии.

Во однос на **практиката на внатрешна ревизија**, беше постигнат одреден напредок во спроведувањето на стандардите за внатрешна ревизија бидејќи беа развиени нови прирачници и упатства, кои допрва ќе се донесуваат. Административните капацитети на единиците за внатрешна ревизија на централно и локално ниво сè уште се ограничени. Повеќето ревизорски единици имаат стратешки и годишни планови, но осигурувањето на квалитетот останува предизвик.

**Централната единица за хармонизација (ЦЕХ)** треба да го подобри следењето и надзорот над целокупниот систем на внатрешна контрола на јавната администрација. Годишното известување за системот за ЈВФК од страна на ЦЕХ, како и структурата, обемот, процесот и квалитетот на годишниот извештај за ЈВФК треба да се подобрат. Елаборирана е нова методологија за следење и проверка на квалитетот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија, но сè уште не се применува во пракса. Покрај тоа, беше изработен и прирачник за проценка на квалитетот заснован на моделот за управување со јавни трошоци преку активно помагање и поддршка. Упатствата за работа на единиците за внатрешна ревизија во јавниот сектор во итни ситуации предизвикани од кризата од КОВИД-19 беа разработени од ЦЕХ и беа објавени на веб-страницата на Министерството за финансии.

<u>Надворешна ревизија</u>

Законот за **Државниот завод за ревизија** (ДЗР) е во голема мера усогласен со стандардите на Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ). Сепак, независноста на ДЗР сè уште не е предвидена во Уставот.

ДЗР има доволен **институционален капацитет** за извршување на своите задачи, со 68 овластени државни ревизори од вкупно 90 ревизори. Стратегијата за развој на ДЗР за 2018-2022 година се спроведува како што се гледа во годишната програма на ДЗР за 2020 година и е објавена во годишниот извештај на ДЗР. ДЗР успешно го заврши

спроведувањето на својата годишна програма за 2019 година. Сите финални ревизорски извештаи беа изработени, доставени до Собранието и објавени на веб-страницата на ДЗР. Годишниот извештај за извршените ревизии и работењето за 2019 година беше доставен до Собранието во законски утврдениот рок од јуни 2020 година и треба да биде усвоен од новото Собрание. ДЗР воведе нова програма за ревизија на јавни набавки што обезбедува ажурирани насоки и методолошки алатки за ревизорите при вршење на такви ревизии. Елаборирана е нова веб-страница за да се промовира работата на ДЗР и извршените ревизии меѓу клучните засегнати страни и пошироката јавност.

**Квалитетот на ревизорската работа** е подобрен во согласност со стандардите ИНТОСАИ. Сепак, ревизијата на успешност треба дополнително да се подобри. Во 2019 година, ДЗР заврши шест ревизии на успешност и иницираше уште една за ИТ, што треба да се финализира во 2020 година. ДЗР секоја година до јуни спроведува ревизија на усогласеност на конечните владини сметки од основниот буџет. Ревизорскиот обем на вкупните трошоци за ревизија беше 54% во 2019 година.

Во однос на **влијанието на ревизорската работа**, препораките на ДЗР не беа систематски спроведени од страна на ревидираните институции. Парламентарниот надзор на наодите во ревизорските извештаи сè уште треба да се подобри. Потребни се дополнителни напори за зајакната соработка со Собранието, а особено за проследување на извештаите на ДЗР со цел да се подобри стапката на спроведени препораки.

<u>Заштита на финансиските интереси на ЕУ</u>

Што се однесува до **усогласувањето со правото на ЕУ**, иако националното законодавство е до одреден степен усогласено, сепак треба целосно да се усогласи со Директивата на ЕУ за борба против измама на финансиските интереси на ЕУ со примена на кривичното право. **Службата за координација на борбата против измами** (АФКОС) во Министерството за финансии сега е целосно оперативна. Нејзиниот капацитет да игра клучна координативна улога во системот за борба против измама треба да се зајакне. Започна спроведувањето на националната стратегија за борба против измами за 2019-2022 година. Владата го усвои годишниот извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор и спроведувањето на националната стратегија за борба против измами за заштита на финансиските интереси на ЕУ во 2019 година. Сепак, мрежата АФКОС допрва треба да се воспостави. **Соработката со Комисијата** се подобри со една заедничка истрага спроведена во 2019 година и 49 нерегуларности, од кои 2 случаи на сомневање за измама, пријавени преку системот за управување со неправилности, во споредба со една заедничка истрага и два пријавени случаи во 2018 година, за вкупно 73 до крајот на 2019 година. Треба дополнително да се развие валидна евиденција за истрагите и известувањата за неправилностите.

<u>Заштита на еврото од фалсификување</u>

Националното законодавство е во одреден степен **усогласено со правото на ЕУ** бидејќи ја утврдува основата за функционирање на целокупниот систем на борба против фалсификување. Потребен е дополнителен развој, како и ефикасно спроведување на релевантните методолошки алатки. **Техничката анализа** на фалсификувани пари ја спроведува Народната банка. Сепак, нејзините капацитети треба да се зголемат за да се подобри стапката на откривање, за ефикасно ажурирање на соодветната база на податоци и за брза размена на информации со националните и меѓународните органи.

Сè уште постои недоволна координација помеѓу клучните институции во системот. Во 2019 година беше склучен **договор за административна соработка** (ДАС) помеѓу Европската комисија и Народната банка за размена на технички и статистички информации за фалсификувани евро-монети и за техничка помош и соработка за обука. Не е воспоставен формален договор за соработка со Европската централна банка за банкноти. Земјата учествува во програмата Перикле 2020 и во регионалната иницијатива Балканска мрежа за заштита на еврото.

## 5.33 Поглавје 33: Финансиски и буџетски одредби

*Ова поглавје ги опфаќа правилата за финансирање на буџетот на ЕУ („сопствени ресурси“). Овие ресурси главно се состојат од: i) придонеси врз основа на бруто националниот доход на секоја земја членка; ii) царински давачки; и iii) ресурс врз основа на данокот на додадена вредност. Земјите членки мора да имаат соодветен административен капацитет за соодветно координирање и обезбедување на правилна пресметка, собирање, плаќање и контрола на сопствените ресурси.*

Подготовките во оваа област се во **рана фаза**. Во рамките на ова поглавје беше постигнат **ограничен напредок**, првенствено во врска со правната рамка за оданочување, царина, статистика и финансиска контрола. Сè уште не е воспоставена цврста институционална поставеност за да се овозможи ефикасно функционирање на системот на сопствени ресурси.

Бидејќи не беа спроведени сите препораки од 2019 година, во наредната година земјата треба:

-> дополнително да ја усогласи правната основа за основните области на политиките што влијаат на правилната примена на системот на сопствени ресурси;

-> да ги зајакне административните капацитети и механизмите за координација помеѓу клучните засегнати страни во системот.

Не е постигнат напредок во однос на специфичните административни услови за сопствени ресурси, како што е утврдено во регулативите за сопствени ресурси. Ова важи за трите типа на ресурси: **традиционалните сопствени ресурси** (царински давачки)**; ресурсите кои се базираат врз данокот на додадена вредност** (ДДВ) и **ресурсите кои се базираат на бруто национален доход (БНД).** Потребни се дополнителни напори за усогласување на правната рамка во основните области на политиките кои влијаат на правилната примена на системот на сопствени ресурси, особено за царина, оданочување, статистика и финансиска контрола. Постигнат е одреден напредок во развојот на мерки и алатки за борбата против измама, даночното и царинско затајување, како и неформалната економија. Сепак, треба постепено да се обезбедува нивното ефикасно спроведување. Започна процесот на усогласување на националните сметки и пресметките на бруто националниот доход (БНД) со европскиот систем на сметки (ЕСА 2010). (*За повеќе информации, видете ги случувањата во Поглавје 16 - Даноци, Поглавје 18 - Статистика, Поглавје 29 - Царинска унија и Поглавје 32 - Финансиска контрола*).

Треба да се воспостави **административна инфраструктура** за да се овозможи ефикасно функционирање на системот на сопствени ресурси, како и механизмите за

координација меѓу сите клучни институции.

**АНЕКС I – ОДНОСИ ПОМЕЃУ ЕУ И СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Северна Македонија учествува во **процесот на стабилизација и асоцијација** од 1999 година. Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) со ЕУ потпишана во 2001 година ја поставува рамката за односите со ЕУ, вклучувајќи го и политичкиот, економскиот и техничкиот дијалог. Експертите се состанаа во седум поткомитети и една посебна група, во согласност со распоредот. Комитетот за стабилизација и асоцијација се одржа во јули 2020 година. Во дискусиите се посвети внимание на одлуката за отворање на преговорите за пристапување и напредокот постигнат за унапредување на реформите на ЕУ, особено во областите утврдени со Заклучоците на Советот од јуни 2018 година и на зајакнувањето на добрососедските односи.

Северна Македонија е земја кандидатка од 2005 година, со последователни препораки од Европската комисија за отворање преговори за пристапување од 2009 година. На 26 март 2020 година, Европскиот совет ја одобри одлуката на Советот да ги отвори преговорите за пристапување со Северна Македонија.

**Визната либерализација** за граѓаните од Северна Македонија кои патуваат во Шенген зоната е во сила од декември 2009 година. Договорот за реадмисија е во сила од 2008 година. Во третиот извештај на Комисијата во јули 2020 година според механизмот за суспензија на визите се донесе заклучок дека Северна Македонија продолжува да ги исполнува одредниците за визна либерализација.

Северна Македонија продолжи да ја зголемува усогласеноста со ставовите и декларациите на з**аедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ**. Северна Македонија продолжи активно да учествува во мисиите и операциите на ЕУ за управување со кризи во рамките на заедничката безбедносна и одбранбена политика.

Спроведувањето на **Инструментот за претпристапна помош II за 2014-2020 година (ИПА II)** е во тек. Програмирањето на средствата на ИПА II беше успешно завршено со што ИПА пакетот за земјава достигна 633 милиони евра. Од оваа сума, за 214 милиони евра веќе има склучено договори до крајот на 2019 година.

Како дел од одговорот на кризата од КОВИД-19, Северна Македонија се стекна со 4 милиони евра за итна медицинска опрема, и истата во целост е испорачана, и 62 милиони евра за мерки за социо-економско закрепнување преку ИПА II. Овој пакет се надополнува со макрофинансиска помош (160 милиони евра заеми). Во 2020 година, наградата за успешност од 50 милиони евра беше пренасочена кон одговор на здравствените потреби, за поддршка на земјата во нејзините напори за интеграција во ЕУ и ублажување на економските и социјалните ефекти од кризата.

ЕУ со 57,7 милиони евра го поддржува учеството на земјата во 12 **програми на ЕУ**, вклучувајќи ги Еразмус +, Креативна Европа, програмата за конкурентност на претпријатијата и малите и средни претпријатија (COSME), Хоризонт 2020, Царина 2020, Фискалис 2020 и Европа за граѓаните. Северна Македонија, исто така, е набљудувач во Агенцијата за фундаментални права.

**СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ (заклучно со 03.04.2020 година) Северна Македонија**

| Основни податоци | Заб. | 2007 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Население (во илјади) | | 2 042 | 2 066 | 2 069 | 2 071 | 2 074 | 2 075 |
| Вкупна површина на земјата (km²) | | 25 713 | 25 713 | 25 713 | 25 713 | 25 713 | 25 434 |

| Национални сметки | Заб. | 2007 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бруто домашен производ (БДП) (во милиони од националната валута) | | 372 889 | 527 631 | 558 954 | 594 795 | 618 106 | 658 053п |
| Бруто домашен производ (БДП) (во милиони евра) | | 6 095 | 8 562 | 9 072 | 9 657 | 10 038проц. | 10 698п |
| БДП (во евра по глава на жител) | | 2 980проц. | 4 140 проц. | 4 380 проц. | 4 660 проц. | 4 840 проц. | 5 150п |
| БДП по глава на жител (во стандарди на куповна моќ (СКМ)) | | 7 380 проц. | 9 620 проц. | 9 980проц. | 10 520 | 10 670 | 11 370п |
| БДП по глава на жител (во СКМ), во однос на просекот на ЕУ (ЕУ-27 = 100) | | 30.1 проц. | 36.2 проц. | 36.4 проц. | 37.4 проц. | 36.5 проц. | 37.7п |
| Реална стапка на раст на БДП: промена од претходната година на обемот на | | 6,5 | 3,6 | 3,9 | 2,8 | 1,1 | 2.7п |
| Пораст на вработеноста (податоци од националните сметки), во однос на | | 3,0 | 2,4 | 1,9 | 1,6 | 3,0 | : |
| Раст на продуктивноста на трудот: раст на БДП (во обем) по вработен, во однос на претходната година (во%) | | 3,4 | 1,2 | 2,0 | 1,3 | -1,8 | : |
| Раст на трошоците за труд по единица, во однос на претходната година (во%) | | -6,2 | 3,7 | 0,2 | 5,0 | 5,3 | : |
| **3-годишна промена (Т/Т-3) во индексот на номиналниот раст на трошоците | | 1,0 | 1,6 | 2,2 | 9,1 | 10,8 | : |
| Продуктивноста на трудот по вработен: БДП (во СКМ) по вработен во однос на просекот на ЕУ (ЕУ-27 = 100) | | 44,3 | 43,4 | 43,2 | 44,2 | 42,6 | : |
| Бруто додадена вредност според главни сектори | | | | | | | |
| Земјоделство, шумарство и рибарство (во%) | | 10,4 | 11,7 | 11,1 | 10,6 | 9,1 | 9.8п |
| Индустрија (во%) | | 17,1 | 18,3 | 19,3 | 19,7 | 20,5 | 21.4п |
| Градежништво (во%) | | 6,8 | 8,0 | 8,1 | 8,0 | 7,5 | 6.2п |
| Услуги (во%) | | 65,7 | 62,0 | 61,5 | 61,7 | 62,9 | 62.6п |
| Расходи на финална потрошувачка, како дел од БДП (%) | | 94,1 | 86,9 | 85,8 | 82,3 | 81,6 | 80.7п |
| Бруто инвестиции во основни средства, како дел од БДП (%) | | 22,7 | 23,4 | 23,8 | 24,4 | 22,5 | 19.8п |
| Промени во резервите, како дел од БДП (%) | | 1,0 | 6,8 | 6,5 | 8,1 | 9,7 | 12.1п |
| Извоз на стоки и услуги, во однос на БДП (%) | | 44,1 | 47,7 | 48,7 | 50,7 | 55,1 | 60.6п |
| Увоз на стоки и услуги, во однос на БДП (%) | | 62,0 | 64,9 | 65,0 | 65,5 | 69,0 | 73.2п |
| Бруто - инвестиции во основни средства од генералниот владин сектор, како | | : | : | : | : | : | : |

| Индустрија | Заб. | 2007 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Индекс на обемот на индустриско производство (2015 = 100) | | 92,8 | 95,3 | 100,0 | 103,4 | 103,6 | 109,2 |
| Број на активни претпријатија (број) | | : | 53 749 | 54 738 | 55 469 | 55 359 | 58 245п |
| Стапка на основање: број на основани претпријатија во референтниот период (т) поделен со бројот на претпријатија кои се активни во т (во%) | | : | 10,6 | 10,3 | 10,4 | 9,2 | : |
| Стапка на затворање: број на затворени претпријатија во референтниот период (т) поделен со бројот на претпријатија кои се активни во т (во%) | | : | 10,8 | 8,8 | 9.7п | 8.5п | : |
| Лица вработени во мали и средни претпријатија, како дел од сите вработени (во рамки на нефинансиската бизнис економија) (во%) | | : | 75,0 | 74,4 | 75,4 | 74,3 | 74.2п |
| Додадена вредност од малите и средни претпријатија (во нефинансиската | | : | 2 257 | 2 413 | 2 607 | 2 698 | 2 887п |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупна додадена вредност (во нефинансиската бизнис економија) (во | | : | 3 460 | 3 740 | 4 031 | 4 252 | 4 562п |

| **Стапка на инфлација и цени на куќи** | Заб. | 2007 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Усогласен индекс на потрошувачки цени (УИПЦ), промена во однос на | | 2,2 | 0,0 | 0,1 | 0,2 | 2,1 | 2,3 |
| **Годишна промена на намален индекс на цени на куќи (2015= 100) | | : | : | : | : | : | : |

| **Платен биланс** | Заб. | 2007 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Платен биланс: Тековна сметка вкупно (во милиони евра) | | -421,2 | -43,2 | -177,1 | -275,5 | -105,2 | -14,9 |
| Платен биланс тековна сметка: трговски биланс (во милиони евра) | | -1 354,1 | -1 855,7 | -1 822,8 | -1 812,9 | -1 787,3 | -1 734,9 |
| Платен биланс тековна сметка: нето услуги (во милиони евра) | | 209,7 | 383,9 | 348,8 | 340,7 | 374,7 | 362,2 |
| Платен биланс тековна сметка: нето биланс за примарен приход (во милиони | | -280,8 | -160,6 | -286,1 | -383,9 | -397,5 | -450,7 |
| Платен биланс тековна сметка: нето биланс за секундарен приход (во | | 1 004,1 | 1 589,2 | 1 583,0 | 1 580,6 | 1 704,9 | 1 808,5 |
| Нето биланс за примарен и секундарен приход: од кој владини трансфери (во | 1) | 24,3 | 110,5 | 54,3 | 90,8 | 112,8 | 109,1 |
| **3-годишно назадување на просекот на билансот на тековната сметка во | | -3,3 | -1,8 | -1,4 | -1,8 | -2,0 | -1,3п |
| **Петгодишна промена на уделот на светскиот извоз на стоки и услуги (во%) | | : | : | : | 22,5 | 42,4 | 52,4 |
| Нето биланс (влезни-излезни) странски директни инвестиции (СДИ) (во | | 506,9 | 197,4 | 202,8 | 316,9 | 180,0 | 603,7 |
| Странски директни инвестиции (СДИ) (во милиони евра) | | -0,9 | 7,7 | 13,9 | 21,6 | 1,8 | 10,4 |
| од кои СДИ на економијата за која се известува во земјите од ЕУ-27(во | | : | 3,0 | 5,4 | 13,6 | 7,2 | 0,4 |
| Странски директни инвестиции (ФДИ) во економијата за која се известува (во | | 506,0 | 205,1 | 216,7 | 338,4 | 181,7 | 614,1 |
| од кои СДИ на земјите од ЕУ-27 во економијата за која се известува (во | | : | -25,4 | 22,4 | 162,5 | 86,0 | 290,4 |
| **Нето меѓународна инвестициска позиција, во однос на БДП (во%) | | -39,4 | -53,1 | -56,0 | -57,7 | -58,0 | -56,5 |
| Од година во година стапка на промена на бруто прилив на дознаки (во национална валута) од работниците мигранти (во%) | | 11,0 | 6,5 | 2,3 | -7,5 | 0,4 | 3,2 |

| **Јавни финансии** | Заб. | 2007 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Општ државен дефицит/суфицит, во однос на БДП (%) | | 0,6 | -4,2 | -3,5 | -2,7 | -2,7 | -1,8 |
| *** Општ државен бруто долг, во однос на БДП (во%) | | 23,5 | 38,1 | 38,1 | 39,9 | 39,4 | 40,6 |
| Вкупно државен приход, како процент од БДП (%) | | 32,1 | 27,7 | 28,8 | 28,5 | 29,1 | 28,6 |
| Вкупно државен расход, како процент од БДП (%) | | 31,5 | 31,9 | 32,3 | 31,2 | 31,8 | 30,4 |

| **Финансиски показатели** | Заб. | 2007 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бруто девизен долг на целата економија, во однос на БДП (%) | | 46,6 | 70,0 | 69,3 | 74,7 | 73,4 | 73,3п |
| Бруто-надворешен долг на целата економија, во однос на вкупниот извоз (%) | | 107,9 | 146,6 | 142,2 | 146,7 | 133,8 | 121,6 |
| Понуда на пари: М1 (банкноти, монети, депозити преку ноќ, во милиони евра) | | 798,3 | 1 433.4b | 1 694,2 | 1 867,8 | 2 053,3 | 2 436,7 |
| Понуда на пари: М2 (М1 плус депозити со ороченост до две години, во | | 2 754,1 | 3 843.1b | 4 130,8 | 4 395,9 | 4 564,2 | 5 103,4 |
| Понуда на пари: М3 (М2 плус инструменти што може да се нудат на пазарот, | | 2 898,4 | 4 593.4b | 4 936,7 | 5 240,6 | 5 480,3 | 6 072,6 |
| Вкупен кредит по монетарни финансиски институции спрема резиденти | | 2 092,6 | 4 228,8 | 4 625,9 | 4 632,0 | 4 883,0 | 5 237,6 |
| **Годишна промена на обврските на финансискиот сектор (во%) | | : | 12,6 | 5,5 | 6,9 | 1,9 | 7,6 |
| **Приватни кредитни текови, консолидирани, во однос на БДП (во%) | | : | : | : | : | : | : |
| **Приватен долг, консолидиран, во однос на БДП (во%) | | : | : | : | : | : | : |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Каматни стапки: секојдневна парична стапка, годишно (%) | 2) | 3,58 | 1,79 | 0,99 | 1,02 | 1,01 | 0,99 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Каматна стапка на кредитирање (една година), годишно (%) | 3) | 7,50 | 3,75 | 3,75 | 4,25 | 3,75 | 3,00 |
| Каматна стапка на депозити (една година), годишно (%) | 3) | : | 0,50 | 0,25 | 0,25 | 0,25 | 0,15 |
| Девизен курс на еврото: со просечен период (1 евро = … национална валута) | | 61,184 | 61,623 | 61,610 | 61,595 | 61,574 | 61,511 |
| Индекс на пондериран ефективен девизен курс, 42 земји (2005 = 100) | | : | : | : | : | : | : |
| **3-годишна промена (Т/Т-3) во пондериран индекс на ефективен девизен курс, од 42 земји (2005 = 100) | | : | : | : | : | : | : |
| Вредност на резервни средства (вклучувајќи и злато) (во милиони евра) | 3) | 1 524,4 | 2 436,5 | 2 261,8 | 2 613,4 | 2 336,3 | 2 867,1 |

| **Надворешна трговија со стоки** | Заб. | 2007 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вредност на увозот: сите стоки, сите партнери (во милиони евра) | | 3 834 | 5 505 | 5 801 | 6 177 | 6 825 | 7 676 |
| Вредност на извозот: сите стоки, сите партнери (во милиони евра) | | 2 477 | 3 747 | 4 088 | 4 390 | 5 007 | 5 872 |
| Трговски биланс: сите стоки, сите партнери (во милиони евра) | | -1 356 | -1 758 | -1 714 | -1 786 | -1 818 | -1 804 |
| Услови на трговија (ценовен индекс на извозот / ценовен индекс на увозот * | 4) | 110,3 | 96,5 | 99,5 | 95,9 | 95,0 | : |
| Удел на извозот спрема земји од ЕУ-27 во вредност од вкупниот извоз (во%) | | 67,9 | 75,1 | 76,0 | 78,8 | 79,7 | 80,3 |
| Удел на увозот од земји од ЕУ-27 во вредност од вкупниот увоз (во%) | | 50,9 | 51,2 | 52,4 | 51,3 | 52,8 | 52,9 |

| **Демографија** | Заб. | 2007 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Груба стапка на природна промена на население (природен прираст): број на раѓања минус смртни случаи (на илјада жители) | | 1,5 | 1,9 | 1,3 | 1,2 | 0,7 | 0,8 |
| Смртност на деца под една година (на 1000 живородени) | | 10,3 | 9,9 | 8,6 | 11,9 | 9,2 | 5,7 |
| Животен век при раѓање: мажи (години) | | 71,8 | 73,5 | 73,5 | 73,4 | 74,1 | 74,6 |
| Животен век при раѓање: жени (години) | | 75,9 | 77,5 | 77,4 | 77,5 | 77,9 | 78,8 |

| **Пазар на труд** | Заб. | 2007 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на стопанска активност за лица на возраст од 20 до 64 години: соодносот на населението на возраст од 20-64 години кое е работоспособно (%) | | 68,5 | 70,8 | 70,2 | 69,6 | 70,3 | 70,4 |
| *Стапка на вработеност за лица на возраст од 20-64 год.: соодносот на населението на возраст од 20-64 години кое е работоспособно (%) | | 45,0 | 51,3 | 51,9 | 53,3 | 54,8 | 56,1 |
| Стапка на вработеност на мажи на возраст од 20-64 год. (во%) | | 54,0 | 61,6 | 61,5 | 63,7 | 65,6 | 66,6 |
| Стапка на вработеност на жени на возраст од 20-64 год. (во%) | | 35,8 | 40,8 | 42,1 | 42,5 | 43,7 | 45,2 |
| *Стапка на вработеност за лица на возраст од 55-64 год.: соодносот на населението на возраст од 55-64 години кое е работоспособно (во%) | | 28,8 | 38,6 | 40,1 | 40,7 | 41,4 | 42,7 |
| Вработеност според главни сектори | | | | | | | |
| Земјоделство, шумарство и рибарство (во%) | | : | 18,5 | 17,9 | 16,6 | 16,2 | 15,7 |
| Индустрија (во%) | | : | 23,4 | 23,4 | 23,1 | 22,5 | 22,6 |
| Градежништво (во%) | | : | 7,0 | 7,1 | 7,2 | 7,2 | 7,4 |
| Услуги (во%) | | : | 51,1 | 51,6 | 53,1 | 54,1 | 54,3 |
| Лица вработени во јавниот сектор, како дел од вкупниот број на вработени, лица на возраст 20-64 год. (во%) | | : | : | : | : | : | : |
| Лица вработени во приватниот сектор, како дел од вкупниот број на вработени, лица на возраст 20-64 год. (во%) | | : | : | : | : | : | : |
| Стапка на невработеност: дел од работната сила што е невработен (во%) | | 34,9 | 28,0 | 26,1 | 23,7 | 22,4 | 20,7 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на невработеност на мажи (во%) | | 34,5 | 27,7 | 26,7 | 24,4 | 22,7 | 21,3 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на невработеност на жени (во%) | | 35,5 | 28,6 | 25,1 | 22,7 | 21,8 | 19,9 |
| Стапка на невработеност на млади: дел од работната сила на возраст од 15-24 | | 57,7 | 53,1 | 47,3 | 48,2 | 46,7 | 45,4 |
| Стапка на долгорочна невработеност: дел од работната сила што е невработен 12 месеци или повеќе (во%) | | 29,7 | 23,4 | 21,3 | 19,2 | 17,4 | 15,5 |
| Стапка на невработеност на лица (на возраст 25-64 години) со завршено најмногу ниско образование (ISCED нивоа 0-2) (во%) | | 41,2 | 31,0прек. | 30,0 | 28,8 | 25,5 | 23,1 |
| Стапка на невработеност на лица (на возраст 25-64 години) со завршено високо образование (ISCED нивоа 5-8) (во%) | | 18,7 | 19,6 | 18,9 | 17,6 | 17,1 | 16,6 |

| **Социјална кохезија** | Заб. | 2007 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Просечни номинални месечни надници и плати (во национална валута) | | 14 584 | 21 394 | 21 906 | 22 342 | 22 928 | 24 276 |
| Индекс на реални надници и плати (индекс на номинални надници и плати поделен со индексот на инфлација) (2010 = 100) | | 77,5 | 94,6 | 97,1 | 99,3 | 100,5 | 104,9 |
| ЏИНИ коефициент | | : | 35 | 34 | 34 | 32 | 32 |
| Јаз на сиромаштија | | : | 36,1 | 33,1 | 32,9 | 37,3 | 37,7 |
| *Рано напуштање на образование и обука: дел од населението на возраст 18-24 години со завршено најмногу ниско образование кои повеќе не | | 19,9 | 12,5 | 11,3п | 9,9 | 8,5 | 7,1 |

| **Животен стандард** | Заб. | 2007 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на патнички возила во однос на големината на населението (број на | | 121,8 | 179,8 | 185,5 | 190,7 | 194,5 | 200,0 |
| Број на претплати за мобилна телефонија во однос на големината на населението (број на илјада жители) | | 884,2 | : | 1 005,9 | 989,9 | 968,3 | 935,9 |
| Пенетрација на мобилен широкопојасен интернет (на 100 жители) | | : | 50,6 | 54,5 | 57,4 | 61,1 | 60,9 |
| Пенетрација на фиксен широкопојасен интернет(на 100 жители) | | : | 17,2 | 17,5 | 18,4 | 19,1 | 19,4 |

| **Инфраструктура** | Заб. | 2007 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Густина на железничка мрежа (функционални линии на илјада km²) | | 28,1 | 28,1 | 28,1 | 27,4 | 27,4 | 27,4 |
| Должина на автопати (километри) | | 221 | 259 | 259 | 259 | 259 | 287 |

| **Иновации и истражување** | Заб. | 2007 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јавни расходи на образование во однос на БДП (во%) | | : | : | : | : | : | : |
| *Бруто-домашен расход на истражување и развој, во однос на БДП (%) | | 0,17 | 0,52 | 0,44 | 0,44 | 0,35 | 0.37п |
| Одобрени средства со буџетот или расходи за истражување и развој (GBAORD), како процент од БДП (во%) | | : | : | : | : | : | : |
| Процент на домаќинства што имаат пристап до интернет дома (%) | | 16,5 | 68,3 | 69,4 | 75,3 | 73,6 | 79,3 |

| **Животна средина** | Заб. | 2007 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Индекс на емисии на стакленички гасови, што е еквивалентно на $CO_2$ (1990 = | 5) | 150,8 | 70,2 | : | : | : | : |
| Енергетски интензитет на стопанството (kg на еквивалент во нафта на 1 000 евра БДП при константни цени од 2010) | | 472,7 | 348,9 | 329,3 | 324,9 | 327,3 | 297,5 |
| Електрична енергија добиена од обновливи извори во однос на потрошувачка | | 11,2 | 15,5 | 24,9 | 27,0 | 17,1 | 26,1п |
| Патен шпедитерски транспорт (врз основа на тон-km) (во%) | | 88,4 | 94,7 | 96,0 | 96,9 | 96,4 | 97,2 |

**Енергија**

| Заб. | 2007 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примарно производство на сите енергетски производи (во илјади тони | | 1 552 | 1 331 | 1 266 | 1 111 | 1 153 | 1 133 |
| Примарно производство на мазут (во илјади TOE) | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Примарно производство на цврсти горива (во илјади TOE) | | 1 254 | 986 | 876 | 745 | 849 | 800 |
| Примарно производство на гас (во илјади TOE) | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Нето-увоз на сите енергетски производи (во илјади TOE) | | 1 461 | 1 396 | 1 395 | 1 590 | 1 553 | 1 509 |
| Бруто-потрошувачка на енергија во земјата (во илјади TOE) | | 3 100 | 2 707 | 2 656 | 2 696 | 2 750 | 2 572 |
| Бруто производство на електрична енергија (GWh) | | 6 498 | 5 374 | 5 646 | 5 630 | 5 600 | : |

| **Земјоделство** | Заб. | 2007 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Индекс на обемот на производство на земјоделски стоки и услуги (при | | 92,9 | 100,5 | 106,4 | 112,2 | 99,9 | : |
| Искористена земјоделска површина (во илјади хектари) | | 1 077,0 | 1 263,0 | 1 264,0 | 1 267,1 | 1 266 | 1 264,1 |
| Број на добиток: живи говеда (во илјади грла, крај на периодот) | | 253,8 | 242,0 | 253,4 | 254,8 | 255,0 | 256,2 |
| Број на добиток: живи свињи (во илјади грла, крај на периодот) | | 255,1 | 165,1 | 195,4 | 202,7 | 202,2 | 195,5 |
| Број на добиток: живи овци и живи кози (во илјади грла, крај на периодот) | | : | 821,7 | 821,6 | 825,0 | 832,1 | 844,4 |
| Сирово млеко на располагање на фармите (во илјади тони) | | : | 436,2 | 417,4 | 463,4 | 448,8 | 463,6 |
| Производство на ожнеани култури: жита (заедно со ориз) (во илјади тони) | | 499,0 | 629,2 | 483,8 | 640,9 | 447,7 | 598,3 |
| Производство на ожнеани култури: шеќерна репка (во илјади тони) | | 7,8 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Производство на собрани култури: зеленчук (во илјади тони) | | 562,1 | 775,8 | 844,9 | 810,0 | 769,6 | 792,9 |

**Извор: Евростат и статистичките органи во Северна Македонија**

: = недостапно
b= прекин во серијата
проц. = проценка
f = прогноза
п = провизорно
s = проценка на Евростат
u = ниска сигурност
* = индикатор Европа 2020
** = индикатор на Постапката за макроекономски дисбаланс (ПМД)
*** = Податоците за дефицитот и долгот на владите на земјите во процес на пристапување се објавени „како што се“ и без сигурност во однос на нивниот квалитет и почитување на правилата на ЕСА.

Фусноти

1) Само секундарен приход.
2) Пондериран просек. Податоците ги опфаќаат билатералните трансакции преку ноќ.
3) Крај на година (31 декември).
4) Индекс од односот на индексите на единица вредност (2015 = 100).
5) Дел од инвентарот на стакленички гасови подготвени во контекст на Третиот национален извештај на (UNFCCC).